


Нацрт Извештај за СОЖС за Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) за Општина Јегуновце, за период 2024-2030

Име на документ:	Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) за Општина Јегуновце, за период 2024-2030
Изработен од:	Милиеуконтакт Македонија Ул. Кукушка бр. 4А, 1000 Скопје info@mkm.mk www.mkm.mk
Име на документ:	Нацрт Извештај за стратегиска оцена на животната средина за Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) за Општина Јегуновце, за период 2024-2030
Изработен од:	Милиеуконтакт Македонија Ул. Кукушка бр. 4А, 1000 Скопје www.mkm.mk info@mkm.mk Александра Каракашова Сачкарска овластен експерт за СОЖС

Со цел навремено да се согледаат евентуалните влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето, како и социо-економските аспекти од реализацијата на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) за Општина Јегуновце, за период 2024-2030, согласно член 65, став 2 од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ, бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22 и 171/22), потребно е спроведување на постапка за стратегиска оцена на животната средина.


Извештајот за стратегиска оцена на животната средина е потпишан од Експерт за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина (Копија на уверение, дадено во прилог). Извештајот за стратегиска оцена на животната средина го изработи Александра Каракашова Сачкарска, дипл. инж. за животна средина.

Горенаведениот извештај за стратегиска оцена на животната средина согласно член 66, став 5, од Законот за животна средина е потпишан од лице кое е вклучено во листата на експерти за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, која ја води Министерството за животна средина и просторно планирање. Како доказ за ова, во прилог на извештајот е дадена копија на Уверение со број 12-2885/5 од 08.05.2023 год. издадена од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање.

Александра Каракашова Сачкарска

Екперт за стратегиска оцена на животната средина





РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Број: 12-2885/5
Датум: 08-05-2023 година

УВЕРЕНИЕ

за положен стручен испит за стекнување на
статус експерт за стратегиска оцена на животната средина

Александра Јован Каракашова Сачкарска родена на 22.10.1979 година во Штип, дипломирала на ден 29.12.2003 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје на Машински факултет, го положи **стручниот испит за стратегиска оцена на животната средина** на ден 18.11.2010 година, се стекна со **статус на експерт за стратегиска оцена на животната средина,** ги исполнува условите утврдени во член 23 став (3), член 72 став (1), а во врска со член 27 став (2) и (3) од измените и дополнувањето на Законот за животна средина („Службен весник на РСМ" бр. 89/22), и се стекна со правото да биде вклучена во Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина што ја води Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

Министерство за животна средина и
просторно планирање

Министер
Каја Шукова

М.П.

Содржина

1. ВОВЕД 7
2. ВОВЕД ВО СТРАТЕГИСКАТА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА 8
2.1. Цели на Стратегиската оцена на животната средина 9
2.2. Придобивки од спроведување на СОЖС 11
2.3. Правна рамка со која се регулира СОЖС постапката 12
2.4. Цел на извештајот за СОЖС и применета методологија 12
3. РЕЗИМЕ/КРАТОК ПРЕГЛЕД НА СОДРЖИНАТА НА ЛЕАПот 15
3.1. Краток преглед на содржината на ЛЕАПот 15
3.2. Главни цели на планскиот документ 16
3.3. Усогласеност на целите на ЛЕАПот со други релевантни стратешки и плански документи 17
4. РЕЛЕВАНТНИ АСПЕКТИ НА МОМЕНТАЛНАТА СОСТОЈБА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА 37
4.1. Местоположба 37
4.2. Социјално-економска основа 39
4.2.1. Демографски карактеристики 39
4.2.2. Економски и стопански развој 41
4.3. Геолошки, геоморфолошки и релјефни карактеристики 44
4.3.1. Геолошки и геоморфолошки карактеристики 44
4.3.2. Хидрологија и хидрографија 46
4.3.3. Педолошки карактеристики 49
4.3.4. Сеизмички карактеристики 50
4.4. Климатски карактеристики 50
4.5. Квалитет на воздух 51
4.6. Квалитет на вода 53
4.7. Биолошка разновидност 54
4.8. Природно наследство 54
4.9. Културно-историско наследство и археолошки локалитети 55
4.10. Материјални добра 61
4.10.1. Водоснабдување 61
4.10.2. Одведување и прочистување на отпадни води 62
4.10.3. Енергетска инфраструктура 62
4.10.4. Третман на цврстиот отпад 63
4.10.5. Сообраќајна мрежа 63
5. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ОБЛАСТИТЕ КОИ МОЖАТ ДА БИДАТ ЗНАЧИТЕЛНО ЗАСЕГНАТИ, ВО ОТСУСТВО НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЛЕАП 65
5.1 Состојби, трендови и закани врз медиумите и областите од животната средина 65
6. ОБЛАСТИ КОИ СЕ ОД ПОСЕБНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ОД АСПЕКТ НА ЗАШТИТА НА ДИВИТЕ ПТИЦИ И ХАБИТАТИТЕ 72

7. ЦЕЛИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА УТВРДЕНИ НА НАЦИОНАЛНО И МЕЃУНАРОДНО НИВО 74
7.1. Цели на Стратегиската оцена на животната средина 76
8. ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЗНАЧАЈНИ ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА 83
9. АНАЛИЗА НА АЛТЕРНАТИВИ 100
10. ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ ВРЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЛЕАП 107
11. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ 113
11.1. Заклучоци 113
11.2. Препораки 114
12. НЕТЕХНИЧКО РЕЗИМЕ 115
12.1. Вовед 115
12.2. Вовед во стратегиската оцена на животната средина (СОЖС) 115
12.3. Резиме/краток преглед на содржината на ЛЕАПот 119
12.4. Релевантни аспекти за моменталната состојба во животната средина 122
12.5. Карактеристики на животната средина во подрачјата кои би биле значително засегнати 122
12.6. Области кои се од посебно значење за животната средина, од аспект на заштита на дивите птици и хабитатите 122
12.7. Цели за заштита на животната средина утврдени на национално и меѓународно ниво 122
12.8. Идентификација на значајни влијанија врз животната средина 123
12.9. Анализа на алтернативи 123
12.10. План за мониторинг врз имплементација на мерките во ЛЕАПот 124
13. ПРИЛОЗИ 126
13.1. Одлука за неспроведување на стратегиска оцена 126
13.2. Формулар 126
13.3. Решение за спроведување на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина 126

Листа на слики

Слика 1. Местоположба на Општина Јегуновце 37
Слика 2. Релјеф на Општина Јегуновце 44
Слика 3. Локација на автоматски мониторинг станици во близина на општина Јегуновце 52
Слика 4. Патна мрежа во Полошкиот регион 64
Слика 5. Железничка мрежа во Полошкиот регион 64

Листа на табели

Табела 1. Акционен план на ЛЕАП за Општина Јегуновце 18
Табела 2. Усогласеност на целите на ЛЕАП за Општина Јегуновце со целите на други плански документи 24
Табела 3. Демографска структура на населението по возрасни групи (Извор ДЗС, попис 2021) 39
Табела 4. Број на население по населени места (Извор ДЗС, попис 2021) 40
Табела 5. Житни култури во Општина Јегуновце 2021 41
Табела 6. Земјоделски површини по категории на користење во хектари, според НТЕС 2005 41
Табела 7. Земјоделски површини по категории на користење во хектари, според НТЕС 2005 41
Табела 8. Активни деловни субјекти по сектори на дејност според НКД Рев.2, Општина Јегуновце 2021 42
Табела 9. Оцена на животната средина без имплементација на ЛЕАП 65
Табела 10. Поврзаност меѓу целите на СОЖС и целите на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) за општина Јегуновце 77
Табела 11. Мерки и акции кои може да имаат влијание врз животната средина 84
Табела 12. Преглед на влијанија предизвикани од имплементација на ЛЕАПот и мерки за намалување на влијанијата 85
Табела 13. Табела за споредба на алтернативи за донесување и спроведување на ЛЕАПот 101
Табела 14. План за мониторинг на спроведување на мерките 108

1. ВОВЕД

Локалниот акционен план за животна средина (ЛЕАП) е плански документ за заштита и унапредување на животната средина на ниво на општина, каде се идентификуваат и приоретизираат еколошките проблеми во општината и се дефинираат соодветни мерки и акции кои што треба да се спроведат за да овозможат нивно решавање со што би се постигнала интегрирана заштита на животната средина и одржлив развој на општините.

Согласно Член 60, Видови плански документи и надлежност за нивното донесување од Законот за животна средина, став 2, Составот на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, врз основа на цената на своите специфични состојби и потреби, а во согласност со Националниот акционен план за животната средина, донесуваат локални акциони планови за животната средина. ЛЕАПот се донесува за период од шест години и тековно се обновува во зависност од новонастанатите услови, а задолжително се обновуваат по истекот на рокот за кои се донесени.

Според член 22 од Законот за локална самоуправа, надлежност на општината е да ја заштити животната средина и природата и да спроведе мерки за заштита и спречување на загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучавата и нејонизирачкото зрачење. ЛЕАПот претставува плански документ во кој се анализираат еколошките проблеми во општината и се предложуваат мерки за нивно решавање со акциски план во финансиска рамка. При подготовката на ЛЕАП неопходно е да се овозможи активно вклучување на граѓаните во процесот на одлучување на приоритетни еколошки проблеми и овозможување на слободен пристап до информациите за животната средина во општината.

Општина Јегуновце во рамките на проектот: „Промовирање на одржливо управување со земјиштето, преку зајакнување на правната и институционалната рамка, градење на капацитети и обновување на најранливите планински предели“, финансиран од Глобалниот еколошки фонд (ГЕФ) преку Агенцијата за спроведување: Програма на Обединетите нации за животна средина (УНЕП) изработи Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) за Општина Јегуновце, за период 2024-2030.

Општина Јегуновце донесе одлука за неспроведување на стратегиска оцена на животната средина (арх. бр. 09-595/1 од 12.03.2025 год) и формулар (арх. бр. 11-595/1 од 12.03.2025 год), ги објави на својата веб страна Одлука за неспроведување на стратегиска оцена за Општина Јегуновце - Општина Јегуновце и Формулар ЛЕАП - Општина Јегуновце и ги достави до Министерство за животна средина и просторно планирање. (ПРИЛОГ 1 и ПРИЛОГ 2).

Врз основа на член 65, став 13 од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ, бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и Сл. Весник на РСМ, бр. 89/22 и 171/22), Министерство за животна средина и просторно планирање донесе Решение за спроведување на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина за планскиот документ Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) 2024-203о год. кој го донесува Општина Јегуновце (арх. бр. 15-1266/3 од 22.04.2025 год). Решението е објавено на веб страната на Општина Јегуновце Решение за Спроведување на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина - Општина Јегуновце и се наоѓа во листата на Прилози, ПРИЛОГ 3.

Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина за Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) за Општина Јегуновце, за период 2024-2030 година, е изработен од страна на тимот на Милиеуконтакт Македонија Скопје, предводен од Александра Каракашова Сачкарска, Експерт за стратегиска оцена на животната средина.

Овој Извештај е изработен во согласност со Уредбата за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина (Сл. Весник на РМ бр.153/07).

2. ВОВЕД ВО СТРАТЕГИСКАТА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС) е постапка која има за цел да обезбеди дека еколошките аспекти се земени предвид при изработката на планови и програми од јавен интерес, пред тие да бидат усвоени. Преку овој процес се идентификуваат потенцијалните негативни и позитивни влијанија од реализацијата на планираните содржини во планот, програмата или стратегијата врз животната средина (во случајот ЛЕАП за Општина Јегуновце), а исто така се дефинираат и мерки за спречување, намалување и ублажување на негативните влијанија врз сите елементи на животната средина.

Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС) за Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) е задолжителна постапка во согласност со Законот за животна средина. Нејзината цел е да обезбеди дека предложените активности, мерки и приоритети во ЛЕАПот нема да предизвикаат негативни влијанија врз животната средина, или дека тие влијанија ќе бидат сведени на минимум.

СОЖС постапката се спроведува во неколку чекори:

- Проверка: овој чекор има за цел да идентификува и утврди дали ЛЕАПот ќе има значителни влијанија врз животната средина и дали е потребно спроведување на СОЖС. Овој чекор предвидува изготвување на одлука и формулар за спроведување или неспроведување на СОЖС (ПРИЛОГ 1 и ПРИЛОГ 2).
- Определување на обемот: овој чекор има за цел да го определи обемот на информации и нивото на детали кои ќе бидат содржани во Извештајот за СОЖС. Овој чекор е претставен преку решението кое го изготвува Министерството за животната средина и просторно планирање (ПРИЛОГ 3).
- Изработката на Извештајот за СОЖС е главниот механизам во кој ќе бидат идентификувани значителните влијанија (негативни и позитивни) врз животната средина од имплементација на планскиот документ, како и активностите за спречување, намалување и неутрализирање на значителните негативни влијанија. Извештајот за СОЖС треба да ги содржи информациите кои се дефинирани во Уредбата за содржината на извештајот за стратегиската оцена на животната средина (Сл. Весник на РМ, бр. 153/07).
- Процес на консултации со јавност: опфаќа консултација со засегнатите страни и конкретната јавност во текот на определувањето на обемот на СОЖС, нацрт Извештајот за СОЖС и ставање на јавен увид. Овој чекор подразбира и изработка на План за вклучување на засегнатите страни во процесот. Начинот на учество на јавноста во овој процес е точно пропишан во Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина (Сл. Весник на РМ, бр. 147/08).

- Прифаќање/одобрување: овој чекор дава информации за одобрениот плански документ, односно колку од коментарите добиени во текот на консултациите биле земени предвид и методите за мониторинг на значителните влијанија од имплементацијата на планскиот документ.
- Мониторинг: овој чекор опфаќа следење на имплементацијата на активностите, можните влијанија врз животната средина и социјалните аспекти во рана фаза за да им се овозможи на одговорните органи да преземат мерки за подобрување во текот на имплементацијата на планските документи.

2.1. Цели на Стратегиската оцена на животната средина

Целите на Стратегиската оцена на животната средина (СОЖС) се насочени кон интегрирање на заштитата на животната средина во процесот на планирање и донесување, односно одлучување за политики, планови и програми, особено оние кои може да имаат значително влијание врз животната средина.

Главни цели на СОЖС се:

- Превенција на негативни влијанија врз животната средина
  - Навремено идентификување и спречување на потенцијални штетни ефекти пред да се реализираат плановите или програмите. Ова подразбира анализирање на тоа како мерките, односно акциите предвидени во сите 5 тематски групи (Воздух, енергетска ефикасност и климатски промени; Вода и водни ресурси; Почва, користење на земјиште и урбан развој; Отпад и управување со отпад; Природа, природни реткости и екосистемски услуги)
- Интеграција на животната средина во процесот на планирање
  - Вклучување на еколошките аспекти уште во најраните фази на изработка на стратегии, планови и програми. Ова подразбира предвидување на соодвенти мерки за спречување на негативните влијанија од реализирање на мерките и акциите кои се предвидени за секоја од тематските групи.
- Поддршка на одржлив развој
  - Осигурување дека развојните политики се во согласност со принципите на економска, еколошка и социјална одржливост. ЛЕАПот како плански документ на локално ниво, сам по себе промовира акции и мерки насочени кон оржлив развој и одржливо управување со природните ресурси.
- Подобрување на транспарентноста и вклучувањето на јавноста
  - Обезбедување јавна консултација и учество на засегнатите страни во процесот на донесување одлука за одреден плански документ. СОЖС постапката обезбедува вклучување на јавноста во процесот, и тоа: преку давање мислење по однос на објавените одлука и формулар, по објавеното решение и по Нацрт Извештајот за СОЖС, кој се става на увид на јавноста во рок од 30 дена, во кој рок јавноста може да даде мислења и коментари, а во тој период се организира и јавна расправа.
- Поддршка во процесот на правилно одлучување
  - Обезбедување објективни информации и анализи за влијанијата врз животната средина, за да им се помогне на носителите на одлуки да изберат најодржлива опција. Информации, истражувања и анализи од страна на засегнатата јавност може

да се достават до носителите на одлуките (МЖСПП, Општина Јегуновце) по писмен или усмен пат за време на периодот на консултации.

- Идентификација и проценка на алтернативи

- Разгледување различни алтернативи и нивните потенцијални влијанија, со цел избор на најповолно решение. Кај стратешките оцени на планови, програми, стратегии, обично се разгледуваат алтернатива без имплементација на планскиот документ и алтернатива или алтернативи со имплементација на планскиот документ. Се утврдува во кој случај има помалку негативни влијанија врз животната средина, а поголем ефект врз социјалните аспекти.

- Промовирање на квалитетна животна средина

- Придонесување кон заштита на природните ресурси, биодиверзитетот, квалитетот на воздухот, водата и почвата. Самата постапка се спроведува така што уште во процесот на планирање и донесување, односно одлучување за политики, планови и програми се идентификуваат потенцијалните влијанија и се предложуваат мерки за нивно спречување или намалување.

- Обезбедување правна усогласеност

- Исполнување на обврските според националното законодавство и меѓународните обврски (како што е ЕУ Директивата 2001/42/ЕС). Постапката за спроведување стратегиска оцена на животната средина е дефинирана во поглавје X од Законот за животната средина и и Директивата 2001/42/ЕС.

Специфичните цели на стратегиската оцена на животната средина се дефинирани согласно националната и меѓународна легислатива и се прикажани преку статусот на биолошката разновидност, населението, здравјето на луѓето, материјалните добра, културното наследство и пределот.

Специфични цели на СОЖС, а во контекст на ЛЕАП ги издвојуваме:

- Идентификација и анализа на потенцијалните влијанија врз животната средина

- Да се обезбеди рана проценка на можните негативни и позитивни влијанија од спроведување на мерките и акциите предвидени во ЛЕАПот врз биодиверзитетот, водите, воздухот, почвата, здравјето на населението и сл.

- Интегрирање на еколошките критериуми во фазата на планирање

- Да се обезбеди дека одлуките за усвојување на одредени планови, стратегии и програми се донесуваат врз основа на интегрирани информации за заштита на животната средина, човековото здравје и социјалните аспекти, со цел да се минимизираат долгорочните ризици и трошоци.

- Обезбедување на усогласеност со релевантната национална и европска еколошка регулатива

- Да се обезбеди усогласување со законските обврски согласно Законот за животна средина (поглавје X), подзаконските акти, директивите на ЕУ и Архуската Конвенција.

- Разгледување на алтернативи за минимизирање на негативните влијанија

- Да се идентификуваат и анализираат алтернативни решенија во контекст на мерките и проектите што ќе имаат помало влијание врз животната средина и здравјето на луѓето или ќе ја унапредат животната средина.

➢ Зголемување на транспарентноста и вклученост на јавноста

- Да се овозможи навремено информирање и учество на јавноста и засегнатите страни во процесот на донесување одлуки преку овозможување пристап до потребните документи, консултации, јавни расправи и сл.

➢ Обезбедување на основа за мониторинг и контрола на имплементацијата

- Да се воспостави јасен преглед на индикатори и механизми за следење на спроведувањето на мерките и акциите предвидени во ЛЕАПот, за да се процени ефикасноста и влијанието врз животната средина и здравјето на луѓето.

2.2. Придобивки од спроведување на СОЖС

Придобивките од спроведување на стратегиската оцена на животната средина се:

➢ Подобра заштита на животната средина

- СОЖС постапката овозможува навремено препознавање на потенцијалните негативни влијанија од политиките, плановите и програмите.
- Можно е подобрување и унапредување на планските документи пред нивната имплементација.

➢ Интегрирање на еколошките аспекти во стратешкото планирање

- Дава можност доносителите на одлуки да ги вклучат животната средина и одржливиот развој како стратешки приоритети во нивното планирање.

➢ Намалување на ризиците и штетите

- Превентивно делување (промена во основниот дизајн на проектите или активностите во фаза на планирање) ќе осигура пониски трошоци за санација, заштита или компензација подоцна.
- Се намалува ризикот од правни и еколошки конфликти.

➢ Јавна транспарентност и доверба

- СОЖС постапката овозможува консултации со јавноста, што придонесува кон: поголема вклученост на граѓаните, подобро информирање на населението, зголемување на довербата во институциите.

➢ Подобрување на квалитетот на живот

- Преку препораките кои ќе се добијат преку СОЖС постапката се поддржуваат проекти што ја подобруваат животната средина, здравјето и безбедноста на населението, а создаваат почиста и поодржлива заедница.

➢ Систематски пристап и долгорочна визија

- СОЖС ја подобрува меѓусекторската координација (животна средина, урбанизам, транспорт, енергетика, земјоделие и шумарство и др).
- Овозможува посеопфатни и базирани на релевантни информации стратешки одлуки.

2.3. Правна рамка со која се регулира СОЖС постапката

Постапката за спроведување стратегиска оцена на животната средина е дефинирана во поглавје X од Законот за животната средина, при што стратегиска оцена се спроведува на плански документи кои се подготвуваат во областа на земјоделството, шумарството, рибарство, енергетика, индустрија, рударство, транспорт, регионалниот развој, телекомуникациите, управувањето со отпадот, управувањето со водите, туризмот, просторно и урбанистичко планирање и користење на земјиштето, за националниот акционен план за животната средина и локалните акциони планови за животната средина, како и врз сите стратегиски, плански и програмски документи со кои се планира изведување на проекти за кои се врши оцена на влијанието врз животната средина.

Подзаконски акти кои ја регулираат постапката за СОЖС се:

- Уредба за стратегиите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето (Сл. Весник на РМ, бр. 153/07 и 45/11);
- Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето (Сл. Весник на РМ, бр. 144/07);
- Уредба за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина (Сл. Весник на РМ, бр. 153/07);
- Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина (Сл. Весник на РМ, бр. 147/08 и 45/11);
- Правилник за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена (Сл. Весник на РМ, бр.122/11).

При подготовка на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина, земена е предвид и Директивата 2001/42/ЕС за оцена на влијанијата на одредени планови и програми врз животната средина, која е транспонирана во националното законодавство.

2.4. Цел на извештајот за СОЖС и применета методологија

Согласно член 3, точка 14, Национален акционен план за животната средина и на локалните акциони планови за животната средина од Уредбата за стратегии, планови и програми, вклучувајќи ги нивните промени, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето, Локалниот еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Јегуновце за период 2024-2030, е документ за кој задолжително се врши стратегиска оцена на животната средина.

Извештајот за СОЖС е изготвен врз основа на:

- Законот за животна средина (чл. 65-70)
- Директива 2001/42/ЕС на ЕУ за оценка на влијанијата врз животната средина од реализирање на стратегии, планови и програми

- Архуска конвенција за учество на јавноста во процесот на донесување на одлуки за прашања поврзани со животната средина

Извештајот е изработен во согласност со Уредбата за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина (Сл. Весник на РМ, бр. 153/07) и ги содржи следните информации:

- резиме/краток преглед на содржината, главните цели на планскиот документ и врската со другите релевантни планови и програми/плански документи;
- релевантни аспекти на моменталната состојба на животната средина и што најверојатно би се случило доколку не дојде до имплементација на планскиот документ/најверојатната еволуција без имплементација на планот или програмата;
- карактеристики на животната средина во областите кои би биле значително засегнати;
- други проблеми кои се релевантни за планскиот документ, вклучувајќи ги посебно оние кои се појавиле во некоја од областите кои се од посебно значење за животната средина, а особено од аспект на заштита на дивите птици и хабитатите;
- целите на заштитата на животната средина, одредени на национално или меѓународно ниво, кои се релевантни за планскиот документ и начинот на кој овие цели и сите аспекти на животната средина се земени во предвид за време на нивните подготовки;
- веројатните значајни влијанија врз животната средина во целина, вклучително и врз биодиверзитетот, населението, човечкото здравје, фауната, флората, почвата, водата, воздухот, климатските фактори, материјалните придобивки, културното наследство кое вклучува архитектонско и археолошко наследство, пејзажот и меѓусебната поврзаност на овие фактори. Овие влијанија вклучуваат секундарни, кумулативни, синергистички, краткорочни, со средно и долгорочни, трајни и привремени позитивни и негативни ефекти;
- мерките предвидени за заштита, намалување и неутрализирање во најголема можна мерка на сите значајни негативни влијанија врз животната средина од имплементацијата на планскиот документ;
- резиме/краток преглед на причините за изборот на алтернативите, и опис за тоа како е направена проценката, вклучувајќи ги сите потешкотии (како што се техничките недостатоци или недостигот на know-how) до кои се дошло при собирањето на потребните информации;
- опис на предвидените мерки кои се однесуваат на мониторингот во согласност со законските обврски;
- не-техничко резиме на информациите дадени во согласност со барањата наведени во сите горенаведени точки

Целта на Извештајот на Стратешката оцена на животната средина (СОЖС) е да се обезбеди систематска анализа на потенцијалните влијанија врз животната средина од реализацијата на Локалниот еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Јегуновце (2024-2030). Преку оваа анализа се овозможува интегрирање на еколошките аспекти уште во раните фази на планирање, со што се:

- препознаваат ризиците и негативните влијанија;
- предлагаат алтернативи или мерки за ублажување;
- зголемува информираноста и учеството на јавноста;
- обезбедува усогласеност со националната и европската регулатива.

На овој начин, СОЖС придонесува за одржлив развој, транспарентност и подобро управување со животната средина.

Методологијата која се користеше при подготовка на Извештајот за СОЖС се базира на спроведување на истражувања, проценки и аналитички пристап кој се состоеше од неколку чекори:

- ➢ Преглед и анализа на ЛЕАПот за Општина Јегуновце;
- Анализа на сите предложени мерки, цели и активности во ЛЕАПот за Општина Јегуновце.
- ➢ Идентификација на релевантни компоненти на животната средина;
- Воздух, вода, почва, биодиверзитет, климатски промени, културно наследство, човеково здравје.
- ➢ Проценка на можните влијанија
- Квантитативна и квалитативна анализа на: краткорочни и долгорочни ефекти; директни, индиректни и кумулативни влијанија.
- ➢ Алтернативи и мерки за ублажување
- Предложени се алтернативи и корективни мерки за мерките што имаат потенцијално негативни влијанија.
- ➢ Усогласеност со планови и регулативи
- Проверка на усогласеноста со национални стратегии, просторни планови и ЕУ-Директиви.
- ➢ Вклучување на јавноста и институциите
- Преку одржување на јавна расправа и консултации; средби со засегнати страни и сл.
- ➢ Изработка на извештајот за СОЖС
- Нацрт Извештајот ги содржи следните точки: опис на ЛЕАПот, проценки на влијанија, мерки, алтернативи, заклучоци и препораки и план за мониторинг.
- Изготвување на извештај од консултации со јавноста, со записник од одржаната јавна расправа, листа на заинтересирани страни кои дале коментари, како и листа на одговори и негово споделување на веб страницата на органот кој го изготвува планскиот документ;
- Финализирање на Извештајот за СОЖС со вклучување на коментарите од засегнатата јавност.

3. РЕЗИМЕ/КРАТОК ПРЕГЛЕД НА СОДРЖИНАТА НА ЛЕАПот

3.1. Краток преглед на содржината на ЛЕАПот

Локалниот акционен план за животна средина за Општина Јегуновце е изработен согласно процесот и постапката наведена во Националната Методологија за подготовка на ЛЕАПи, а усвоена од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање.

Локалниот акционен план за животна средина (ЛЕАП) е плански документ за заштита и унапредување на животната средина на ниво на општина, каде се идентификуваат и приоретизираат еколошките проблеми во општината и се дефинираат соодветни мерки и акции кои што треба да се спроведат за да овозможат нивно решавање со што би се постигнала интегрирана заштита на животната средина и одржлив развој на општините.

Првото поглавје на ЛЕАПот го обработува процесот на изработка, каде се објаснети целите, правната основа и законските обврски, методологија за изработка на ЛЕАП, организациска структура и информирање и вклучување на јавноста.

Следното поглавје дава преглед на природно-географските и социо-економските карактеристики на општина Јегуновце, односно географска положба; рељеф, геолошки и педолошки карактеристики; хидрографски карактеристики; биодиверзитет и природно наследство; климатски карактеристики; демографски карактеристики; економски и стопански карактеристики; водоводна инфраструктура; сообраќајна инфраструктура; социјала, образование, спорт и култура; археолошки локалитети и урбанистичко планирање.

Проценатa на состојбата на животната средина во Општина Јегуновце е направена според DPSIR методологијата и е направена за секоја од тематските групи: Воздух, енергетска ефикасност и климатски промени; Вода и водни ресурси; Почва, користење на земјиште и урбан развој; Управување со отпад; Природа и природни реткости; Природни катастрофи. За секоја од тематските области даден е преглед на изворите на загадување, квалитетот на медиумот, идентификација на проблемите и мониторинг на медиумот.

Во следното поглавје преку алатката SWOT анализа (јаки и слаби страни, можности и закани) која е направена за секоја од тематските групи: Воздух, енергетска ефикасност и климатски промени; Вода и водни ресурси; Почва, користење на земјиште и урбан развој; Управување со отпад; Природа и природни реткости; Природни катастрофи и утврдени се стратешките приоритети и мерките за заштита на животната средина.

Во петтото поглавје од ЛЕАПот за Општина Јегуновце е акциониот план за заштита на животната средина за секоја од тематските групи: Воздух, енергетска ефикасност и климатски промени; Вода и водни ресурси; Почва, користење на земјиште и урбан развој; Управување со отпад; Природа и природни реткости; Природни катастрофи.

Последното поглавје содржи мониторинг план за мерките и акциите предложени во рамки на секоја тематска група: Воздух, енергетска ефикасност и климатски промени; Вода и водни ресурси; Почва, користење на земјиште и урбан развој; Управување со отпад; Природа и природни реткости; Природни катастрофи.

3.2. Главни цели на планскиот документ

Главна цел на Локалниот акционен план за животна средина е заштита и унапредување на животната средина преку решавање на актуелните еколошки проблеми на територијата на општина Јегуновце.

За постигнување на оваа цел, потребно е да се реализираат следните чекори:

- Проценување на моменталната состојба преку идентификација и приоретизација на проблемите во животната средина,
- Дефинирање на мерки за заштита на животната средина преку изработка и реализирање на проекти за решавање на актуелните еколошки проблеми во општината (листа на планирани проекти кои општината планира да ги спроведе),
- Зголемување на јавната свест за состојбата на животната средина во која што живеат и придобивките од заштита и унапредување на животната средина,
- Вклучување на интересите на засегнатото локално население во донесувањето на општинските акциони планови за заштита на животната средина, зошто учеството на јавноста се гледа како право на поединецот и обврска на надлежниот орган.

Локалните акциони планови за животната средина, врз основа на оцената за степенот на загаденоста на животната средина во општината, содржат краткорочни, среднорочни и долгорочни мерки и активности, од интерес и во надлежност на општината, за заштита на животната средина и здравјето на луѓето, а особено за:

- Заштита на воздухот од загадување и за подобрување на квалитетот на воздухот;
- Снабдување со квалитетна вода за пиење во доволни количини;
- Заштита на водите од загадување, пречистување на отпадните води, прогресивно намалување на штетните испуштања и постепено елиминирање на емисиите на опасни супстанции во водите и за ублажување на последиците од штетното дејство на водите и од недостигот на вода;
- Интегрирано управување со отпад;
- Заштита од бучава и вибрации настанати како резултат на стопанските и на другите дејности и активности;
- Одржлив урбан развој и просторно планирање;
- Подобрување и развој на локалниот јавен транспорт и сообраќајот на подрачјето;
- Зголемување на енергетската ефикасност и искористување на обновливи извори на енергија;
- Развој на еколошко-културниот туризам и неговото влијание врз животната средина;
- Заштита на биодиверзитетот;
- Одржливо управување и користење на природните богатства;
- Подигање на јавната свест и развој на образованието за заштита и унапредување на животната средина;
- Управување со последиците од економскиот развој врз животната средина и

- Зајакнување на капацитетите на надлежните субјекти за спроведување на одделните елементи на планот.

Во рамки на процесот за изготвување на ЛЕАП за општина Јегуновце, беше спроведено испитување на јавното мислење, односно беше спроведена анкета (во печатена форма и по електронски пат) за локалното население од различни возрасни групи. Според анкетата, најгорливи еколошки проблеми се:

1. Ниско ниво на свест кај јавноста (населението) и институциите за зачувување на животната средина и природата;
2. Ниска еколошка свест за фрлање на отпад;
3. Неприменување на законската регулатива поради недоволен број на инспектори и стручни лица;
4. Создавање на диви депонии, немање доволен број контејнери/канти за собирање и селектирање на отпад во населените места;
5. Немање капацитет за следење на современи системи за справување со загадувањето;
6. Немање соодветно место за депонирање на отпадот (лоша состојба со општинската депонија);
7. Спалување на отпад на отворени локации;
8. Недостаток на финансиски средства од страна на општината за спречување и контрола на загадувањето;
9. Недоволен мониторинг на состојбата со животната средина;
10. Мала ангажираност на Јавното комунално претпријатие;
11. Мал процент на користење на обновливи извори (соларна енергија, биомаса, енергија на ветер, биогас) во однос на останатите извори на енергија (фосилни горива);

Акциониот план на ЛЕАП за Општина Јегуновце е развиен во согласност со Националната Методологија за подготовка на ЛЕАП, така што за секоја тематска област се идентификувани по неколку проблеми, соодветно развиени се приоритети и мерки и акции за нивно реализирање. Во табела бр. 1, е направен преглед на мерките и активностите насочени кон решавање на идентификуваните проблеми во секоја од тематските области.

3.3. Усогласеност на целите на ЛЕАПот со други релевантни стратешки и плански документи

Со цел да се утврди дали целите на Локалниот еколошки акционен план (ЛЕАП) за општина Јегуновце се поврзани со целите на веќе донесените стратешки и плански документи на национално, регионално и локално ниво и како тие ќе придонесат за постигнување на целите на овие документи, направен е табеларен преглед претставен во табела бр. 2, дадена подолу.

Табела 1. Акционен план на ЛЕАП за Општина Јегуновце

Тематска област	Проблем:	Приоритет	Мерки	Акции
ВОЗДУХ, ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ И КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ	Загадување на воздухот од мобилни и стационарни извори (домаќинства и транспортни средства)	Намалување и контрола на емисијата на загадувачки супстанции во воздухот	Воспоставување на локална мрежа за мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух	Набавка и поставување на нова мониторинг станица за следење на квалитетот на амбиентниот воздух во општината
			Воспоставување контрола над емисиите на загадувачки супстанции во воздухот со помош на мониторинг и процедури согласно законската регулатива	Склучување на договори за меѓуопштинска соработка за инспекциски служби
				Зајакнување на капацитетите на општината - обука на кадар за издавање на мислења и оценки за елаборати и Б - ИСКЗ дозволи
				Издавање на мислење за елаборати и Извештаи за СОЖС за индустриски и деловни објекти, со предлог мерки за намалување и ограничување на емисиите на загадувачки супстанции во воздухот
			Подигање на јавната свест за заштита на воздухот од загадување	Организирање на кампања за подигање на јавната свест
				Информирање на јавноста за актуелната состојба со загаденост на воздухот и мерките кои се превземаат
	Недоволно искористување на обновливи извори на енергија	Воведување на енергетска ефикасност и искористување на обновливи извори на енергија	Воведување на систем за следење на состојбата со загадување особено во грејна сезона и одржливо управување со енергетските ресурси	Мерење на загаденоста на водзухот на неколку мерни места
				Изработка на програма за енергетска ефикасност со мерки базирани на резултатите од мерењата на воздухот
			Воведување на енергетски-ефикасни мерки	Реконструкција на фасади и кровови на јавни објекти
				Замена на енергетските котли од мазут, нафта, јаглен или дрво на електрична енергија или обновливи извори на енергија (сончеви колектори)
			Зголемено искористување на обновливи извори на енергија	Поставување на соларни колектори и фотоволтаици на јавни објекти
				Субвенции на локалните жители за поставување на соларни колектори

ВОДА И ВОДНИ РЕСУРСИ	Нефункционалност на системот за водоснабдување на целата територија на општината	Обезбедување на доволни количини на исправна вода за пиење во сите населени места	Реконструкција и доизградба на системи за водоснабдување во општината	Изработка на техничка документација
				Реконструкција, доизградба и поврзување на сите населени места со водоснабдителен систем
				Испитување на квалитетот на водата за пиење од здравствен аспект
			Зајакнување на капацитетите на ОЈП Јегуновце	Воведување на систем за следење, контрола и наплата на водата за пиење во сите населени места
			Подигање на јавната свест за рационална употреба на водата за пиење	Организирање на кампања за подигање на јавната свест
			Реконструкција и доизградба на канализационен систем (фекална и атмосферска канализација)	Печатење на едукативен материјал
	Непостоење на канализационен систем и пречистителна станица за отпадни води	Одведување и пречистување на отпадните води во општината		Изработка на техничка документација
				Реконструкција и доизградба на канализационен систем на територијата на општината
			Поврзување на планираната ПСОВ за Тетово и доизградба на колекторски систем	Доизградба на колекторски систем и потребната инфраструктура за приклучување кон ПСОВ за Тетово
				Организирање на кампања за локалното население за важноста за третманот на отпадни води
	Нерегулирани речни корита на реките и порои, зачестена појави на поплави	Регулирани речни корита, порои и спречување на ероизија и поплави	Управување со ерозивни подрачја	Изработка на План за управување со ерозивни подрачја
				Изработка на проекти и техничка документација за заштита од ерозија
				Спроведување на проекти за заштита од ерозија
				Спроведување на акција за пошумување на ерозивни подрачја
			Регулирање на речни корита	Изработка на План за заштита од поплави
				Изработка на проекти и техничка документација за уредување на речните корита
				Изградба и уредување на речни корита

				Контрола на експлоатацијата на чакал и спроведување на соодветни мерки за сторителите
ПОЧВА, КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ И УРБАН РАЗВОЈ	Загадување на почвата поради некотролирана примена на агрохемикалии	Заштита на почвата и земјоделското земјиште	Контролирана примена на агрохемикалиите во земјоделството	Поставување на одговорно лице во општината за следење на состојбата и координирање со ресорните Министерства
				Изработка на анализа за употреба на агрохемикалии (видови и количини)
			Производство на здравствено безбедна храна	Изработка на пристапна брошура за апликација на агрохемикалиите
				Изработка на студија за промовирање и можности за органско производство на ниво на општината
				Обука и едукација на земјоделски производители за органско производство
			Одржливо управување со земјоделското земјиште и употреба на добри земјоделски практики	Изработка на програма за едукација на земјоделските здруженија и земјоделците за добри земјоделски практики
				Катастарско дефинирање на класите за земјиштето (во соработка со надлежни органи и ресорните министерства)
				Редовна контрола на земјишето (анализи и испитувања)
	Узурпација на земјиште и неконтролирана изградба на објекти	Контролиран урбан развој	Утврдување на приоритетни ДУПови и УП за село, нивно вградување, во програмите за уредување на градежно земјиште и просторно планирање	Изработка на планска документација (ДУП, УП за села, УП надвор од населено место) на цела територија на општината
				Донесување на плановите од страна на Советот на општината
				Воспоставување на редовна контрола и спроведување на мерки за правилно имплементирање на плановите
			Засилена контрола на инспекциски служби во однос на изградба на диво градби и непочитување на урбанистичката планска документација	Воспоставување на редовна инспекциска контрола
				Информирање на јавноста за почитување на законската регулатива
			Примена на зелени урбани решенија	Поставување на зелени кровови и фасади
				Креирање на градини на места на диви депонии и организација на просторот

ОТПАД И УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД	Создавање на диви депонии, немање доволен број контејнери/канти за собирање и селектирање на отпад во населените места	Намалување на бројот на диви депонии	Затворање на дивите депонии и уредување на локациите	Изработка на техничка документација за затворање на дивите депонии и ревитализација на локациите
				Реализација на работите согласно техничката документација
			Воспоставување на мониторинг и инспекција од страна на комуналните инспектори	Изработка на план за редовен и вонреден мониторинг
				Обезбедување на технички средства (опрема и возило) за мониторинг
				Редовна инспекција – овластен инспектор (комунален и инспектор за животна средина)
			Подигање на јавната свест за затворање на диви депонии	Спроведување на кампања за подигање на јавната свест
				Промовирање на едукативен материјал, информативни табли и сл
	Недоволна покриеност на територијата на општината со комунална услуга	Правилно управување со комуналниот и други отпад	Зајакнување на капацитетот на локалното комунално претпријатие за собирање на отпадот во сите руралните делови на општината	Техничка опременост на комуналното претпријатие (возила за собирање на отпад, машини за метење итн)
				Обуки за вработените за правилно управување со комуналниот отпад
			Формирање депонија за инертен отпад на територија на општината	Избор на локација
				Изработка на техничка документација (студија за ОВЖС)
				Воспоставување, уредување на локацијата и нејзино одржување
	Непостоење на организиран систем за сепарирање, рециклирање и реупотреба на отпад	Воспоставен систем за селектирање, рециклирање и реупотреба на отпад	Спроведување на јавна кампања за потребата од рециклирање	Подготвување на работен план за подигање на јавната свест за потребата од рециклирање
				Изработка на брошура за рециклабилните материи и нивната вредност како секундарни суровини
			Изработка и реализирање на пилот проекти за циркуларна економија на локално ниво	Проценка на генерирани видови отпад, тренд на генерирање и нивна реупотреба
				Избор на рециклабилна материја за која постојат реални технички решенија за одвоено собирање и третман

				Дефинирање на проектна задача и техничка документација, решение, Студија за ОВЖС
				Реализација на пилот проект (во соработка со преработувачите или постапувачите со отпадот)
			Изработка на техничка документација и обезбедување на средства за изработка на локална компостара	Анализа на можностите за изградба на локална компостара
				Изработка на студија и останата потребна техничка документација, Студија за ОВЖС
				Едукација на населението за придобивките од компостирање и добивање копост
				Изградба на компостара
ПРИРОДА, ПРИРОДНИ РЕТКОСТИ И ЕКОСИСТЕМСКИ УСЛУГИ	Недоволна застапеност на аспектите на заштита на природата и биодиверзитетот во останатите сектори	Воспоставување на интегрален систем за заштита на природата и биодиверзитетот	Воспоставување на база на податоци за состојбата со природата и биодиверзитетот	Формирање на база на податоци
				Изработка на студија за состојба на природата и биодиверзитетот во општината
			Интегрирање на аспектите на природата и биодиверзитетот во процесот на изработка на планови и програми на ниво на општината	Изработка на урбанистички документи со интегрирани аспекти на природата и биодиверзитетот
				Валоризација и ревалоризација на заштитени подрачја
				Идентификување на потенцијални области и изработка на планови за управување со заштитени области
			Воспоставување на мониторинг на состојбата со природата и биодиверзитетот	Утврдување на параметри и индикатори за следење на состојбата на природата и биодиверзитетот
				Воспоставување контрола на собирање на диви растенија и животни
			Подигање на јавната свест за зачувување на природните ресурси	Спроведување на кампања за подигање на јавната свест
				Промовирање на едукативен материјал
	Деградирање на шумите, неодржливо и незаконско управување	Одржливо управување со шумскиот фонд во општината	Одржливо управување со шумските ресурси	Изработка на проект за анализа и проценка на состојбата со деградацијата на шумите
				Едукација на населението за значењето на шумите и потребата од нивна заштита

				Дефинирање на локалитети за пошумување
				Организирање на активности за пошумување на ерозивни подрачја со автохтони видови
				Превземање на мерки за спречување на бесправната сеча
				Јавна кампања за подигање на свеста за заштита на шумите од пожари
			Формирање на доброволно против-пожарно друштво	Одлука за формирање на доброволно против пожарно друштво
				Формирање и зајакнување на капацитите на друштвото обука и опремување на членовите на друштвото

Табела 2. Усогласеност на целите на ЛЕАП за Општина Јегуновце со целите на други плански документи

Стратешки/плански документи на локално, регионално и национално ниво	Цели на документот	Поврзаност на целите на ЛЕАП за Општина Јегуновце
Стратешки/плански документи на национално ниво		
Просторен план на Република Македонија (2002-2020) [1]	Стратегиски цели на Просторниот план на РМ (2004–2020) 1. Функционална интеграција на просторот • Остварување на повисоко ниво на интеграција низ територијата на државата, преку поврзување на инфраструктурни, економски и социјални системи, како и со соседните европски земји 2. Намалување на регионални нерамноправности • Рамномерно унапредување на социјално-економските структури, особено во поразвиените региони, преку финансирање и развојни стимули 3. Рационално и одржливо користење на природните ресурси • Заштита и одржливо управување со природни ресурси: земјоделско земјиште, шуми, минерали, води и енергија 4. Интеграција на инфраструктурни системи • Развивање и координација на транспортни, енергетски и водоснабдителни мрежи со цел унапредување на регионалната поврзаност и функционалност 5. Заштита и хуманизација на животната средина • Воспоставување мерки за унапредување на квалитетот на воздух, вода, почва и природни екосистеми, вклучувајќи спречување на катастрофи и заштита на културното наследство 6. Координација на планското ниво и јавен интерес • Обезбедување усогласен и законски регулиран процес помеѓу државните, регионалните и општинските просторни и урбанистички планови, преку транспарентен и демократски процес со јавноста 7. Долгорочно планирање и флексибилност	Целите на ЛЕАП за Општина Јегуновце се во согласност со Просторниот план на Р. Македонија. Во акциониот план во сите тематскси области се предвидени мерки и акции и нивната реализација ќе придонесе кон остварување на стратегиските цели: • Заштита и одржливо управување со природни ресурси: земјоделско земјиште, шуми, минерали, води и енергија • Воспоставување мерки за унапредување на квалитетот на воздух, вода, почва и природни екосистеми, вклучувајќи спречување на катастрофи и заштита на културното наследство

[1] Во отсуство на важечки Просторен план на Република Македонија е консултиран наведениот ПП

	• Унапредување на просторната политика со временска хоризонтална ориентација до 2020 година, и со адаптивен механизам за измена при појава на нови просторно-структурни потреби и услови	
Национална стратегија за заштита на природата, 2017-2027	Цели на стратегијата за заштита на природата: • Зајакнување и унапредување на системот на заштитени подрачја, • Зајакнување на институционалните капацитети за заштита на природата на централно и локално ниво, • Воспоставување и развој на еколошки мрежи за ефективна заштита и управување со природното наследство, • Постигнување на интегрирана заштита на природата преку промовирање на холистички пристап во заштитата на биолошката и пределската разновидност; • Заштита и мониторинг на биолошката и пределската разновидност. • Намалување на директните и индиректните притисоци врз биолошката разновидност; • Подобрување на статусот на биолошката разновидност преку зачувување на екосистемите, видовите и генетската разновидност заради зголемување на придобивките од биолошката разновидност и екосистемските услуги	Целите на ЛЕАП за Општина Јегуновце се во согласност со главните цели на оваа Стратегија. Во акциониот план во тематска област: Природа, природни реткости и екосистемски услуги, предвидени се мерки и акции кои се насочени кон: воспоставување на интегрален систем за заштита на природата и биодиверзитетот (Воспоставување на база на податоци за состојбата со природата и биодиверзитетот; Интегрирање на аспектите на природата и биодиверзитетот во процесот на изработка на планови и програми на ниво на општината; Воспоставување на мониторинг на состојбата со природата и биодиверзитетот) и одржливо управување со шумскиот фонд во општината (Одржливо управување со шумските ресурси, Формирање на доброволно против-пожарно друштво)
Стратегија за биолошка разновидност со акционен план (2018- 2023)[2]	Оваа Стратегија ги објаснува целите и задачите на заштитата на биолошката разновидност и го дефинира интегрираниот пристап во заштитата и одржливото користење на компонентите на биолошката разновидност.	Целите на ЛЕАП за Општина Јегуновце се во согласност со главните цели на оваа Стратегија, бидејќи се насочени кон заштита и зачувување на болошката разновидоност на живеалиштата и видовите, преку воспоставување на мониторинг и активности за заштита и конзервација на видови и живеалишта.
Национална Стратегија за води (2011-2041)	Главна цел на Стратегијата е спречување на загадувањето на водата и зачувување на водата во добра состојба: • Заштита на луѓето и материјалните добра од штетните ефекти на водата; • Да се постигне и да се зачува добар статус на водата на површинските и подземните водни тела; • Заштита на водата и екосистемите зависни од вода;	Целите на ЛЕАП за Општина Јегуновце се во согласност со главните цели на оваа Стратегија. Во акциониот план во тематска област: Вода и водни ресурси, предвидени се мерки и акции кои се насочени кон: Обезбедување на доволни количини на исправна вода за пиење во сите населени места (Реконструкција и доизградба на системи за водоснабдување во

[2] Во отсуство на важечка Стратегија за биолошка разновидност е консултирана наведената

	• Усогласување на мерките на управување со водите со корисниците на просторот од другите сектори; • Одржливо управување со водите со рационално и одржливо користење на водните ресурси.	општината, Зајакнување на капацитетите на ОЈП Јегуновце, Подигање на јавната свест за рационална употреба на водата за пиење), Одведување и пречистување на отпадните води во општината (Реконструкција и доизградба на канализационен систем, Поврзување на планираната ПСОВ за Тетово и доизградба на колекторски ситем) и Регулирани речни корита, порои и спречување на ероизија и поплави (Управување со ерозивни подрачја, Регулирање на речни корита).
Национална стратегија за одржлив развој (2009-2030)	Целите на оваа Стратегија се насочени кон одржлива интеграција на туризмот, шумарството, земјоделството и индустрискиот сектор со одржлива поддршка од енергетскиот сектор, инфраструктурата и секторот за транспорт. Главни цели на Националната стратегија за одржлив развој (2009–2030) 1. Економија базирана на знаење, иновации и дигитализација • Развој на високотехнолошка економија, иновативни сектори и дигитална трансформација. • Поддршка на интернационализацијата и поврзаноста со глобалните пазари. 2. Одржлив локален и регионален развој • Намалување на регионалните разлики преку локални инклузивни политики и рамномерен инфраструктурен развој 3. Демографска ревитализација, социјален и културен развој • Поддршка на демографските политики, културното развивање и социјална инклузија. • Напори за зголемување на наталитетот и спречување на миграцијата. 4. Владеење на правото и добро управување • Усмерување кон транспарентност, институционална одговорност и ефикасна јавна администрација 5. Сигурно, безбедно и отпорно општество • Зајакнување на системите за цивилна заштита, јакнење на кризна отпорност и намалување на ризиците од природни и технолошки незгоди 6. Зелена трансформација (еколошка економија)	Целите на ЛЕАП за Општина Јегуновце се во согласност со главните цели на оваа Стратегија. Во акциониот план во скоро сите тематски осласти се предвидени мерки и акции кои се насочени кон реализирање на целите на Националната Стратегија за одржлив развој, а особено кон: • Зајакнување на системите за цивилна заштита, јакнење на кризна отпорност и намалување на ризиците од природни и технолошки незгоди; • Промовирање на „зелен раст“ – економија која ја минимизира еколошката загуба, ги намалува емисиите, ја подобрува енергетската ефикасност и штити биодиверзитетот;

	• Промовирање на „зелен раст“ – економија која ја минимизира еколошката загуба, ги намалува емисиите, ја подобрува енергетската ефикасност и го штити биодиверзитетот	
Национална Стратегија за развој на туризмот (2016-2021)[3]	Водечки цели за поддршка на развојот на туризмот се: 1. Зголемување на бројот на странски туристи • Истакнато е како главна мета преку зголемување на посетеноста и бројот на ноќевања во национални дестинации. 2. Интеграција на принципите на одржлив развој и заштита на животната средина • Вклучување на еколошки критериуми во туризмот, со цел зачувување на природното богатство и биодиверзитетот. 3. Определување на подрачја од приоритетно значење за развој на туризмот • Идентификација и целосно уредување на региони и локалитети со висок туристички потенцијал. 4. Поттикнување на размена на добра пракса меѓу јавните и приватни актери • Поттикнување на соработка и координација помеѓу државни тела, локални самоуправи, и приватни оператори. 5. Заштита на природното богатство и биодиверзитетот во туристичките дестинации • Вклучување на системи и мерки за заштита и одржливо користење на природните ресурси. 6. Воведување и спроведување законска регулатива која го штити животната средина • Усвојување на закони и правилници за регулирање на туризмот со акцент на еколошки стандарди. 7. Промоција на органски и традиционални производи како дел од туристичката понуда • Поддршка за локално производство на производи како вино, мед, сирење и билки, со цел нивна вклученост во туристички пакети.	Целите на ЛЕАП за Општина Јегуновце се во согласност со главните цели на оваа Стратегија. Во акциониот план во скоро сите тематски области се предвидени мерки и акции кои се насочени кон реализирање на целите на Националната Стратегија за развој на туризмот, а особено кон: Интеграција на принципите на одржлив развој и заштита на животната средина; • Заштита на природното богатство и биодиверзитетот во туристичките дестинации; • Вклучување на системи и мерки за заштита и одржливо користење на природните ресурси; • Воведување и спроведување законска регулатива која го штити животната средина; • Усвојување на закони и правилници за регулирање на туризмот со акцент на еколошки стандардни; • Промоција на органски и традиционални производи како дел од туристичката понуда; • Поддршка за локално производство на производи како вино, мед, сирење и билки, со цел нивна вклученост во туристички пакети.

[3] Во отсуство на важечка Стратегија за развој на туризамот е консултирана наведената

	8. Развој и промоција на специфични типови на туризам (енотуризам, ловен туризам, birdwatching и сл.) • Диверзификација на туристичката понуда преку развој на тематски и алтернативни туристички видови.	
Национална Стратегија за рурален туризам (2012-2017)	Основните цели на оваа стратегија за развој на руралниот туризам се: • Идентификување на концептот и стратегијата за развој • Поставување на рамка за поттикнување на развојот како дел од севкупната туристичка понуда на Република Македонија	Целите на ЛЕАП за Општина Јегуновце се во согласност со главните цели на оваа Стратегија.
Национална Стратегија за земјоделство и рурален развој (2014-2020)	Цел на оваа стратегија е зголемена конкурентност на земјоделското производство и прехрамбената индустрија, развој на руралните средини и одржливото користење на природните ресурси. Главни приоритети и специфични цели 1. Модернизација и додадена вредност • Подобрување на инфраструктурата (технологија, пазарни канали), зголемување на асортиманот, квалитетот и безбедноста на производите според ЕУ-стандарди 2. Интеграција и вредносни синџири • Поттикнување на хоризонтална и вертикална интеграција на земјоделците и индустријата, развој на конкурентна соработка и подобрена пазарна организација и промоција 3. Достапност и човечки капитал • Оспособување пристап до земјиште (консолидација), капитал и ресурси; поддршка на човечки ресурси преку обуки и едукација 4. Развој на рурална инфраструктура • Изградба и реконструкција на инфраструктурата во руралните средини (патишта, системи за наводнување) за зајакнување на економските активности и квалитетот на живеење 5. Одржливост и отпорност на климатските промени • Интеграција на адаптација кон климатските промени и заштита на природните ресурси 6. Одржливо управување со природни ресурси	Целите на Целите на ЛЕАП за Општина Јегуновце се во согласност со главните цели на оваа Стратегија. Во акциониот план во тематска област: Почва, користење на земјиште и урбан развој, предвидени се мерки и акции кои се насочени кон: Заштита на почвата и земјоделското земјиште (Контролирана примена на агрохемикалиите во земјоделството; Производство на здравствено безбедна храна; Одржливо управување со земјоделското земјиште и употреба на добри земјоделски практики, Примена на зелени урбани решенија).

	• Заштита на биодиверзитет, почва, вода, шуми, во насока на долгорочно одржливо земјоделско производство	
Стратегија за управување со отпад (2008 – 2020)[4]	Целокупните општи и посебни стратешки цели во управувањето со отпадот се: • Усогласување на политиката и законодавството во доменот на управувањето со отпадот и барањата на економската средина за соработка; • Воспоставување на ефективна институционална и организациска поставеност во сите фази на реализацијата на новиот интегриран систем за управување со отпадот; • Зајакнување на човечките ресурси и капацитети во јавниот и во приватниот сектор во текот на воспоставувањето на системот за управување со отпад; • Подигањето на свеста на јавноста и на сите инволвирани субјекти во општеството за нивните улоги, одговорности и обврски во процесот на управување со отпадот и во заштитата на животната средина со цел да се обезбедат значителни промени во практиката на управување со отпадот, од собирањето до депонирање; • Воспоставување на систем за собирање податоци за изворите, природата, количествата и депонирањето на разните текови на отпад, како и за капацитетите за третман на отпадот и обезбедување на потребниот пристап на јавноста до истиот; • Воспоставување на технички современ систем за управување со отпад кој зема предвид различни технички решенија во поглед на избегнувањето на отпадот, намалување на неговиот потенцијал на опасност, искористување на материјал/енергија, преработка на отпадот и безбедно депонирање на стабилизираните остатоци во согласност со „најдобрата остварлива опција од аспект на заштита на животната средина“; • Воспоставување на депонии за опасен и за неопасен отпад и други капацитети за депонирање на отпадот во согласност со современите стандарди со цел да се спречи појава на нови оптоварувања на животната средина;	Целите на ЛЕАП за Општина Јегуновце се во согласност со главните цели на оваа Стратегија. Во акциониот план во тематска област: Отпад и управување со отпад, предвидени се мерки и акции кои се насочени кон: Намалување на бројот на диви депонии (Затворање на дивите депонии и уредување на локациите; Воспоставување на мониторинг и инспекција од страна на комуналните инспектори; Подигање на јавната свест за затворање на диви депонии); Правилно управување со комуналниот и други видови на отпад (Зајакнување на капацитетот на локалното комунално претпријатие за собирање на отпадот во сите руралните делови на општината; Формирање депонија за инертен отпад на територија на општината) и Воспоставен систем за селектирање, рециклирање и реупотреба на отпад (Спроведување на јавна кампања за потребата од рециклирање; Изработка и реализирање на пилот проекти за циркуларна економија на локално ниво; Изработка на техничка документација и обезбедување на средства за изработка на локална компостара)
План за спречување на создавање на отпад на Република Северна Македонија (2022 – 2028)	Цел на овој План е да се намалат штетните влијанија на отпадот и врз животната средина и врз човековото здравје, на пример преку намалување на количината на штетни состојки кои се користат во производните процеси.	Целите на ЛЕАП за Општина Јегуновце се во согласност со главните цели на овој План.

[4] Во отсуство на важечка Стратегија за управување со отпад е консултирана наведената

	Останати цели на овој План се: • Намалена потрошувачка на материјалите, водата и енергенсите кои предизвикуваат создавање на поголеми количини отпад, со тоа што ќе се променат навиките и однесувањето на деловните субјекти, домаќинствата и јавниот сектор; • Развивање на системи за собирање и рециклирање, во кој се одредува вредноста на собраните материјали и истите може повторно да се преработат во тековите на локалните економски дејности; • Намалување на количините на преостанат отпад кој треба да се депонира, преку отстранување на рециклабилните материјали и органскиот отпад од вкупниот отпад; • Сортирање на преостанатиот отпад за да се извлечат дополнителни материјали кои може да се рециклираат; • Зголемена конкурентност и намалени деловни трошоци преку реализирање на програми кои стимулираат ефикасност на ресурсите и создаваат "поциркуларна економија"; • Поддршка на одржлив развој и вработувања во „зелената" економија, вклучувајќи отворање на нови работни места во дејностите повторна употреба, рециклирање и производство; • Намалување и управување со количината на опасни супстанции во производите преку развивање на нови деловни практики и поефикасна примена на регулативата; • Информирање и влијаење врз донесување на одлуки базирани врз докази преку собирање, обработување и објавување на висококвалитетни податоци за сите аспекти на управувањето и спречувањето на создавањето на отпад; • Зголемување на свесноста за важноста на спречувањето на создавањето на отпад кај граѓаните, деловните субјекти и јавниот сектор со цел да се издејствуваат позитивни промени во однесувањето	Во акциониот план во тематска област: Отпад и управување со отпад, предвидени се мерки и акции кои се насочени кон: Правилно управување со комуналниот и други видови на отпад (Зајакнување на капацитетот на локалното комунално претпријатие за собирање на отпадот во сите руралните делови на општината; Формирање депонија за инертен отпад на територија на општината) и Воспоставен систем за селектирање, рециклирање и реупотреба на отпад (Спроведување на јавна кампања за потребата од рециклирање; Изработка и реализирање на пилот проекти за циркуларна економија на локално ниво; Изработка на техничка документација и обезбедување на средства за изработка на локална компостара)
Национален план за заштита на амбиентниот воздух (2013-2018)[5]	Главната цел е „Постигнување и задржување на квалитет на воздухот во согласност со националните и ЕУ гранични вредности, преку системски, законски и оперативни мерките, со цел заштита на здравјето и околината".	Целите на ЛЕАП за Општина Јегуновце се во согласност со главните цели на овој План.

[5] Во отсуство на важечки Национален план за заштита на амбиентниот воздух е консултиран наведениот

	Стратешки цели се: 1. Транспонирање на ЕУ директивите во националното законодавство • Имплементација на Директивата 2001/42/EC, CLRTAP, и директивите за квалитет на амбиентален воздух – SO_2, NO_2, PM_{10}, $PM_{2.5}$ и др. 2. Намалување на емисиите од индустријата и енергетските извори • Воведување на најдобри достапни техники (BATs) во металургијата и енергетиката, зголемување употреба на чисти горива (природен гас, пелети) наместо фосилни горива 3. Развивање и одржување на мониторинг мрежи • Надградба на Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на воздухот, акредитација на лаборатории и воведување на систем за известување и размена на податоци со ЕЕА 4. Намалување на аеро-загадувањето од домаќинства во сезоната за греење • Префрлување кон почисти технологии, кампањи, субвенции за филтри и алтернативни горива 5. Образование и вклучување на јавноста • Подигнување на јавна свест преку информативни кампањи, интегриран пристап и јавно известување за загадувањето	Во акциониот план во тематска област: Воздух, енергетска ефикасност и климатски промени, предвидени се мерки и акции кои се насочени кон: Намалување и контрола на емисијата со загадувачки супстанции во воздухот (Воспоставување на локална мрежа за мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух на ниво на општината; Воведување на контрола на емисиите на загадувачки супстанции во воздухот со помош на мониторинг и процедури согласно законската регулатива; Подигање на јавната свест за заштита на воздухот од загадување), Воведување на енергетска ефикасност и искористување на обновливи извори на енергија (Воведување на систем за следење на состојбата со загадување особено во грејна сезона и одржливо управување со енергетските ресурси; Воведување на енергетски-ефикасни мерки; Зголемено искористување на обновливи извори на енергија).
Планска програма за почист воздух 2024 - 2030	• Намалување на емисијата на честички од домашни ложишта; • Намалување на емисијата на честички од јавни објекти; • Намалување на емисијата на честички од индустриските процеси; • Забрането палење на недозволени горливи материјали; • Одржливо управување со зеленило и шуми; • Спречување на шумски пожари; • Намалување на емисии од транспорт; • Контрола и управување со емисиите; • Воспоставување на институт за квалитет на амбиентален воздух;	Целите на ЛЕАП за Општина Јегуновце се во согласност со главните цели на оваа Програма. Во акциониот план, особено во тематските области: Воздух, енергетска ефикасност и климатски промени и Природа, природни реткости и екосистемски услуги, предвидени се мерки и акции кои се насочени особено кон: • Намалување на емисијата на честички од домашни ложишта; • Намалување на емисијата на честички од јавни објекти; • Забрането палење на недозволени горливи материјали; • Спречување на шумски пожари;

Стратегија за унапредување на енергетската ефикасност во Р. Македониија до 2020 година	Главна цел е „Постигнување намалување на финалната потрошувачка на енергија за најмалку 9 % до 2018–2020 година“, односно усогласување со обврските од договорот за Енергетска заедница и Директивата 2012/27/ЕУ. Секторски приоритетни цели на оваа Стратегија се: 1. Домаќинства • Намалување на енергетската потрошувачка преку подобрување на топлинската изолација на згради, замена на прозорци, воведување на енергетски ефикасни уреди 2. Комерцијален и јавен сектор • Подигнување на енергетската ефикасност преку енергетски ревизии, интелигентни системи за управување со енергија и зелени јавни набавки 3. Индустрија • Заштеда преку воведување на најдобри достапни технологии (BAT), обуки и енергетски услуги во фабрики и компании 4. Транспорт • Поттикнување на енергетска ефикасност во транспортот преку возила со ниска потрошувачка, подобрување на системите за управување	Целите на ЛЕАП за Општина Јегуновце се во согласност со главните цели на оваа Стратегија. Во акциониот план, во тематската област: Воздух, енергетска ефикасност и климатски промени, предвидени се мерки и акции кои се насочени особено кон приоритетот: Воведување на енергетска ефикасност и искористување на обновливи извори на енергија, за што се предвидени следните акции: Мерење на загаденоста на водзухот на неколку мерни места; Изработка на програма за енергетска ефикасност со мерки базирани на резултатите од мерењата на воздухот; Реконструкција на фасади и кровови на јавни објекти; Замена на енергетските котли од мазут, нафта, јаглен или дрво на електрична енергија или обновливи извори на енергија (сончеви колектори); Поставување на соларни колектори и фотоволтаици на јавни објекти; Субвенции на локалните жители за поставување на соларни колектори
Стратегија за развој на енергетиката во РСМ до 2040 година	Стратегијата за развој на енергетиката во Република Македонија до 2040 година треба да обезбеди: • Безбедно, сигурно и квалитетно снабдување на потрошувачите со сите видови на енергија; • Стабилност, конкурентност и економска функционалност на енергетскиот сектор; • Ефикасно извршување на услугите и заштита и унапредување на правата на потрошувачите; • Намалување на енергетската сиромаштија и заштитата на ранливите категории на потрошувачи; • Вклучување на Република Македонија во регионалните и меѓународните енергетски пазари; • Користење на енергетските извори на начин кој обезбедува одржлив енергетски развој; • Промовирање на енергетска ефикасност;	Целите на ЛЕАП за Општина Јегуновце се во согласност со главните цели на оваа Стратегија. Во акциониот план, во тематската област: Воздух, енергетска ефикасност и климатски промени, предвидени се мерки и акции кои се насочени особено кон приоритетот: Воведување на енергетска ефикасност и искористување на обновливи извори на енергија, за што се предвидени следните акции: Изработка на програма за енергетска ефикасност; Реконструкција на фасади и кровови на јавни објекти; Замена на енергетските котли од мазут, нафта, јаглен или дрво на електрична енергија или обновливи извори на енергија (сончеви колектори); Поставување на соларни колектори и фотоволтаици на јавни објекти; Субвенции на локалните жители за поставување на соларни колектори

	• Намалување на употребата на фосилни горива за производство на енергија; • Промовирање на користењето на обновливи извори на енергија; • Заштита на јавното здравје, животната средина и ублажување на климатските промени предизвикани од штетните ефекти кои произлегуваат од извршувањето на енергетските активности и • Исполнување на обврските преземени од страна на Република Македонија кои произлегуваат од ратификуваните меѓународни договори.	
Стратегија за животна средина и климатски промени 2014-2020[6]	Оперативните цели во областа на животната средина и климатските промени се: • Целосно транспонирање на ЕУ законодавството за животна средина; • Донесени плански документи во одредена временска рамка, мерки и активности потребни за спроведување на законодавството; • Воспоставена и зајакната административната структура, подготвена да го обезбеди спроведувањето на законодавството и да управува со процесот на пристапување кон ЕУ; • Повисоко ниво на спроведување на законодавството од областа на животната средина, во согласност со барањата на ЕУ и обврските од меѓународните договори; • Интегрирање на заштитата на животната средина во сектори кои влијаат врз животната средина; • Мониторинг, анализа и оцена на состојбата на животната средина и известување за состојбата; • Подигање на свеста за прашања од областа на животната средина; • Намалување на негативните ефекти од климатските промени и воспоставување систем мерки за да се ограничат стаклениччките гасови; • Зголемување на капацитетите за прилагодување на најранливите сектори на климатските промени; • Поддршка за „чисти“ технологии и промени чија цел е користење обновливи извори на енергија и намалување на потрошувачката на енергија.	Целите на ЛЕАП за Општина Јегуновце се во согласност со Стратегија за животна средина и климатски промени. Во акциониот план во сите тематскси области се предвидени мерки и акции и нивната реализација ќе придонесе кон остварување на стратегиските цели: • Интегрирање на заштитата на животната средина во сектори кои влијаат врз животната средина; • Мониторинг, анализа и оцена на состојбата на животната средина и известување за состојбата; • Намалување на негативните ефекти од климатските промени и воспоставување систем мерки за да се ограничат стаклениччките гасови; • Поддршка за „чисти“ технологии и промени чија цел е користење обновливи извори на енергија и намалување на потрошувачката на енергија.

[6] Во отсуство на важечка Стратегија за животна средина и климатски промени е консултирана наведената

Национален еколошки акционен план (2006-2012)[7]	Општите цели на НЕАП се: • Да се продолжи со процесот на приближување кон политиките на ЕУ во областа на животната средина, кон основното законодавство и кон конкретните барања што произлегуваат од директивите; • Да се овозможи интегрирање на политиката за заштита на животна средина во останатите секторски политики како средство за подобрување на процесот на одлучување, вклучувајќи и остварување баланс помеѓу економската ефикасност и ефективноста на заштитата на животната средина; • Да се посочат административните структури потребни за обезбедување на ефикасно управување со животната средина (национални, регионални или локални структури); • Да обезбеди платформа за ефикасна имплементација и спроведување на барањата за заштита на животната средина преку зајакнување на капацитетите за ефикасно управување со животната средина на сите нивоа на управување. Посебен акцент се става на локалната самоуправа и потребата за обезбедување на практични насоки за начинот на управување со нивните надлежности во доменот на животната средина, со што тие ќе се поддржат во настојувањата за практична имплементација на законската регулатива и за обезбедување на подобри услуги во сферата на животната средина. • Да се поттикнат индустријата, давателите на услуги и другите субјекти во областа на животната средина кон поголема одговорност за заштитата на животната средина, на пример преку механизми како што е самомониторинг на квалитетот на животната средина; • Да се дадат насоки за еколошки одржлив пристап преку интегрирање на аспектите на заштитата на животната средина во активностите на различните сектори, водејќи грижа за социјалните потреби и заложбите за економски раст; • Да се решаваат важните еколошки проблеми, кои се од национално значење; • Да се зголеми степенот на исполнување на обврските од регионалните и глобалните договори во областа на животната средина, што подразбира и	ЛЕАПот за Општина Јегуновце е законска обврска и е изработен врз основа на НЕАПот. Локалниот акционен план за животна средина за Општина Јегуновце е изработен согласно процесот и постапката наведена во Националната Методологија за подготовка на ЛЕАП, а усвоена од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање.

[7] Во отсуство на важечки НЕАП, конултиран е наведениот

	активно вклучување во меѓународните системи за заштита на животната средина.	
Стратешки/плански документи на регионално ниво		
Програма за развој на Полошкиот плански регион 2021-2026	Стратешки цели на Програмата за развој се: 1. Потикнување на економски развој преку функционални екосистеми за бизнис и иновации 2. Поддршка и развој на современо образование, развој на човечки капацитети, подигнување на степенот на социјален развој и спортот во полошкиот регион 3. Заштита и унапредување на животната средина и природата во полошкиот регион • Воспоставување на регионален интегриран пристап во управување со отпадот и подобрување на постојното управување со отпадот • Заштита и унапредување на природните ресурси • Континуирано следење и подобрување на состојбата со животната средина во регионот • Заштита на биолошката разновидност • Заштита на вода, воздух и почва од загадување • Ублажување на негативните ефекти од климатските промени	Целите на ЛЕАП за Општина Јегуновце се во согласност со стратешките цели на оваа Програма, особено со приоритетите кои се однесуваат на подобрување на комуналната инфраструктура и управување и заштита на водните ресурси, почвата и природата.
Регионален план за управување со отпад за Полошкиот плански регион	Цели на овој План се: • Минимизирање на негативните влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето предизвикани од создавањето и управувањето со отпад. • Минимизирање на негативните општествени и економски влијанија и максимизирање на општествените и економските можности. • Усогласеност со законските барања, целите, принципите и политиките поставени со европската и националната правна рамка.	Целите на ЛЕАП за Општина Јегуновце се во согласност со целите на овој План. На подрачјето на општина Јегуновце постои функционален систем за собирање и одлагање на цврст комунален отпад.
План за управување за Националниот парк Шар Планина за период 2022 - 2031	Целта на Планот е систематски да се зачуваат природните вредности, преку внимателно анализирање на директните и индиректните притисоци, закани и нивно решавање преку спроведување соодветни политики. Исто така, планот вклучува разни пристапи за поддршка на одржлив општествен и економски развој и зголемување на придобивките за локалното население.	Општината Јегуновце со целокупната територија и сите 11 населени места целосно лежи во границите на заштитните зони. Со оглед на тоа што населените места: Беловиште, Вратница, Старо Село и Јажинце се наоѓаат во рамки на Националниот Парк „Шар Планина“ во зоната на


		одржливо користење, треба да се следат мерките и препораките кои се дадени во Планот за управување со НП „Шар Планина“.
Просторен План на регионот за заштитните зони на изворот Рашче, 2002 - 2020 година	Просторниот план е базичен документ со помош на кој ќе се насочува процесот на интегралниот развој на просторот на Првата и Втората поширока заштитна зона на изворот Рашче до 2020 год, по пат на оптимално користење на просторните и природните погодности, локалните услови и можности, а во согласност со заштитата на квалитетот, стабилноста и режимот на изворот Рашче. Со овој План се лоцираат мерките за заштита дефинирани со Одлуката, преку планските решенија за разместеноста на дејностите и стопанските капацитети, развојот на населбите, инфраструктурните системи, намената и користењето на земјиштето и одржливото користење на природните ресурси. Значењето на овој план особено се истакнува заради неговата улога да создаде услови за заштита на изворот Рашче, кој претставува главен изворник за водоснабдување на населението во Скопскиот регион.	Општина Јегуновце се наоѓа во прва и втора заштитна зона на изворот Рашче, дефинирана како зона на хигиенско-епидемиолошко следење, каде треба да се применат пропишаните услови за испуштање на отпадни води во водотеците од II класа на местото на испуштање во непосредниот дел од сливот на реката Вардар низводно од Гостивар. Во првата заштитна зона се наоѓаат населените места: Копанце, Раотинце, Сиричино, Туденце и Јегуновце. Во втората заштитна зона се наоѓаат населените места: Беловиште, Вратница, Жилче, Орашје, Подреѓе, Прељубиште, Ратае, Шемшево.
Стратешки/плански документи на локално ниво		
План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи	Главна цел на Планот е обезбедување на целосно, навремено и координирано справување со природни и техничко-технолошки несреќи – од превенција до санирање, заштита на животот, имотот и околината. Планот се состои од следните области: • Урбанистичко-технички мерки • Заштита и спасување од поплави • Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи • Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства. • Заштита и спасување од урнатини • Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи	Целите на ЛЕАП за Општина Јегуновце се во согласност со целите на овој План. Во Планот посебен акцент и важност се дава на пожарите и поплавите како најчеста појава на подрачјето на општината, и се карактеризираат како непогоди кои можат да бидат предизвикани од човечки активности и природни несреќи.

4. РЕЛЕВАНТНИ АСПЕКТИ НА МОМЕНТАЛНАТА СОСТОЈБА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

4.1. Местоположба

Општина Јегуновце зафаќа површина од 174 km^2 на која се разместени 17 населени места. Територијата на општината се наоѓа во североистичниот дел на Долни Полог, на западната страна на варовничката планина Жеден и јужната падина на Шар Планина. По својата локација има важно економско значење за Западна Македонија, бидејќи низ нејзината територија минува регионалниот патен правец Тетово-граничен премин Јажинце-Урошевац. Поставеноста на овој регион, условува развој на земјоделството, а помал број од населението се занимава со сточарство и шумско стопанство.

Општина Јегуновце изобилува со извори на природна минерална вода, а планинскиот масив Жеден е богат со големи количества варовник – калциум карбонат и претставува одлична преспектива за развој на регионот. Општина Јегуновце е рурална општина со население од македонска, албанска, турска и ромска припадност. Општина Јегуновце се граничи со Р. Косово, општина Теарце, Желино и Сарај. Во состав на општината се наоѓаат 17 населени места и тоа: Беловиште, Вратница, Старо Село, Рогачево, Јажинце, Орашје – планински населби. Жилче, Јанчиште, Јегуновце, Копанце, Подбреѓе, Прељубиште, Раотинце, Ратае, Сиричино, Туденце и Шемшово – рамничарски населби. Седиштето на општината се наоѓа во населеното место Јегуновце.



Слика 1. Местоположба на Општина Јегуновце

Беловиште, се наоѓа на крајниот североисточен дел на Долни Полог, на територијата на Општина Јегуновце, на југоисточната падина на Шар Планина, или како што овој простор се нарекува, Подгор. Селото е ридско, на надморска височина од 720 m. Од градот Тетово е оддалечено 23 km, а од патот Тетово-Косово 1,1 km.

Вратница, се наоѓа во областа Полог (Долен Полог), во подножјето на планинскиот врв Љуботен (2.498 m на Шар Планина). Надморската височина се движи од 700-760 m. Во близина на селото се наоѓа и реката Ракита (Раќита), која се влева во Вардар. Селото се наоѓа на магистралниот пат кој води од градот Тетово до граничниот премин Јажинце на македонско- косовската граница. Од градот Тетово е оддалечено 22 km и е на само 5 km од Јажинце.

Жилче, се наоѓа село во областа Долен Полог, сместено во југозападниот дел на територијата на Општина Јегуновце. Селото е рамничарско, на надморска височина од 416 m. Од градот Тетово е оддалечено 12 km. Низ селото поминува регионалниот пат P29274, кој ги поврзува селата Шемшево и Лешок.

Јажинце, населено место во околината на градот Тетово. Ова село се наоѓа на границата со Косово, а спаѓа под општина Јегуновце.

Јанчиште, се наоѓа во источниот дел на областа Долен Полог, сместено на територија на Општина Јегуновце, на алувијална рамнина од левата страна на реката Вардар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 390 m. Од градот Тетово е оддалечено 18 km. Низ селото поминува регионалниот пат P2242, кој ги поврзува селата Желино и Јегуновце.

Јегуновце, административно седиште на истоимената општина, се наоѓа во североисточниот дел на областа Долен Полог, сместено непосредно на левата страна на реката Вардар. Селото е рамничарско, бидејќи лежи на алувијалната рамнина на Вардар, на надморска височина од 390 m. Од градот Тетово е оддалечено 20 km. Низ селото поминува регионалниот пат P2234, кој ја поврзува Скопската Котлина со Полог.

Копанце, се наоѓа во источниот дел на областа Долен Полог, сместено на десната страна на реката Вардар, во рамките на територијата на Општина Јегуновце, а чиј атар се допира со просторот на Скопската Котлина. Селото е рамничарско, на надморска височина од 392 m. Од градот Тетово е оддалечено 28 km. Низ селото поминува локален асфалтен пат, кој ги поврзува селата Јегуновце и Сиричино.

Населеното место Орашје е поделено на два дела. Главното село се наоѓа во близина на регионалниот пат P1203, кој води до граничниот премин Јажинце, додека издвоениот дел наречен Долно Орашје се наоѓа на самиот регионален пат P2234, кој води за селото Јегуновце. Селото се наоѓа на крајниот североисточен дел на областа Долен Полог, чиј атар се допира со просторот на Скопската Котлина. Селото е ридско, на надморска височина од 620 m. Од градот Тетово е оддалечено 27 km. Во непосредна близина на селото поминува регионалниот пат P1203, кој го поврзува Тетово со граничниот премин „Јажинце“.

Подбреге, се наоѓа во североисточниот дел на областа Долен Полог, на територија на Општина Јегуновце, од левата страна на реката Вардар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 395 m. Од градот Тетово е оддалечено 18 km. Низ населеното место поминува регионалниот пат P2242, кој ги поврзува селата Желино и Јегуновце.

Прељубиште, се наоѓа во источниот дел на областа Долен Полог, сместено на територија на Општина Јегуновце, на алувијална рамнина од левата страна на реката Вардар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 400 m. Од градот Тетово е оддалечено 19 km. Низ селото поминува регионалниот пат P2242, кој ги поврзува селата Желино и Јегуновце.

Раотинце, се наоѓа во областа Долен Полог, сместено непосредно на десната страна на реката Вардар на територија на Општина Јегуновце. Селото е рамничарско, на надморска височина од 390 m. Од градот Тетово е оддалечено 25 km. Низ селото поминува локален асфалтен пат, кој ги поврзува селата Јегуновце и Сиричино.

Ратае, се наоѓа во областа Долни Полог, оддалечено 11 km североисточно од Тетово.

Рогачево, сместено е во областа Долни Полог, во југоисточните пазуви на Шар Планина, под врвот Љуботен.

Сиричино, се наоѓа во Долни Полог, на територијата на Општина Јегуновце, чиј атар се издига со еден дел на планината Жеден. Селото е рамничарско на надморска височина од 390 метри. Од градот Тетово населбата е оддалечена 12 km.

Старо Село, се наоѓа во северниот дел на областа Долни Полог, оддалечено 25 km северно од Тетово. Западно од селото се издига Шар Планина.

Туденце, се наоѓа во областа Долен Полог, сместено непосредно на десната страна на реката Вардар, во јужниот дел на територијата на Општина Јегуновце. Селото е рамничарско, на надморска височина од 385 m. Низ селото поминува локален асфалтен пат, кој ги поврзува селата Јегуновце и Сиричино, а со асфалтен пат е поврзано и со селото Прељубиште.

Шемшево, се наоѓа во областа Долен Полог, сместено во југозападниот дел на територијата на Општина Јегуновце, од левата страна на реката Вардар. Селото е рамничарско, на надморска височина од 405 m. Од градот Тетово е оддалечено 15 km. Во селото се спојуваат регионалните патишта P2242 и P29274.

4.2. Социјално-економска основа

4.2.1. Демографски карактеристики

По своите карактеристики Општина Јегуновце е типично рурална општина и ги поседува сите услови за брз и одржлив рурален развој. Според податоците од Пописот спроведен во 2021 година, Општина Јегуновце брои 8895 резидентни жители поделени во 2658 домаќинства и 3465 станови.

Табела 3. Демографска структура на населението по возрасни групи (Извор ДЗС, попис 2021)

Општина Јегуновце	Вкупно	Мажи	Жени
	8895	4503	4392
0-4	430	220	210
5-9	472	245	227
10-14	520	284	236
15-19	535	269	266

20-24	521	248	273
25-29	607	338	269
30-34	597	301	296
35-39	623	319	304
40-44	609	316	293
45-49	575	283	292
50-54	620	312	308
55-59	614	297	317
60-64	656	341	315
65-69	565	280	285
70-74	419	214	205
75-79	247	113	134
80-84	170	74	96
85+	115	49	66

Табела 4. Број на население по населени места (Извор ДЗС, попис 2021)

Населено место	Попис 2002	Попис 2021
Беловиште	311	230
Вратница	505	364
Жилче	650	543
Јажинце	1.099	913
Јанчиште	587	481
Јегуновце	846	705
Копанце	1.059	844
Орашје	1.084	625
Подбреге	179	199
Прељубиште	367	339
Раотинце	565	482
Ратае	411	401
Рогачево	347	282
Сиричино	395	399
Старо Село	217	185
Туденце	431	371
Шемшево	1.737	1.532

4.2.2. Економски и стопански развој

Користењето на земјиштето (според CORINE) во општината е: Земјоделството се практикува на површина од 3672 ha од кои под ораници и бавчи потпаѓаат 3208 ha, овоштарници 108 ha, лозја 7 ha, ливади 349 ha и 45 ha потпаѓаат на пасиштата.

Главна стопанска дејност на населението (каде спаѓаат и индивидуални и семејни занимања и дејности) е земјоделството, каде е ангажирано 95% од активното население.

Општина Јегуновце ги има сите предуслови за развој на интензивно и современо земјоделство. Се произведуваат продукти од областа на полјоделството, градинарството, овоштарството, лозарството, тутунопроизводството итн. Со примена на современи агротехнички мерки и едукација на земјоделците за производство на храна по стандардите на ЕУ, многу семејства ќе имаат можност својата егзистенција да ја најдат во земјоделството. Со искористување на сите квалитетни обработливи површини ќе се створат предуслови за производство со високи приноси, како и предуслови за привлекување на странски инвестиции.

Табела 5. Житни култури во Општина Јегуновце 2021

Општина	Земјоделска површина	Вкупна обработлива површина	Ораници и бавчи	Овоштарници	Лозја	Ливади	Пасишта
Јегуновце	3.717	3.672	3.208	108	7	349	45

Табела 6. Земјоделски површини по категории на користење во хектари, според НТЕС 2005

Култура	Засеана површина во хектари	Ожнеана површина во хектари	Вкупно производство во тони
Пченица	712	712	3 549
Јачмен	47	47	93
Пченка	790	790	3 815
Сончоглед	/	/	/

Табела 7. Земјоделски површини по категории на користење во хектари, според НТЕС 2005

Година	2022
Земјоделска површина во хектари	3717
Вкупна обработлива површина	3672
Ораници и бавчи	3208
Овоштарници	108
Лозја	7
Ливади	349
Пасишта	45

Согласно Заводот за статистика и податоците за активни субјекти по сектори на дејност во 2021 година, најмногу активни субјекти се евидентирани во трговијата на големо и мало, поправка на моторни возила и мотоцикли, транспорт и складирање, објекти за сместување и сервисни дејности со храна и преработувачка индустрија а има неколку сектори каде воопшто не се евидентирани деловни субјекти.

Табела 8. Активни деловни субјекти по сектори на дејност според НКД Рев.2, Општина Јегуновце 2021

Сектор	Вкупно
Вкупно	179
Земјоделство, шумарство и рибарство	16
Рударство и вадење на камен	3
Преработувачка индустрија	17
Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација	-
Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината	-
Градежништво	19
Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли	55
Транспорт и складирање	27
Објекти за сместување и сервисни дејности со храна	20
Информации и комуникации	2
Финансиски дејности и дејности на осигурување	-
Дејности во врска со недвижен имот	-
Стручни, научни и технички дејности	4
Административни и помошни услужни дејности	1
Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување	2
Образование	3
Дејности на здравствена и социјална заштита	6
Уметност, забава и рекреација	3
Други услужни дејности	1
Дејности на домаќинствата како работодавачи; дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби	…
Дејности на екстратериторијални организации и тела	…

Атарот на село Беловиште зафаќа простор од 13,6 km^2, каде пасиштата заземаат површина од 562,1 ha, на шумите отпаѓаат 464 ha, а на обработливото земјиште 257,6 ha. Селото има мешовита земјоделска функција.

Атарот на село Жилче е мал и зафаќа простор од само 4,9 km^2, при што преовладува обработливото земјиште со површина од 460,4 ha. Во основа, селото има полјоделска функција. Во него има продавници и угостителски објекти.

Атарот на селото Јанчиште не е голем и зафаќа простор од само 5,1 km^2, при што преовладува обработливото земјиште со површина од 395 ha, на шумите отпаѓаат 83 ha, а на пасиштата само 16 ha. Во основа, селото има полјоделска функција. Во него има неколку услужни објекти, а има и плантажи за производство на малини и ладилник.

Атарот на селото Јегуновце зафаќа простор од 9,9 km^2, при што преовладуваат шумите со површина од 665 ha, на обработливото земјиште отпаѓаат 239 ha, а на пасиштата незначителен дел. Во основа, селото има полјоделска функција. Во селото работеше комбинатот ХЕК „Југохром“, има продавници и други услужни објекти. Во селото има и бензинска станица „Макпетрол“, а на реката Вардар е изградена МХЕ „Градиште“.

Атарот на селото Копанце зафаќа простор од 10,4 km^2, при што преовладуваат шумите со површина од 771 ha, на обработливото земјиште отпаѓаат 237 ha, а на пасиштата само 11 ha. Во селото има услужни објекти.

Атарот на селото Орашје зафаќа простор од 9,4 km^2, при што преовладуваат пасиштата со површина од 365 ha, на шумите отпаѓаат 323 ha, а на обработливото земјиште 144 ha. Во основа, селото има полјоделско-сточарска функција. Во селото работат услужни објекти. Во селото Долно Орашје мештаните се занимавале со земјоделство, сточарство и работеле во рудникот Радуша.

Атарот на селото Подбреге е мошне мал и зафаќа простор од само 2,2 km^2, при што преовладува обработливото земјиште со површина од 195 ha. Во основа, селото има полјоделска функција. Делови од комбинатот „Југохром“ се наоѓаат во атарот на селото Подбреге.

Атарот на селото Прељубиште е мал и зафаќа простор од само 4,1 km^2, при што преовладува обработливото земјиште со површина од 338 ha. Во основа, селото има полјоделска функција. Во него има неколку услужни објекти.

Атарот на селото Раотинце зафаќа простор од 15,8 km^2, при што преовладуваат шумите со површина од 1.181 ha, на обработливото земјиште отпаѓаат 231 хектар, а на пасиштата само 10 ha. Во основа, селото има полјоделско-шумарска функција. Во селото има услужни објекти. Во селото постојат неколку фирми меѓу кои најпозната е фирмата за производство на минерална вода „Ротико-Менада“. Жителите на Раотинце се занимаваат претежно со одгледување на добиток и производство на млеко, додека најодгледувани земјоделски култури се: грав, пченка, пченица, компир, пипер, домати и други.

Во селото Сиричино нема поголеми стопански капацитети, па затоа поголем дел од населението работи во Тетово. Населението се занимава со земјоделство, но повеќе како дополнителна отколку како примарна дејност. Како деловни субјекти во селото постојат: бензиска станица, млин за жито, ресторан, обложувалница и неколку дуќани.

Атарот на селото Туденце зафаќа простор од 8,7 km^2, при што преовладуваат шумите со површина од 587 ha, на обработливото земјиште отпаѓаат 194 ha, додека пасишта нема. Во основа, селото има полјоделска функција.

Атарот на селото Шемшево е мал и зафаќа простор од само 3,1 km^2, при што преовладува обработливото земјиште со површина од 285 ha. Во основа, селото има полјоделска функција. Во него има услужни објекти.

Општина Јегуновце ги има сите предуслови за развој на интензивно и современо земјоделство. Се произведуваат продукти од областа на полјоделството, градинарството,

овоштарството, лозарството, тутунопроизводството итн. Со примена на современи агротехнички мерки и едукација на земјоделците за производство на храна по стандардите на ЕУ, многу семејства ќе имаат можност својата егзистенција да ја најдат во земјоделството. Со искористување на сите квалитетни обработливи површини ќе се створат предуслови за производство со високи приноси, како и предуслови за привлекување на странски инвестиции.


Во Општина Јегуновце постојат реални услови за развивање на алтернативен, рурален како и манастирски туризам, иако сегашната состојба говори за неразвиена туристичка понуда и непостоење организирани напори за нејзино претставување.

4.3. Геолошки, геоморфолошки и релјефни карактеристики

4.3.1. Геолошки и геоморфолошки карактеристики

Полошката котлина настанала како последица на големи тектонски нарушувања со истекување на езерото кое постоело на котлинското дно во текот на терциер и квартер низ Дервенската клисура, преку Вардар до Егејско Море. Во оваа геолошка фаза се формирал основниот релјеф на овој дел од Балканот, а со тоа и основниот релјеф на Полошката котлина. Планинскиот релјеф има ридско-планински карактер и го сочинуваат планините Жеден (1.086 m.n.v.) и Шар Планина (2.748 m.n.v.). Западните планински делови се покриени со бујна вегетација давајќи им на пределите шумски карактер, додека источните делови се голи и пусти (Жеден), поради варовничкиот состав. Полошката котлина се наоѓа од 300-600 m.n.v и има котлински релјеф.

Висините на одделни делови на полето варираат поради местоположбата на котлинското дно. Од сите страни е затворена со исклучок кон источниот раб каде по долината на Вардар, низ Дервенската Клисура и прегрaбенската долина, односно Колдрми Богаз комуницира со Скопската котлина.



Слика 2. Релјеф на Општина Јегуновце

Селото Беловиште е ридско, на надморска височина од 720 m.

Селото Вратница е ридско-планинско, на надморска височина од 700-760 m. Низ селото поминува реката Ракита, а на територијата на селото се наоѓаат и Вратничко Езеро и

ледничкото Ливадичко Езеро. Тоа е едно од поголемите и поубавите езера на Шар Планина.

Селото Жилче е рамничарско, типично низинско село, на надморска височина од 416 m. Сместено во котлинската рамнина помеѓу селата Ратае, Непроштено и Требош. Околу селото се наоѓаат пространи ниви и ливади.

Селото Јанчиште е рамничарско, на надморска височина од 390 m. Се наоѓа на рамна пространа тераса висока 6 m над реката Вардар. Соседни села се Копанце на југоисток, Прељубиште на југозапад и Подбреге на североисток. На селскиот атар лесно може да се дојде до до вода за пиење, бидејќи подземната вода е доста плитка. Околу селото извираат изворите Лопуф, Струкојца, Чешма, Бела Вода, Ибројца и Кандејца.

Селото Јегуновце е рамничарско, бидејќи лежи на алувијалната рамнина на Вардар, на надморска височина од 390 m. Се наоѓа во рамница, лево од реката Вардар. Северно од Јегуновце започнува Дервенската Клисура. Низ селото поминува реката Бистрица која извира на Шар Планина, десна притока на Вардар.

Селото Копанце е рамничарско, на надморска височина од 392 m. Се наоѓа во подножјето на планината Жеден. Планинската падина се издигнува источно од него. Западно од селото по котлинската рамнина тече реката Вардар. На атарот на селото нема ниеден извор за вода.

Селото Долно Орашје е ридско, на надморска височина од 620 m. Се наоѓа во крајниот североисточен дел на Полог во долината на Вратничка Река. Низ селото поминува и реката Ракита, која извира на Шар Планина и е лева притока на Вардар. Околни села се Нераште на југозапад, Вратница на северозапад и Старо Село на север.

Селото Подбреге е рамничарско, на надморска височина од 395 m. Селото е во рамница, лево од реката Вардар. Низ селото тече рекат Бистрица, која извира на Шар Планина, десна притока на Вардар. Околни села се Јегуновце на север, Јанчиште на југозапад и Раотинце на исток. Во околината на селото се изворите Рупе и Забел.

Селото Прељубиште е рамничарско, на надморска височина од 400 m. Се наоѓа во котлинската рамнина, лево од брегот на Вардар. Источно од селото започнува алувијална рамнина која Вардар повремено ја поплавува. На западната страна се наоѓа повисокиот дел од рамнината. Околни села се Туденце на југоисток и Шемшево на југозапад. Во атарот на селото има извори: Јаруга, Зука, Кајнаци, Беќирајца и Изворишта.

Селото Раотинце е рамничарско, на надморска височина од 390 m. Раотинце е прво потпланинско село под Жеден, сместено на неговата северна страна. Низ селото поминува реката Бистрица која извира на Шар Планина, десна притока на Вардар. Западно покрај селото тече Вардар.

Селото Ратае се наоѓа во областа Долни Полог.

Селото Рогачево е сместено во областа Долни Полог, во југоисточните пазуви на Шар Планина, под црвот Љуботен.

Селото Сиричино се наоѓа во Долни Полог, на територијата на Општина Јегуновце, чиј атар се издига со еден дел на планината Жеден. Селото е рамничарско на надморска височина од 390 m.

Селото Старо Село се наоѓа во северниот дел на областа Долни Полог. Западно од селото се издига Шар Планина.

Туденце е потпланинско село, сместено помеѓу планината Жеден на исток и реката Вардар на запад.

Селото Шемшево е рамничарско, на надморска височина од 405 m. Шемшево е поголемо село во котлинската рамнина, сместено помеѓу реката Вардар на исток, како и селата Жилче на запад, Озормиште на југозапад и Прељубиште на североисток.

4.3.2. Хидрологија и хидрографија

Хидрографската мрежа во овој регион е доста богата со извори, реки и нивни притоки. Главен реципиент во Полошката котлина е реката Вардар. Вардар е најголемата река во Македонија со вкупно сливно подрачје од 20.661 km^2, должина од 301 km, а просечниот годишен проток на 63-145 m^3/s. На течението по долината на Полог, реката Вардар има високо развиена хидрографска мрежа која се состои од притоки, леви притоки се: Дуфска река, Јеловјанска река, Врапчишка, Маздрача, Боговињска, Каменичка, Палчишка, Пена, Породска (Џепчишка река), Лешочка, Бистрица, Габровница, Одринска, Беловишка, Вратничка и Радушка река.

Најголема лева притока на р. Вардар е реката Пена со должина од 29,7 km и сливна површина од 192 km^2, а поголема десна притока е реката Лакавица. Поважни притоки на Пена се: Кривошијска, Лешничка, Чепеновска, Скакалска, Караниколска, Бродечка и др.

Главни извори на водоснабдување на овој регион се изворите зафатени во високите делови на Шар Планина.

Врз основа на "Експертиза за одредување на заштитните зони на изворот Рашче" донесена е Одлука за утврдување на заштитните зони на изворот Рашче и определување на мерките за заштита, со која се утврдени три заштитни зони:

- Прва зона која го зафаќа просторот на масивот Жеден, изворот Рашче со каптажите 1 и 2 и просторот ограничен со физичка ограда;
- Втора зона го зафаќа подрачјето на Долен Полог што е во непосредна врска со масивот Жеден;
- Трета зона - го опфаќа подрачјето на Горен Полог со дел од просторите на Мавровскиот хидросистем и подножјето на Шар Планина;

Општина Јегуновце се наоѓа во прва и втора заштитна зона на изворот Рашче, дефинирана како зона на хигиенско-епидемиолошко следење, каде треба да се применат пропишаните услови за испуштање на отпадни води во водотеците од II класа на местото на испуштање во непосредниот дел од сливот на реката Вардар низводно од Гостивар.

Во првата заштитна зона се наоѓаат населените места: Копанце, Раотинце, Сиричино, Туденце и Јегуновце. Во втората заштитна зона се наоѓаат населените места: Беловиште, Вратница, Жилче, Орашје, Подреѓе, Прељубиште, Ратае, Шемшево.

Во прва потесната заштитна зона (зона на строг санитарен надзор) се забрануваат сите дејствија и активности, со цел заштита на изворот „Рашче" од загадување, освен дејствија кои се преземаат за одржување и подобрување на функционалноста на зафатите Рашче 1 и Рашче 2. Во првата потесна заштитна зона не треба да се врши ниту една активност

освен оние кои се поврзани со зафаќање, преработка и пренос на водата во водоснабдителниот систем.

Во првата поширока заштитна зона, се забрануваат сите активности и дејности од страна на човекот, како што се:

- изведба на објекти со кои се менува режимот на површинските и подземните води, освен за регулација на коритото на река Вардар во функција на заштита на изворот Рашче;
- ископи за било какви потреби во водоносниот слој (изданската зона) и изградба на објекти и градби под ниво на подземна вода;
- изградба на бунари за експлоатација на подземна вода, освен за водоснабдување;
- изведба на истражни дупнатини освен за истражување и мониторинг на подземните води на изворот Рашче;
- намалување на горниот заштитен слој на почвата, освен при изградба на градежни објекти за кои не е предвидена забрана во овие мерки;
- истражување и експлоатација на секаков вид минерални суровини, вклучувајќи и песок и чакал;
- депонирање на секаков вид на отпадни материи и смет (комунален, градежен, рударски, индустриски, металуршки и др.);
- испуштање на непрочистени комунални, индустриски отпадни води;
- неконтролиран транспорт, складирање, користење и испуштање на течности кои по својот состав се опасни за подземните води (нафта и нејзини деривати, киселини, отровни и радиоактивни материи и други опасни материи);
- испуштање на нетретирани атмосферски отпадни води од сообраќајници од регионален, магистрален ка рактер и автопатишта;
- изградба на објекти како: индустриски, туристички, воени полигони, хидротехнички објекти - освен за потреби на водоснабдување на населени места;
- изградба на бензиски пумпи, автомеханичарски сервиси, стопански гаражи, сервиси за перење на возила и други објекти кои се ризични по однос на загадување на подземните води;
- воени или бегалски кампови и други видови на организирано задржување на луѓе;
- интензивно сточарство и земјоделско производство, освен за индивидуални потреби на населението од постоечките населени места, без користење на минерални ѓубрива, пестициди и друго;
- изградба на фарми за стока и живина, кланици, бачила, рибници и слично;
- сеча на шума;
- други видови на активности и дејности кои го загрозуваат квалитетот и квантитетот на подземните води;
- во првата поширока заштитна зона населените места да се опфатени со канализациски систем и функционална пречистителна станица, со континуиран

мониторинг на пречистените отпадни води од страна на акредитирана/овластена лабораторија, согласно Законот за води;

- во првата поширока заштитна зона домаќинствата во населените места да вршат соодветно одлагање на отпадот и истото е потребно да биде организирано, од страна на општините согласно Законот за управување со отпад;
- општините кои влегуваат во границите на првата поширока заштитна зона да изготват План за постапување при хаварии;
- воспоставување на мониторинг мрежа во првата поширока заштитна зона за набљудување на квалитетот и квантитетот на подземните води во заштитните зони;
- првата поширока заштитна зона е под привремен надзор.

Во втората заштитна зона се забрануваат поголем број на дејности, изградба на објекти и вршење на активности со кои може да дојде до загадување на подземната вода, а особено:

- испуштање на непрочистени комунални, индустриски и атмосферски отпадни води;
- експлоатацијата (вадење) на песок, чакал и камен од коритата и бреговите на природните водотеци и активности со кои се продлабочува или се оштетува речното корито и бреговите на површинските водотеци, освен во функција на подобрување на режимот на водите и заштита од штетно дејство на водите, со обезбедување на дозвола/ водостопанска согласност од надлежен орган;
- неконтролиран транспорт, складирање и испуштање на: нафта, нафтени деривати, киселини, масти и масла, отровни и радиоактивни материи и други опасни материи, освен за потреби на веќе постоечки објекти при што да се почитуваат мерките за заштита на животната средина предвидени со законот за заштита на животната средина;
- депонирање, складирање и расфрлање на цврст, градежен, комунален и друг вид на отпад и смет, надвор од организирани и уредени депонии;
- депонирање на индустриски, рударски и металуршки отпад;
- намалување на горниот заштитен слој на почвата, освен при изградба на градежни објекти за кои не е предвидена забрана во овие мерки;
- изградба на септички јами, освен водонепропусни септички јами на локации каде не постои инсталирана канализациска мрежа;
- изведба на бунари за експлоатација на подземна вода освен: бунари за јавно водоснабдување и бунари за климатизација на објекти со целосно враќање на водата;
- изградба на нови индустриски комплекси кои во технолошките процеси користат опасни и штетни материи, а постоечките да ги почитуваат мерките на заштита предвидени со добиените А или Б интегрирани еколошки дозволи;
- испуштање на непрочистени отпадни води во површински водотеци и наводнување на обработливо земјоделско земјиште со истите;

- директно испуштање на отпадните води во отворените водотеци се дозволува само откако ќе бидат прочистени, според критериумите за површински водотеци од II класа, согласно критериумите дадени во законските прописи и други плански акти;
- користење на минерални ѓубрива, пестициди, хербициди, фунгициди и слично;
- други видови на активности и дејности кои го загрозуваат квалитетот и квантитетот на подземните води;
- во втората заштитна зона понорите кои се јавуваат линиски по ободот на Жеден на потегот од Раотинце до Јегуновце потребно е да бидат заградени со жичана ограда и означени и да не се дозволува нивно заполнување, со секаков вид на отпад од страна на локалното население. За истите да се грижи Јавно претпријатие „Водовод и канализација“ – Скопје.
- во втората заштитна зона постоечките пропусни септички јами да се заменат со непропусни и редовно да се одржуваат;
- за населените места кои влегуваат во втората заштитна зона да се предвиди и изгради колекторски систем; како и да се уреди собирањето и одлагањето на сите видови на отпад;
- во втората заштитна зона да се реши проблемот со депонијата Југохром и комбинатот Југохром;
- воспоставување на мониторинг мрежа во втора заштитна зона за набљудување на квалитетот и квантитетот на подземните води во заштитните зони;
- општините кои влегуваат во границите на втората заштитна зона да изготват План за постапување при хаварии.

4.3.3. Педолошки карактеристики

Општина Јегуновце се наоѓа во Полошкиот регион, каде што планинскиот релјеф има ридско - планински карактер и се состои од планините Сува Планина (1.853 m н.в.) и Шар Планина (2.748 m н.в.). Западните планински делови се покриени со бујна вегетација која дава карактеристичен шумски пејзажен карактер, додека источните планини се празни и пусти (Сува Гора, Жеден), поради присуството на варовник. Од вкупната површина 2.379 km², 1.697 km² од регионот се земјоделски површини. 25 % од оваа област е обработливо земјиште, додека преостанатото земјиште се користи како пасишта. Обработеното земјиште се состои главно од ораници и градини (73 %) и ливади (25 %).

Од релјефните типови, на Шар Планина се застапени фосилни и рецентни генерички форми. Еден од главните морфолошки елементи на Шар Планина е развиениот флувијален релјеф. Постојат многу долини во форма на буквата „V“ кои се формирани со интензивно вертикално всекување и има бројни клисури, некои со кратки кањонести сегменти всечени во многу цврсти карпи (варовници, кварцити, гранитоиди). Некои долини имаат флувио-глацијален карактер. Поради големата висинска разлика помеѓу планините до Полошката котлина, надолжниот пад на реките е значителен, создавајќи реки кои се карактеризираат со бројни брзаци и водопади. На Шар Планина има појава на карстен релјеф, што се должи на тоа што околу 11 % од планината е составена од карбонатни карпи (главно мермери и варовници).

Општина Јегуновце се наоѓа во прва и втора заштитна зона на изворот Рашче. Во почвената структура на регионот доминираат следните типови:

- на карбонатна подлога, во сите височински појаси, се присутни: органогени и органоминерални варовично доломитни црници; органоминерални и браонизирани варовично доломитни црници; браонизирани варовично доломитни црници; кафејави почви врз варовник и црвеница;
- на силикатна подлога: во зоната на дабовиот и буковиот регион доминираат еутеричен и дистричен камбисол; во зоната на високопланинската бука, буквоиглолисните и иглолисните насади доминираат дистричниот камбисол и ранкерот.
- во зоната на дабовиот и буковиот регион доминираат еутричен и дистричен камбисол;
- во зоната на високопланинската бука, буковоиглолисните и иглолисните насади доминираат дистричниот камбисол и ранкерот

Во втората заштитна зона се застапени разнородни видови на почви, што произлегува од променливиот состав на геолошката подлога, формирана пак под влијание на еволутивните процеси и ерозија од повисоките ободни делови на Котлината. Водонепропустливоста на почвите во централниот дел на котлината е помалку изразена заради присуството на глините и фино гранулираните честици на прашини и песоци, додека ободните делови на котлината се изградени со покрупни седименти, така што порозноста на почвите е изразена, што се одразува на повисока чувствителност на овие делови.

4.3.4. Сеизмички карактеристики

Општина Јегуновце припаѓа на западно-македонското сеизмичко подрачје, која се каратеризира со ниска сеизмичка активност и умерено до високо потенцијално сеизмичко влијание. Во овој регион, катастрофалните земјотреси се релативно чести, кои достигнуваат магнитуда до VII MSC.

Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со задолжителна примена на нормативно – правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

4.4. Климатски карактеристики

Климата во Општина Јегуновце е под силно влијание на студените воздушни маси кои дуваат од север, особено за време на зимскиот период, кои влијаат на намалување на температурите на воздухот. Од друга страна, преку долината на реката Вардар, од север навлегуваат влијанијата на Медитеранот, што го покажуваат типичните медитерански растенија.

Климата во ова подрачје е умерено котинентална со многу сончеви денови во текот на годината. Летото е топло и делумно влажно, зимата (во изминатите години студена и снежна),а во последните неколку години, климата е променета што значи дека нема минусни температури и снежни покривки освен на Шара, додека пролетта и есента се карактеризираат со постојани дождови и влажност преку целата година, која изнесува


74%. Бидејќи Полошката котлина е окружена со планини, во неа присутно е движење на студени и топли воздушни маси кои се јавуваат во процесот на инверзија. Маглите не се честа појава. Ветровите се преку цела година, а најчесто во пролет со брзина од 0,6 м/сек. Просечната годишна температура изнесува 10,80°C, просечен годишен минимум е 4,90°C, а просечен годишен максимум 16,70°C. Просечен мразен период трае 167 дена, а денови со снег има 43. Овој број на денови е многу поголем со оглед на надморската височина. Просечно годишно паѓаат 724,3 mm врнежи, 87 ведри денови, 154 облачни денови и 124 тмурни денови. Ваквата клима во текот на летната и зимската сезона овозможува прекрасни услови за спорт и рекреација во природа.

4.5. Квалитет на воздух

Мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух во РС Македонија вршат три институции, кои имаат поставено свои мониторинг мрежи на различни локации:

- Националната мрежа на Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП);
- Мрежата на Заводот за здравствена заштита (ЗЗЗ) и регионалните подружници за следење на квалитетот на воздухот во поголемите градови во Р. С. Македонија;
- Мрежата на Управата за хидрометеоролошки работи (УХМР), која е во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.
- 3 мерни станици MetOne Instruments ES642 поставени од Лабораторија за животна и работна средина АМБИКОН, Универзитет „Гоце Делчев“ (УГД) Штип, поставени на 3 локации Штип - Центар, Кавадарци – Центар и Кавадарци - Возарци

Мониторинг мрежата на МЖСПП, со која управува Македонскиот информативен центар за животна средина (МИЦЖС) е автоматска мониторинг мрежа за следење на квалитетот на амбиентниот воздух која се состои од 23 фиксни и 2 мобилни мониторинг станици. Со овој систем се врши мониторинг на следните загадувачки супстанции: сулфурдиоксид, азотдиоксид, јаглеродмоноксид, озон, суспендирани честички со големина до 10 микрометри и до 2,5 (PM_{10} и $PM_{2,5}$).



Слика 3. Локација на автоматски мониторинг станици во близина на општина Јегуновце

Во општина Јегуновце нема мерна станица како дел од државниот атоматски мониторинг за квалитет на амбиентен возух, па поради тоа не може реално да се утврди состојбата со квалитетот, односно загадувањето на воздухот. За потребите на овој документ како референтни мерења се земени оние од најблиското мерно место во градот Тетово.

Во Тетово автоматската мониторинг станица за квалитет на амбиентен воздух се наоѓа во дворот на Основното училиште "Св. Кирил и Методиј". Оддалечена е на само 5 метри од булевар со висока фреквентност на сообраќајот. На оддалеченот 15-20 метри од станицата се наоѓаат згради за домување. Станицата го следи загадувањето од индустриските објекти лоцирани на растојание од 600-700 метри, загадувањето од сообраќајот и од затоплувањето на административните установи. Се мерат загадувачките супстанции: O_3, NO_2, SO_2 и PM_{10}.

Според извештај на МЖСПП за квалитет на воздух во месец март 2025 граничната 24h вредност на сулфур двооксид (SO_2) за заштита на човековото здравје, која изнесува 125 $\mu g/m^3$, не е евидентирано надминување на оваа вредност, ниту во текот на месецот, ниту во овој период од 2025 година.

Гранична 24h вредност за заштита на човековото здравје за суспендирани честички со големина до 10 микрометри (PM_{10}), изнесува 50 $\mu g/m^3$, која во текот на месец март била надмината 12 денови, или 59 денови од почетокот на 2025 година.

За граничната 8h вредност на јаглерод моноксид (CO) за заштита на човековото здравје, која изнесува 10 $\mu g/m^3$, не е евидентирано надминување на оваа вредност во текот на месец март, нити пак од почетокот на 2025 година до сега.

Во извештајот за квалитет на воздух е даден табеларен и графички приказ на максимални дневни осумчасовни средни вредности на концентрацијата на озон (O_3), каде наведената целната вредност за заштита на човековото здравје која изнесува 120 $\mu g/m^3$ која што не била надмината нити во месец март, нити пак од почетокот на 2025 година до сега.

Граничната 1h вредност за заштита на човековото здравје за азот двооксид (NO_2) изнесува 200 μg/m^3, која што не била надмината нити во месец октомври, нити пак од почетокот на 2025 година до сега.

На територијата на општина Јегуновце нема поставено мониторинг станица, но доколку се земе предвид близината, односно далечината на мониторинг станицата во Тетово и погоре дадените резултати од една страна, а од друга страна непостоење на тешка и загадувачка индустрија во општина Јегуновце може да се каже дека квалитетот на амбиентниот воздух е на задоволително ниво.

4.6. Квалитет на вода

Општина Јегуновце се наоѓа во третата заштитна зона на изворот Рашче, дефинирана како зона на хигиенско-епидемиолошко следење, каде треба да се применат пропишаните услови за испуштање на отпадни води во водотеците од II класа на местото на испуштање во непосредниот дел од сливот на реката Вардар низводно од Гостивар и условите за испуштање на отпадните води во отворените водотеци од I класа на местото на испуштање во сливовите на Мавровско Езеро, Горна Радика и сливот на реката Вардар спротиводно од Гостивар.

Површинските водни тела се под притисок поради директните испуштања, без претходен третман. Тука се идетификувани два типови на притисоци: отпадни води од домаќинствата и отпадните води од земјоделските и другите стопански активности. Сегашниот статус на водните тела во Општината укажува на фактот дека сите реки се во петта катергорија според хемискиот состав, односно во четврта според бактериолошкото загадување согласно утврдената категоризација на водотеците. Заради непокриеност со канализационен систем во некои од населените места, отпадните води од домаќинствата преку отворени канали директно се испуштаат во непосредната околина (во почвата и подземните води).

Најважните подземни извори на вода во водостопанската дивизија на Полог и реката Вардар, кој гравитира во поголем дел од Тетовскиот регион и најголемиот дел од општина Јегуновце се издан компактни формцации со слободни водни текови во алувијалните депозити на Вардар и Шарска Река, каде дебелината на наносот е помалку од 20 m. Експлоатација на водата се врши во голем број на бунари. Водата главно се користи за локалните водоводи, за потребите на индустријата, како и дополнително водоснабдување. Општина Јегуновце е подрачје богато со подземни води, до скоро време во населеното место с. Раотинце се вршеше експлоатација на минерална вода, но по фактот дека исцрпувањето на водата го загрозува изворот Рашче, истата беше запрена. Вкупниот капацитет на изворот во Полошката котлина се проценува на 600-800 l/s. Податоци за вкупен просечен капацитет (на сите извори во ова водостопанско подрачје) не постојат, но се проценува на 3,0 m^3/s. Пукнатински формации се присутни во делови со поголемите состоини од шкрилци на Шар планина.

Преку индиректните (дифузни) извори на загадување од домашните септички јами се загадуваат подземните води и индивидуалните бунари од кои локалното население се снабдува со вода за пиење. Исто така загадувањето на подземните води може да биде предизвикано и од земјоделството, односно од вештачките ѓубрива (азот, фосфор, калиум) и пестицидите (фунгициди, инсектициди, акарициди, хербициди) кои се користат.

4.7. Биолошка разновидност

Разновидните климатски карактеристики, од умерено-континентална до изразена планинска клима и теренската разиграност на просторот, условиле разновиден растителен појас. Меѓутоа, нерационалното користење на шумите, непланското обновување на зелениот појас и непреземањето потребна биолошка интервенција за пошумување на голите терени, оставиле свои траги врз растителниот појас.

Високиот шумски појас го сочинуваат дабот, буката и смреката. Дабовиот регион го сочинуваат појасот на шикари и шибјаци, шумата од плоскач и појасот на горунови шуми. Флората во околината е застапена со букова шума, а на отворените делови има голем број лековити билки (кантарион, линцура, мајчина душица, планински чај и ајдучка трева), и шумски плодови (вргањ, лисичарки, шумски јагоди, шипинки, дренки и боровинки).

На Шара се среќаваат 1.500 видови флора, а најпознати се: шарпланинскиот чај (Siderites Scardica), молика (Linus Peuce), шарпланиниска руменка (Nthihilpus Scardica) шар-планински костолом (Nothecum Scardicum), шарпланиниски каранфил (Dianthus Scardicus), албански крин (Ilium Albanicum) и др.

Фауната во овој регион е автохтона до релативно ендемична. Меѓу многубројните видови птици што се наоѓаат во списокот на природните реткости се: златен орел (Aquilla Chrisaetos), белиот орел на Шара, сив сокол (Falko Peregrinus), буф (Bubo Bubo), еребици, и др., а од цицачите: мечката (Ursus Archos), рисот (Lynx Lynx), дивата свиња (Sus Strota), дивокозата (Rupicarpa Rupicarpa), волкот (Canis Lupus), дивиот зајак (Lepus Europeus), лисицата (vulpes vulpes) и др. Познат бренд од овој регион е кучето од расата шарпланинец, карактеристичен по неговата големина.

На подрачјето на Шар Планина исто така постојат 147 видови на пеперутки (највисока разновидност во Европа) и повеќе од 200 видови на птици (значајни станишта за птици - IBA). За земјите од Централна Европа, бореалната и ореотундралната херпетофауната - планинските масиви на Шар Планина се важен центар на диверзитет.

4.8. Природно наследство

Општина Јегуновце е лоцирана во дел од Националниот парк Шар Планина кој изобилува со природни реткости од аспект на флората и фауната. На Шара се среќаваат 1.500 видови на флора.

Фауната во овој регион е автохтона до релативно ендемична. Познат вид од овој регион е кучето од расата Шарпланинец кој е карактеристичен по неговата големина.

На подрачјето на Шар Планина исто така постојат 147 видови на пеперутки (највисока разновидност во Европа).

Општината Јегуновце со целокупната територија и сите 11 населени места целосно лежи во границите на заштитните зони.

Во Општина Јегуновце има евидентирано природно наследство.

- ПЛОЧА - ППР (Посебен природен резерват-предлог) Серпентински масив од левата страна на клисурата Дервен, во горниот тек на р.Вардар. Тоа е брдовит терен меѓу 350 и 700 mnv. Горниот дел претставува брановидно плато, а падините се силно избраздени и каменити.

Пределот е богат со ретки растенија. Од нив во Македонија само овде се среќава реликтниот балкански палеоендем Genista hasertiana. Освен овој вид од исклучително значење се уште и Fumana bonapartei, Tulipa sardica, Centaurea kosanii, Convolvulus cohlearis и др. Тука е застапена асоцијацијата Convolvulo cochlearis – Genistetum hasserianae.

Целиот масив е интересен за флористички, фаунистички, педолошки, минеролошки истражувања, поради што треба околу 1000 ha површина да биде под посебен режим на користење.

Според IUCN има меѓународен статус од IV категорија и режим на заштита 5.

- ЈАСИКА-СП - (Споменик на природата – заштитен) Јасиковото стебло (Populus tremula), се наоѓа во непосредна близина до селото Прељубиште – Тетово. Тоа е едно од најзначајните и најмаркантните стебла од овој вид во Македонија. Височината на стеблото изнесува 24 m, обемот е 8,60 m, проекцијата на крошната 18 m.

• Дендролошка намена

• Добра состојба

Според IUCN има меѓународен статус од III категорија и режим на заштита 6.

4.9. Културно-историско наследство и археолошки локалитети

Просторот на Општина Јегуновце уште одамна бил населен, за што сведочат голем број пронајдени предмети уште од одамнешни времиња. Постои континуиран развој на населбите, изразен преку бројни археолошки наоди: некрополи, ранохристијански градби, средновековни цркви и други сведоци на културното наследство.

Беловиште

Цркви

- Црква „Св. Петка“ - Беловиште – црква во горниот дел на селото, кај Беловишките Водопади;
- Црква „Св. Богородица“ - изградена е во почетокот на XX век на местото каде дотогаш постоела мала истоимена црквичка. Оваа црква има најубав живопис од сите цркви во горни Полог.
- Црква „Св. Јован Крстител“ - црква во горниот дел на селото, кај Беловишките Водопади;

Археолошки наоѓалишта

- Градиште - утврдена населба со остатоци од зидини за кои се смета дека се од доцноантичко време и се наоѓа над селото Беловиште. На северозападниот раб на селото се издига висок рид со стрмни падини што доминира над околниот терен. На врвот има остатоци од тврдина со кули и подградие. Според начинот на сидањето на бедемот, најнапред била заштитена северната страна, а подоцна јужната. Тврдината има неправилна триаголна основа со димензии од 120 m во правецот север-југ 50 m во правецот исток-запад. Во подградието се распознаваат темели од објекти, а во цитаделата има фрагменти од керамички садови, питоси, тигули, а биле најдени монети од IV и V век.

- Тумба, населба од римското време. Во селото Беловиште, на просторот меѓу месностите Ливадице и Две Тумбе се наоѓаат фрагменти од керамички садови и градежен матријал.
- Поле – населба од доцниантичкото време;

Вратница

Цркви

- Црква „Св. Петка“ - Вратница – главната селска црква;
- Црква „Св. Архангел Михаил“ – гробјанската црква;
- Црквиште Константин и Елена, средновековна црква. Во месноста Честодубје кон Вратничкото Езеро, што се наоѓа на југоисточната страна на селото, има остатоци од црква со нартекс, долга 18,20 m и широка 4,20 m, градена од кршен камен и варов малтер.

Археолошки наоѓалишта

- Кале – Мали Орман, утврдена населба од доцниантичкото време. На 3 km северозападно од селото Вратница, кај утоката на Ливадичка Река во Љуботенска Река се издигаат стрмни карпи на кои има издолжено плато опкружено со остатоци од бедем зидан од кршен камен и варов малтер. Населбата има доминантна положба, со извонредно добар поглед кон околината. Освен со бедемот, природно е заштитена со стрмните падини, а преку седлото на северозападната страна е поврзана со планината Љуботен.
- Св. Дуси, средновековна црква. На северниот раб на селото Вратница се гледаат остатоци од ѕидови на мала црквичка.
- Св. Петка, средновековна црква. Северозападно од селото Вратница, во непосредната близина на денешната црква се гледаат остатоци од мала црквичка.
- Тумба - населба од римското време. Се наоѓа во селото Вратница, на просторот меѓу месностите Ливадице и Две Тумбе. За време на истражувањата, тука се најдени фрагменти од керамички садови и множеството градежен материјал.

Месност

- Сенокос - излетничко место во подножјето на Шар Планина. Во месноста Сенокос постои мала локва која населението ја нарекува езерце и постои мала планинарска куќичка.
- Савин Камен – осамена карпа во вид на стог сено, патроним, кој е посветен на српскиот христијански просветител Св. Сава.

Жилче

Цркви

- Црква „Св. Никола“ – главна селска црква.

Археолошки наоѓалишта

- Просечник, населба од римско време. Од десната страна на патот што води за селото Лешок, по површината на нивите се наоѓа множество фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.

Јажинце

Археолошки наоѓалишта

- Црквиште, средновековна црква и некропола во село Јажинце. Според историските извори, на горна страна на селото постоела црква посветена на Св. Спас. На површината се гледаат големи камени плочи од гробни конструкции и фрагменти од керамички садови.

Јанчиште

Цркви

- Црква „Св. Теодор Тирон“ – главна селска црква.

Археолошки наоѓалишта

- Ќерамидница, населба од риско време. Во непосредна близина на железничката пруга, од нејзината лева страна се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и многуброен градежен матеројал.
- Тумба – населба од римското време.
- Се наоѓа на околу 1 km јужно од селото Јанчиште. Самото наоѓалиште е од левата страна на патот за селото Прељубиште, каде што во нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.

Јегуновце

Цркви

- Црква „Св. Архангел Михаил“ – главна селска црква; и
- Црква „Св. Ѓорѓи“ – возобновена црква во месноста Пештер.

Археолошки наоѓалишта

- Јегуновска тврдина – утврдена населба од доцноантичкото време, која се наоѓа над селото Јегуновце, во подножјето на Жеден, на ридот Градиште. Според проценките на археолозите наоѓалиштето датира од доцниот неолит. Според ископувањата се докажува дека тврдината и гратчето под неа, што се наоѓаат во Дервенската Клисура, биле живеалиште во континуитет од бронзеното време, сè до XIX век;
- Пештер – некропола од доцниот среден век. На околу 2 km источно од селото, во подножјето на Жеден планина, на мала височина се гледаат гробови градени од камени плочи, со ориентација исток-запад.
- Градиште, населба од доцноантичкото време. Источно од селото Јегуновце, на десниот брег на Вардар, на висок карпест рид со зарамнето плато се наоѓаат остатоци од одбранбен бедем. По површината на градиштето се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и многуброен градежен матријал, а се гледаат и темели од повеќе објекти.

- „Кај Фабриката“, е позната некропола од римско време. Во дворот на Металуршкиот комбинат на бивши „Југохром“ во населеното место Јегуновце, во текот на градежните работи во 1956 год. се откриени гробови со конструкции од камени плочи – тип циста. Во еден од нив е најдена плоча со грчки натпис во седум реда и необична релјефна сцена. Имено, лево стои постар маж со куса туника, со крената десна рака, а со левата става жртва над ара. Десно стои дете свртено кон арата, а понатаму од него, сосема десно се претставени маж и жена со превез на глава. Плочата се чува во Музејот на Македонија.

Копанце

Цркви

- Црква „Св. Никола“ – главна селска црква.

Џамии

- Стара џамија – џамија на сретселото; и
- Нова џамија – нова џамија на крајот од селото во насока на Туденце.

Археолошки наоѓалишта

- Петарница, некропола од римско време. Јужно од селото Копанце, под патот за село Туденце, при обработување на лозјата биле откриени гробови, во кои според кажувањето на жителите, имало гробни прилози што не се зачувани.
- Арбино, населба од римско време. Покрај реката Бистрица, во нивата на Јордан Блажев се наоѓаат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, имбрекси и друг градежен материјал.

Орашје

Џамии

- Џамија – главна селска џамија; и
- Џамија – селска џамија во Долно Орашје.

Археолошки наоѓалишта

- Орашко Кале - Собри, населба од доцноантичко време и средниот век со црква и некропола. Се наоѓа на околу 3,5 km јужно од селото Орашје, на висок рид (кота 715) што доминира над Дервенска Клисура. На врвот има остатоци од темели на беден и одбранбени кули зидани од кршен камен и варов малтер, а во внатрешноста темели од повеќе мали објекти, фрагменти од керамички садови и расфрлен градежен материјал. Најдени се и монети од IV I V век. Во подножјето на тврдината од северната страна има остатоци од црква и околу неа гробови со камени конструкции. Тврдината под името Хисар постоела и во XV век.

Подбреге

Цркви

- Црква „Св. Архангел Михаил“ – главна селска црква.

Археолошки наоѓалишта

- Манастириште, старохристијанска базилика и средновековна црква. На околу 2 km западно од селото Подбреѓе, во близината на железничката пруга се наоѓа црква во урнатини, а непосредно до неа архитектонска пластика од мермер и камен: столбови, плочи, големи деликани блокови и друго.

Прељубиште

Цркви

- Црква „Св. Јован Богослов“ – главна селска црква.

Џамии

- Џамија – главна селска џамија.

Археолошки наоѓалишта

- Брезјанско нивче, населба од доцноантичко време. Западно од селото Прељубиште, во нива по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегли, имбрекси и градежен материјал.
- Три Тумби, населба од неолитско време. Во средишниот дел на селото Прељубиште, во непосредна близина на трафостаницата се гледаат три тумби кои делумно се оштетени со изградба на станбените објектии трафостаницата. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, куќен лепеж и камени и кремени орудија.
- Тумба, населба од римско време. На околу 1 km јужно од селото Прељубиште, во нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.

Раотинце

Цркви

- Црква „Св. Илија“ – главна селска црква;
- Црква „Св. Недела“ – помала селска црква; и
- Црква „Св. Петка“ – помала селска црква во месноста Рамниште со гробишта.

Споменици

- Споменик во чест на НОБ

Археолошки наоѓалишта

- Арбино, населба од доцноантичко време. Западно од селото Раотинце, покрај поранешното корито на реката Бистрица, при обработување на земјата биле откриени темели од објекти, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.

Ратае

Цркви

- Црква „Св. Сава“ - Ратае - изградена во 1925 година
- Црква „Св. Атанасиј“ – Ратае

Рогачево

Цркви

- Црква „Св. Спас“ – главната селска црква;
- Црква „Св. Архангел Михаил“ – црква во месноста Тиквица;
- Црква „Св. Петка и Св. Недела“ – мала црква по текот на Калуѓерска Река;
- Црква „Св. Илија“ – главна манастирска црква во месноста Калуѓер;
- Црква „Св. Спас“ – мала црква на влезот од селото;

Сиричино

Цркви

- Црква „Св. Петка“ - Сиричино. Таа датира од XVI век или поточно од 1567 година. И покрај тешките услови под османлиското ропство црквата е обновена во 1641 година и од тогаш го носи името Света Петка. Црквата повторно била реновирана во 1884 година и реновирањето траело до 1893 година. Црквата Света Петка е една од најстарите во Тетовскиот крај и затоа после Втората светска војна е ставена под заштита на законот за заштита на споменици на културата.

Археолошки наоѓалишта

- Брце – некропола од доцноантичкото време. Источно од селото Сиричино, во непосредна близина на селското училиште се откриени гробови градени од камени плочи и питоси
- Матеички Дол - депо на средновековни монети. Во атарот на селото е откриено депо со бакарни византиски скифати од XII – XIII век. 163 монети се чуваат во збирката на Музејот на Македонија во Скопје, а според кажувањето на жителите, во депото имало повеќе монети што се растурени меѓу селаните.

Старо Село

Цркви

- Црква „Св. Ѓорѓи“ - Старо Село
- Црква „Св. Спиридон“ - Старо Село

Археолошки наоѓалишта

- Дубје, некропола од римско и доцноантичко време. На јужната периферија на Старо Село, на една мала височинка се откриени гробови. При заштитните археолошки ископувања извршени во 1982 год. се најдени бронзени монети, точки и друго. Наодите се чуваат во Музејот на тетовскиот крај.
- Цветков рид, населба од доцноантичко време. Југоисточно од Старо Село, под асфалтниот пат, на голема површина се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и множество градежен материјал.
- Градиште, населба од неолитското време. Северно од Старо Село, во правецот на селото Рогачево, по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, куќен лепеж и орудија од камен и кремен.

Туденце

Цркви

- Црква „Св. Петка“ – главна селска црква; и
- Црква „Св. Ѓорѓи“ – возобновена црква.

Споменици

- Биста на Цоки Стојановски во селскиот парк

Археолошки наоѓалишта

- Црквиште, црква од доцниот среден век. Југоисточно од селото Туденце, на мала височинка со зарамнето плато се гледаат остатоци од еднокорабна мала црква.

Шемшево

Цркви

- Црква „Св. Ѓорѓи“ – главна селска црква, изградена во 1913 година на темели на стара црква. Која што во записите датира од 1478 година.

Џамии

- Џамија – главна селска џамија, изградена во 1890 година.

Археолошки наоѓалишта

- Сред село, населба и некропола од доцноантичко време. На периферијата на селото Шемшево и западно од него се откриени темели од повеќе објекти, а по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови,питоси и множество градежен материјал. Според кажувањето на жителите, биле најдени и гробови.

4.10. Материјални добра

4.10.1. Водоснабдување

Општина Јегуновце се наоѓа во водостопанското подрачје (ВП) Полог кое го опфаќа сливот на реката Вардар, од изворишниот дел до водомерниот профил Радуша и сливот на реката Горна Радика чии притоки се зафатени со хидроенергетскиот систем Маврово.

Снабдувањето со вода за пиење и прифаќање и одведување на комуналните отпадни води за населените места во општина Јегуновце се врши од страна на општинско јавно претпријатие Јегуновце. Со вода за пиење се покриени голем дел од населените места во општина Јегуновце.

Во населеното место Јегуновце е изграден водоснабдителен систем претставен од систем на бунари кои се наоѓаат во близина на населбата. Овој систем е предвиден од 3 бунари од кои два се веќе изградени. Системот треба да осигура доволно водоснабдување на селата Јегуновце, Палатица, Требош и Озорниште откако ќе биде целосно изграден.

Во населеното место Палатица е изграден водоснабдителен систем, но не е во функција бидејќи е предвидено да се приклучат на системот за водоснабдување од Јегуновце, кој се состои од три (3) бунари од кои селата Јегуновце, Палатица, Требош и Озормиште ќе се снабдуваат. Поради тоа во моментот се користат индивидуални бунари како алтернативен извор на вода.

Во населеното место Требош, водоснабдителниот систем е во иста состојба како системот во Палатица. Откако ќе се поврзе на новиот систем за дистрибуција на вода ќе биде целосно функционален.

4.10.2. Одведување и прочистување на отпадни води

Со канализационата мрежа за одведувањето на комуналните отпадни води во општина Јегуновце стопанисува Општинско јавно претпријатие (ОЈП) Јегуновце и тоа во следниве населени места: Јегуновце, Сиричино, Шемшово, Јанчиште (нефункционална и недовршена канализациона мрежа), Жилче и Ратае. Излевањето на одпадните води се врши во р. Вардар, без пречистителна станица.

Додека пак во населените места Вратница, Јажинце и Рогачево одпадните води се одлагаат во р. Ракита.

Останатите населени места на територијата на о. Јегуновце се без канализационен систем и истите одпадни води се одлагаат во непосредна околина односно во септички јами и во р. Вардар, што дополнително допринесува за загадување на животната средина.

Комуналните отпадни води пак се предмет на мониторинг на јавните комунални претпријатија според Законот за води и Законот за животна средина, но во општина Јегуновце не целосно одведување на отпадните води и ОЈП не врши мониторинг на отпадните води. Нема континуирани податоци за влијанијата на испуштениот течен отпад од индустриските објекти како и влијанието на септичките јами кои се користат за испуштање на отпадни води од домаќинствата кои не се приклучени на канализациониот систем.

4.10.3. Енергетска инфраструктура

На просторот на првата и втората заштитна зона на изворот Рашче од енергетската инфраструктура застапени се објекти кои вршат пренос на електрична енергија од мавровските електрани кон Скопје, но и области кои се во функција на локалното население и населби, односно далноводи и трафостаници за потребите на домаќинствата и стопанските субјекти.

Од транзитните далекуводи што водат од мавровските хидроелектрани, преку Полошката Котлина и Дервенската Клисура кон Скопје се:

- Високонапонскиот 110 kV далекувод бр.108/1А од ХЕ Врутоk до фабриката "Југохром", односно до ТС 110/35 Југохром, во должина од 43,4 km. Далекуводот бр. 108/1Б од ТС Југохром до ТС Скопје 3 е со должина од 41,5 km и води по Дервенската клисура меѓу селата Долно и Горно Свиларе кон Скопје;
- Вториот далекувод е со напонско ниво од 35 kV од ТС Југохром води по Дервенската клисура населбата Радуша до Ѓорче Петров каде е поврзан со трансформаторската постројка ТС 35/10/04 kV. Овој далекувод денес функционира како 10 kV, бидејќи рудникот во Радуша е затворен, а трафостаницата во Радуша е со трансформатор од 10/04 kV. Од трафостаницата во Јегуновце се снадбуваат фабричкиот комплекс "Југохром" и населбите во Долен Полог. Од Јегуновце далекуводот продолжува до населбата Радуша.

Од поголемите електро-енергетски објекти значајни се и двата високонапонски далекуводи од 220 и 110 kV што водат од Врутоk до Скопје. Овие далекуводи водат јужно од селото Желино и ридот Добарски Жеден, над селото Групчин, преку Бојанско поле и Копаница продолжуваат кон ТС Скопје 4.

Населените места во оваа област се поврзани со дистрибутивна мрежа со напон од 10 kV, трансформаторите се од 10/04 kV, а разводната мрежа во населбите е со воздушни водови. Исклучок претставуваат трафостаницата 35/10/04 kV во рудникот Радуша, а функционира како ТС 10/04 kV.

Населбите во југоисточниот дел од Полог, односно на потезот од Желино до Јегуновце се поврзани со 10 kV далекувод кој води од трафостаница ТС 110/35/10 kV Тетово 1. Исто така, населбите во подножјето на Шар Планина, односно на северниот обод на Долен Полог дистрибутивното напојување го реализираат преку дистрибутивна мрежа од 10 kV. Овие населби се со двострано дистрибутивно напојување преку 10 kV дистрибутивна мрежа од ТС Радуша преку селото Орашје.

Постојната мрежа на електроснабдување (преносна и дистрибутивна мрежа) ги задоволува потребите на сегашната структура на домаќинствата и стопанскиите субјекти.

4.10.4. Третман на цврстиот отпад

Според податоците во Регионалниот план за управување со отпад во Полошкиот регион, на територијата на Општина Јегуновце (број на жители) во текот на 2018 год. се создале 9.424 тони отпад, а собрани се само 3.770 тони отпад или стапката на собирање изнесува околу 60%. Имајќи го во предвид овој факт, се претпоставува дека останатиот отпад завршил на диви депонии (ѓубришта).


За управувањето со отпад во општина Јегуновце е задолжено ОЈП Јегуновце. Собирањето на отпадот се врши делумно, со комуналната услуга за собирање, подигнување и транспортирање на комуналниот цврст отпад се опфатени скоро половина од населените места.

Депонирањето на цврстиот комунален отпад, во Полошкиот регион се извршува на локалните т.н општински депонии, кои не ги задоволуваат ниту основните санитарно технички стандарди за безбедно депонирање на отпадот. Моментално легално депонирање на отпадот се врши во депонијата Русино која се наоѓа во близина на Гостивар и е одредена за регионална депонија. Оваа депонија не ги задоволува ниту минималните стандарди за депонирање на отпад но во процес е на извршување потребите инфраструктурни зафати се со цел за исполнување на потребните еколошки стандарди за депонирање на отпад. Во Полошкиот регион е планирано да се воспостави интегрално управување со комуналниот отпад преку издавање на концесија за управување со комуналниот цврст отпад.

4.10.5. Сообраќајна мрежа

Општина Јегуновце има геостратешка местоположба во Полошкиот плански регион.

Преку неа води регионалниот пат, Р 1203 кој има меѓународно значење поради тоа што ја поврзува западна Македонија со Косово преку граничниот премин Јажинце. Низ територијата на општината поминува и железничката пруга, Скопје-Тетово-Кичево. Патната мрежа која одобрува квалитетна поврзаност на општината е надополнета и со регионалниот пат, Р-2234 кој ја поврзува општина Јегуновце преку Радуша со г. Скопје со што граѓаните добиваат можност за ефикасно поврзување со другиот дел на државата. Регионалниот пат, Р-2242 го поврзува општинскиот центар Јегуновце со автопатот Скопје-Гостивар. Регионалниот пат, Р-29274 поврзува дел од општината со регионалниот пат Тетово-граничен премин Јажинце.



Слика 4. Патна мрежа во Полошкиот регион

Во Полошкиот регион лоцирана е една железничка линија, Скопје–Тетово–Гостивар-Кичево, која што е дел од коридорот VIII: Драч–Тирана–Ќафасан–Кичево–Скопје-Куманово-Крива Паланка–Гуешево–Софија–Пловдив-Стара Загора-Варна/Бургас кој уште не е изграден, а во тек е реконструкција и рехабилитација на пругата Куманово-Бељаковце. Оваа железничка пруга е од огромно значење за целокупниот оштествено-економски развој на Североисточниот регион.



Слика 5. Железничка мрежа во Полошкиот регион

5. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ОБЛАСТИТЕ КОИ МОЖАТ ДА БИДАТ ЗНАЧИТЕЛНО ЗАСЕГНАТИ, ВО ОТСУСТВО НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЛЕАП

За да се одредат придобивките и/или недостатоците од имплементација на мерките и акциите предвидени во акциониот план на Локалниот еколошки акцционен план (ЛЕАП) за општина Јегуновце, 2024-2026, треба да се земе предвид и "do nothing" сценариото или состојба без имплементација на ЛЕАП.

5.1 Состојби, трендови и закани врз медиумите и областите од животната средина

Табела 9. Оцена на животната средина без имплементација на ЛЕАП

Област на СОЖС	Карактеристики на животната средина
Население и социо-економски развој	Моментална состојба
	– Во некои населени места има отсуство на водоводна мрежа и канализација, непостоење услуга за собирање на комунален отпад; – Низок животен стандард на локалното население; – Како резултат на лошата социо-економска состојба, забележлива е миграција на населението од селата во градовите, – Отсуство на странски и домашни инвеститори;
	Состојба без имплементација на ЛЕАП
	– Состојбата со системите за водоснабдување и одведување на отпадни води ќе остане иста; – Социо-економската состојба ќе остане иста или ќе се влоши; – Квалитетот на живот ќе се намали или ќе остане ист; – Отсуство на нови инвестиции;
	Состојба при имплементација на ЛЕАП
	Со имплементацијата на мерките и акциите предвидени во акциониот план на ЛЕАПот за Општина Јегуновце, ќе се постигнат следните приоритети: Обезбедување на доволни количини на исправна вода за пиење во сите населени места (Реконструкција и доизградба на водоснабдителни системи во општината); Одведување и пречистување на отпадните води во општината (Реконструкција и доизградба на канализационен систем; Поврзување на планираната ПСОВ за Тетово и доизградба на колекторски систем) и сл.
Здравје на населението	Моментална состојба
	– Несоодветно управување со отпад и отпадни води во повеќето населени места; – Недоволна покриеност со вода за пиење и канализациона мрежа во сите населени места; – Диви депонии во некои населени места; – Нарушен квалитет на почвите, како резултат на несоодветен третман на отпадните води;

	– Несоодветно користење на земјиштето; – Употреба на фосилни горива и други неквалитетни енергенси; – Загаден воздух особено во времето на грејната сезона; – Неконтролирана урбанизација; – Низок степен на еколошка свест;
	Состојба без имплементација на ЛЕАП
	Состојбата со здравјето на луѓето ќе биде иста или влошена поради постоењето на дивите депонии во близина на населените места и несоодветниот начин на управување со отпадот, неконтролирана урбанизација и несоодветно користење на земјиштето, неодржливо управување со природните ресурси и слично. Без имплементација на мерките и акциите кои се предвидени во сите тематски области на ЛЕАПот на Општина Јегуновце, особено во областите кои се однесуваат на состојбата со водата, воздухот, управувањето со отпадот, поради што ќе биде засегнато здравјето на населението.
	Состојба при имплементација на ЛЕАП
	Со имплементацијата на мерките и акциите предвидени во акциониот план на ЛЕАПот за Општина Јегуновце, ќе се постигнат следните приоритети: Обезбедување на доволни количини на исправна вода за пиење во сите населени места; Одведување и пречистување на отпадните води во општината; Воведување на енергетска ефикасност и искористување ма обновливи извори на енергија и сл.
Квалитет на амбиенталниот воздух и климатски промени	Моментална состојба
	– Непостоење на мониторинг станица за следење на квалитетот на амбиентниот воздух на територијата на општина Јегуновце; – Недостаток на податоци за емисиите на загадувачки супстанции и квалитетот на воздухот (катастар на загадувачи); – Загадување на воздухот од стационарни ложишта (загревање на домаќинствата во зимскиот период) – Загадување од прашината која се ослободува од каменоломите и ложиштата во домаќинствата, стопанските капацитети и јавните институции; – Неконтролирано палење на отпад (ѓубришта) и спалување на стрништа; – Диви депонии кои се потенцијални загадувачи на воздухот, поради мирис и прашина за време на ветровити периоди – Шумски пожари кои емитираат летечка пепел и други загадувачки материи – Мал процент на користење на обновливи извори (соларна енергија, биомаса, енергија на ветер, биогас) во однос на останатите извори на енергија (фосилни горива); – Непостоење на локален план за климатска акција и програма за енергетска ефикасност;
	Состојба без имплементација на ЛЕАП
	– Квалитетот на воздухот ќе остане на исто ниво или ќе се влоши; – Емисии на штетни гасови од неправилно управување со отпадот и отпадните води; – Емисии на штетни гасови од согорување на фосилните горива – Работа на инсталации без одобрение, дозвола (одобрен елаборат или Б – ИЕД)
	Состојба при имплементација на ЛЕАП

	Со имплементацијата на мерките и акциите предвидени во тематската област Воздух, енергетска ефикасност и климатски промени ќе се постигне надминување на некои од горе наведените проблеми, и остварување на приоритетите: Намалување и контрола на емисијата со загадувачки супстанции во воздухот (Воспоставување на локална мрежа за мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух на ниво на општината, поставување на мониторинг станица; Воведување на контрола на емисиите на загадувачки супстанции во воздухот со помош на мониторинг и процедури согласно законската регулатива; Подигање на јавната свест за заштита на воздухот од загадување) и Воведување на енергетска ефикасност и искористување ма обновливи извори на енергија (Воведување на систем за следење на состојбата со загадување особено во грејна сезона и одржливо управување со енергетските ресурси; Воведување на енергетски-ефикасни мерки; Зголемено искористување на обновливи извори на енергија)
Квалитет на вода	Моментална состојба
	– Загадување на површинските и подземните води како резултат на директното излевање на комуналните и индустриските отпадни води во водните тела; – Нецелосна покриеност со фекална и атмосферска канализација (присуство на септички јами); – Непостоење на пречистителна станица за третман на отпадни води и испуштање на нетретирани индустриски и комунални отпадни води во реципиентите; – Загадување на почвата и подземните води од употреба на пестициди; – Непроверен квалитет на водата за пиење (индивидуални извори) за снабдување со вода за пиење; – Непостоење на систем за одведување на комунални отпадни води во сите населени места; – Непостоење на систем за одведување на атмосферски води на целата територија на општина Јегуновце; – Непостоење на филтри за прочистување на вода, особено кај системите кои носат вода од селските бунари – Непостоење систем за зафаќање и користење на техничка вода за наводнување на јавни зелени површини; – Нередовно или воопшто неодржување на отворените канали за одводнување или заштита од поплави кои се преполни со отпадоци, кои како такви негативно влијаат врз животната средина; – Недостаток на систем за информирање на граѓаните за состојбите со квалитетот на водата за пиење и наводнување;
	Состојба без имплементација на ЛЕАП
	– Ист или влошен квалитет на водата за пиење; – Ист или влошен квалитет на водите, подземните води и почви поради непостоење на третман на отпадни води; – Ист или влошен квалитет на подземните води и почви поради пестицидите и другите хемиски средства кои се користат во земјоделието; – Неконтролирано одлагање на отпад покрај површинските водни текови;
	Состојба при имплементација на ЛЕАП

	Со имплементација на мерките и акциите предвидени во тематската област Вода и водни ресурси, ќе се постигне надминување на некои од горе наведените проблеми, и остварување на приоритетите: Обезбедување на доволни количини на исправна вода за пиење во сите населени места (Реконструкција и доизградба на водоснабдителни системи во општината; Зајакнување на капацитетите на јавното претпријатие за управување со водоснабдувањето; Подигање на јавната свест за рационална употреба на водата за пиење); Одведување и пречистување на отпадните води во општината (Реконструкција и доизградба на канализационен систем; Поврзување на планираната ПСОВ за Тетово и доизградба на колекторски систем) и Регулирани речни корита, порои и спречување на ероизија и поплави (Управување со ерозивни подрачја; Регулирање на речни корита - заради заштита од поплави и ерозии на земјиштето).
Почва	Моментална состојба
	– Ерозија на земјиштето и појава на свлечишта/лизгање на земјиштето во некои населени места; – Незаконска изградба на објекти и узурпација на државен имот; – Уништување шумски површини и плодно земјоделско земјиште; – Загадување на почвата од неконтролирана употреба на хемиски заштитни средства и пестициди; – Наводнување на почвата со загадени води или излевање на отпадни комунални води; – Несоодветна преработка во земјоделски области, одгледување култури со интензивни вештачки ѓубрива и пестициди; – Несоодветното управување со отпадот и отпадните води; – Појава на непродуктивно земјиште – напуштени места и парцели и немање на механизам за управување со истите; – Недоволна информираност на населението и низок степен на јавна свест во областа на заштита на почвата;
	Состојба без имплементација на ЛЕАП
	– Ист или зголемен тренд на намалување на површините под обработливо земјиште; – Ист или зголемен тренд на бесправна сеча на шумите; – Ист или намален квалитет на почва;
	Состојба при имплементација на ЛЕАП
	Со имплементација на мерките и акциите предвидени во тематската област Почва, користење на земјиште и урбан развој, ќе се постигне надминување на некои од горе наведените проблеми, и остварување на приоритетите: Заштита на почвата и земјоделското земјиште (Контролирана примена на агрохемикалиите во земјоделството; Производство на здравствено безбедна храна; Одржливо управување со земјоделското земјиште и употреба на добри земјоделски практики) и Контролиран урбан развој (Утврдување на приоритетни ДУПови и УП за село, нивно вградување, во програмите за уредување на градежно земјиште и просторно планирање; Засилена контрола на инспекциски служби во однос на изградба на диво градби и непочитување на урбанистичката планска документација; Примена на зелени урбани решенија).

Биодиверзитет и природно наследство	**Моментална состојба**
	– Недостаток на информации за управување со природата; – Недоволна промоција на природните богатства и археолошки наоѓалишта на територијата на Општина Јегуновце; – Недостаток на податоци за бројноста на животинскиот и растителниот свет; – Несоодветна заштита и управување со шумите; – Деградирање на шуми од страна на добиток кој се напасува; – Илегален лов на дивеч; – Неконтролирано собирање на шумски плодови и лековити растенија; – Недоволна вклученост на јавноста во изготвување на плански документи за управување со заштитени подрачја; – Негативно влијание на економските сектори (издавање на дозволи за каменоломи) врз биолошката разновидност со намалување на застапеноста на различни видови, нивно исчезнување и сл;
	Состојба без имплементација на ЛЕАП
	– Ист или зголемен тренд на узурпација на земјиштето со несоодветни соодржини; – Бесправна сеча на дрвја; – Бесправен лов и риболов;
	Состојба при имплементација на ЛЕАП
	Со имплементација на мерките и акциите предвидени во тематската област Природа, природни реткости и екосистемски услуги, ќе се постигне надминување на некои од горе наведените проблеми, и остварување на приоритетите: Воспоставување на интегрален систем за заштита на природата и биодиверзитетот (Воспоставување на база на податоци за состојбата со природата и биодиверзитетот во општината; Интегрирање на аспектите на природата и биодиверзитетот во процесот на изработка на планови и програми на ниво на општината; Воспоставување на мониторинг на состојбата со природата и биодиверзитетот; Подигање на јавната свест за зачувување на природните ресурси) и Одржливо управување со шумскиот фонд во општината (Одржливо управување со шумските ресурси и Формирање на доброволно против-пожарно друштво).
Предел	**Моментална состојба**
	– Зафаќање на зелените површини со диви депонии, особено во руралните населени места; – Дива сеча на шумите; – Неконтролирано палење на отпад (ѓубришта) и спалување на стрништа; – Недоволна промоција и познавање на природните реткости на територијата на општината – Несоодветно управување со природното наследство.
	Состојба без имплементација на ЛЕАП
	– Неконтролирана узурпација на зелени површини; – Наградување на пределот поради диви депонии – Деградација на шумските предели поради пожари и дива сеча

	Состојба при имплементација на ЛЕАП
	Со имплементација на мерките и акциите предвидени во тематската област Природа, природни реткости и екосистемски услуги, ќе се постигне надминување на некои од горе наведените проблеми, и остварување на приоритетите: Воспоставување на интегрален систем за заштита на природата и биодиверзитетот (Воспоставување на мониторинг на состојбата со природата и биодиверзитетот; Подигање на јавната свест за зачувување на природните ресурси) и Одржливо управување со шумскиот фонд во општината (Одржливо управување со шумските ресурси и Формирање на доброволно против-пожарно друштво).
Управување со отпад	Моментална состојба
	– Создавање на диви депонии покрај реките и патиштата, но и во населените места – Немање доволен број контејнери/канти за собирање и селектирање на отпад во населените места – Ниска еколошка свест за фрлање на отпад – Спалување на отпад на отворени локации – Немање на соодветно место за депонирање на отпадот (лоша состојба со општинската депонија) – Непостоење на систем за рециклирање и повторна употреба на корисните состојки од отпадот – Непостоење на функционален систем за селектирање на комуналниот отпад, – Ниска јавна свест во однос на постапувањето со разни видови на отпад – Непостоење систем за преработка и повторна употреба на отпадот – Непостоење на План и Програма за управување со отпад на територија на Општина Јегуновце, – Големи количини на земјоделски (биоразградлив) отпад кој се депонира заедно со комуналниот отпад
	Состојба без имплементација на ЛЕАП
	Состојбата во тематската област: Отпад и управување со отпад, ќе остане иста, со присуство на сите горе идентификувани проблеми и недостатоци со кои се соочува Општина Јегуновце при управувањето со отпадот.
	Состојба при имплементација на ЛЕАП
	Со имплементација на мерките и акциите предвидени во тематската област: Отпад и управување со отпад, ќе се постигне надминување на горе наведените проблеми, и остварување на приоритетите: (Затворање на дивите депонии и ремедијација на локациите; Воспоставување на мониторинг и инспекција од страна на комуналните инспектори; Подигање на јавната свест за затворање на диви депонии); Правилно управување со комуналниот и друг отпад (Зајакнување на капацитетот на локалното комунално претпријатие за собирање на отпадот во сите делови на општината; Изградба на депонија за инертен отпад на територија на општината) и Воспоставен систем за селектирање, рециклирање и реупотреба на отпад (Спроведување на јавна кампања за потребата од рециклирање; Изработка и реализирање на пилот проекти за циркуларна економија на локално ниво и Изработка на техничка документација и обезбедување на средства за изработка на локална компостара).

Материјални добра	**Моментална состојба**
	– Непостоење на системи за снабдување со вода во некои населени места во Општина Јегуновце; – Непостоење на системи за одведување на отпадни води во сите населени места во Општина Јегуновце; – Низок процент на покриеност со атмосферска канализација на територијата на Општина Јегуновце; – Немање знаењес, свесност и финансиски средства за користење на обновливи извори на енергија
	Состојба без имплементација на ЛЕАП
	Состојбата без имплементација на мерките и акциите предвидени во ЛЕАПот за Општина Јегуновце ќе остане иста, со присуство на сите горе идентификувани проблеми и недостатоци со кои се соочува Општина Јегуновце при управувањето и подобрување на состојбата со материјалните добра.
	Состојба при имплементација на ЛЕАП
	Со имплементација на мерките и акциите предвидени во акциониот план на ЛЕАПот за Општина Јегуновце, ќе се постигнат следните приоритети: Обезбедување на доволни количини на исправна вода за пиење во сите населени места (Реконструкција и доизградба на водоснабдителни системи во општината); Одведување и пречистување на отпадните води во општината (Реконструкција и доизградба на канализационен систем; Поврзување на планираната ПСОВ за Тетово и доизградба на колекторски систем) и Воведување на енергетска ефикасност и искористување ма обновливи извори на енергија (Воведување на енергетски-ефикасни мерки; Зголемено искористување на обновливи извори на енергија)

6. ОБЛАСТИ КОИ СЕ ОД ПОСЕБНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ОД АСПЕКТ НА ЗАШТИТА НА ДИВИТЕ ПТИЦИ И ХАБИТАТИТЕ

Општина Јегуновце е лоцирана во дел од Националниот парк Шар Планина кој изобилува со природни реткости од аспект на флората и фауната.

Националниот Парк „Шар Планина“ или делови од неговата територија, врз база на меѓународни критериуми и стандарди, се идентификува како:

Емералд подрачје

Емералд мрежата претставува мрежа на подрачја од посебен интерес (ППИ) назначени со цел зачувување на мрежата на природни живеалишта и се развива на територијата на земјите членки на Бернската конвенција (Конвенција за зачувување на дивиот свет и природните живеалишта). Во Република Северна Македонија, се идентификувани 35 подрачја од интерес и истите се предложени до Секретаријатот на Бернската конвенција за нивно вклучување во Националната Емералд мрежа. Заради високите природни вредности, Шар Планина, одамна е препознаена во повеќе глобални иницијативи. Површината на Емералд подрачјето „Шар Планина“ изнесува 47,003.6 ha.

Натура подрачје

Шар Планина поседува вредности со кои може да биде прогласена како идно Натура 2000 подрачје. На Шар Планина се среќаваат 14 живеалишта од Анекс I на Еврппската Директива за живеалишта. На Анекс II се наоѓаат 22 видови, на Анекс IV се наоѓаат 43 видови и на Анекс V се наоѓаат 4 видови. Повеќето од овие видови припаѓаат на цицачите (особено лилјаците) и херпетофауната. На Анекс I од Европската директива за птици се наоѓаат 27 видови птици.

Значајно подрачје за птици (ЗПП)

На иницијатива на BirdLife International започна програмата за значајни подрачја за птици (Значајни орнитолошки локалитети-ЗОЛ) на глобално ниво во рамки на која се развиени глобалните (критериуми А) и регионалните критериуми за добивање статус на ЗОЛ. Врз основа на овие критериуми, Шар Планина е класифицирана како значајно подрачје за птици. Значајното подрачје за птици „Шар Планина“ ги зафаќа јужните и централните делови на Шар Планина и се протега на површина од 41,317 ha. Долната граница е на околу 1,200 m надморска височина, а на места се спушта и до 640 m н.в. На југ, границата ги следи реките Ќафа е Кадис и Ачина Река и се движи по гребенот на врвовите Лера (2,194 m н.в.), Морава (2,147 m н.в.) и Мала Планина (1,798 m н.в.). На северозапад се простира до врвот Пескови (2,651 m н.в.) и долината на реката Бистрица. Доминира планинскиот релјеф со највисоките делови на планината (Титов Врв 2,748 m н.в, Мал Турчин 2,702 m н.в., Kobilica 2,528 m н.в. и др.). Овде влегува и долината на реката Пена со карпите кај месноста Лешница. Други поголеми речни долини се Јеловљанска Река, Маздрача и (Теарска) Бистрица. Во границите на ЗРП се и повеќето од глацијалните езера на Шар Планина, меѓу кои и Боговинско Езеро, како најголемо глацијално езеро во Р. Северна Македпнија. Значајните подрачја за птици не се дел од националната легислатива за заштита на природата.

Значајно растително подрачје (ЗРП) „Шар Планина"

Значајните растителни подрачја (ЗРП) се подрачја со природни или полуприродни живеалишта кои изобилуваат со посебен растителен диверзитет, со ретки, засегнати и/или ендемични растителни видови и/или растителни заедници кои имаат голема ботаничка вредност. Тие не се дел од националната легислатива за заштита на природата. Идентификувањето на подрачјата ЗРП во Еврппа е иницијатива на PlantLife International и се спроведува во согласност со определени критериуми кои можат да се применат на глобално ниво врз основа на присуството на: А – засегнати видови, В – растителен диверзитет, С – засегнати живеалишта. За да биде класифицирано како ЗРП, подрачјето мора да исполни барем еден од наведените критериуми, односно да го исполнува критериумот А или В или С или која било комбинација од овие три критериуми. ЗРП „Шар Планина" зафаќа површина од 50,163.19 ha. Зафаќа големи површини со планински и високопланински пасишта на варовничка и силикатна подлога. Од шумите најзастапени се букови, смрчови и смрчово-елови шуми. ЗРП „Шар Планина" вклучува 16 видови според критериумот А (Ranunculus degenii, Alkanna nonneiformis, Silene schmuckeri, Ramonda nathaliae, Dianthus scardicus, Buxbaumia viridis, Narthecium scardicum, итн.).

Значајно подрачје за пеперутки (ЗПП) „Шар Планина"

Иницијативата за значајните подрачја за пеперутки (ЗПП) во Европа е насочена кон целни видови за кои е потребно приоритетно зачувување. Идентификацијата на овие подрачја е во целосна координација и дава поддршка на други иницијативи како што се: Natura 2000, Пан-европската еколошка мрежа (PEEN), Пан-европската стратегија за биолошка и пределска разновидност, Емералд мрежата и Бернската Конвенција. Критериумите за селекција ќе помогнат да се идентификуваат најзначајните подрачја за специфични видови во Европа, комбинирани со широка географска покриеност која вклучува и маргинални и клучни популации. Шар Планина е идентификувана како значајно подрачје за пеперутки (во 2003 година). Површината на подрачјето изнесува 68,084.62 ha. ЗПП „Шар Планина" не е дел од националната легислатива за заштита на природата.

Европски зелен појас

Оваа иницијатива е од многу значајна за Република Северна Македонија. Декларацијата за вклучување на земјата во Европскиот зелен појас, како дел од Балканскиот зелен појас, е потпишана во 2013 година. Површината на зелениот појас кој се наоѓа на територијата на Р. С. Македонија изнесува 5,125 km/m^2 што претставува околу 19.9 % од вкупната површина на државата. Тука се опфатени 11 заштитени подрачја и тоа националните паркови Пелистер, Маврово и Галичица, спомениците на природата - Охридско, Преспанско и Дојранско езеро, Вевчански извори, Смоларски водопад, Колешински водопад и Мајдан, како и паркот на природата - Езерани на Преспанското езеро.

Масивот Шар Планина е едно од најзначајните подрачја на Балканскиот зелен појас. Овој регион е едно од последните останати засолништа за големите европски месојадци, како што се мечката, волкот и рисот. Шар Планина се протега од јужниот дел на Косово и северозападниот дел на Северна Македонија до североисточна Албанија. Овој планински масив е долг околу 80 km и широк од 10 до 30 km. Масивот Шар Планина се протега сè до планината Кораб (2,764 m) на југозапад, пред да продолжи долж албанско-македонската граница како планински венец Дешат.

7. ЦЕЛИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА УТВРДЕНИ НА НАЦИОНАЛНО И МЕЃУНАРОДНО НИВО

Целите за заштита на животната средина се дефинираат на национално и меѓународно ниво за да се обезбеди одржливо управување со природните ресурси, заштита на биодиверзитетот и намалување на загадувањето.

Основните принципи за заштита на животната средина во државата се поставени со Уставот на Република Македонија (Сл. Весник на РМ, бр. 52/91, 1/92, 31/98, 91/01, 84/03, 107/05, 3/09), како највисок правен документ во земјата во кој согласно Член 8, една од темелните вредности на уставниот поредок претставува и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата.

Член 43, го регулира правото на здрава животна средина за секој еден поединец, притоа секој поединец има должност да ја унапредува и штити животната средина и природата. РСМ обезбедува услови за остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина, преку донесување и имплементирање на релевантната законска регулатива.

Поглајве 10 од ЗЖС ја објаснува постапката за оцена за влијанието на определени стратегии, планови и програми врз животната средина, која е од особено значење за правната заштита на националните паркови.

СОЖС се подготвува во согласност со националната законска рамка и одредбите од други релевантни меѓународни правни инструменти, вклучувајќи ги Директивата за СОЖС 2001/42/ЕЗ, Архуската Конвенција, ЕСПО Конвенцијата и УНЕЦЕ Протоколот од Киев за ЕСПО Конвенцијата.

Специфични цели за заштита на животната средина:

- Заштита и унапредување на квалитетот на површинските и подземните води;
- Заштита и унапредување на биолошката разновидност, природното и културното наследство;
- Заштита и унапредување на квалитетот на почвите;
- Заштита и унапредување на квалитетот на воздухот преку намалување на емисии на стакленѝчки гасови;
- Интегрално управување со комуналниот отпад и негова селекција, транспорт и рециклирање за зачувување на почвата, а со тоа и минимизирање на отпадот;
- Заштита и унапредување на пределот и животната средина;
- Заштита од бучава и вибрцаии;
- Заштита и унапредување на материјалните добра;
- Минимизирање на појавите од несреќи и хаварии;

Целите за заштита на животната средина се инкорпорирани во многу други законски и подаконски акти.

Одредбите од меѓународната легислатива се инкорпорирани во нациналната легислатива во форма на законски и подзаконски акти и Конвенции, кои се ратификувани од страна на РСМ со посебни закони:

- Агенда 2030 за одржлив развој (Обединети нации):
  - Цел 13: Акција за климатски промени;
  - Цел 14: Заштита на океаните и моријата, односно на водените екоситеми;
  - Цел 15: Заштита на копнените екосистеми, шумите и биодиверзитетот;
- Париски договор (2015):
  - Ограничување на глобалното затоплување на - под 2°C (по можност 1.5°C);
  - Поттикнување на нискојаглеродни економии и инвестиции во зелени технологии;
- Конвенција за биолошка разновидност, Закон за ратификација (Сл. Весник на РМ, бр. 54/97), која има за цел зачувување на биолошката разновидност, одржливо користење на компонентите на биолошката разновидност и еднаква распределба на придобивките кои произлегуваат од користењето на генетските ресурси;
- Картагенски Протокол за биосигурност кон Конвенцијата за биолошка разновидност, Закон за ратификација (Сл. Весник на РМ, бр. 40/05)
  - Конзервација на биодиверзитетот;
  - Одржливо користење на природните ресурси;
  - Праведна распределба на бенефитите од користењето на природните ресурси;
- Конвенција за пристап до информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правдата за прашањата поврзани со животната средина (Архус), Закон за ратификација (Сл. Весник на РМ, бр. 40/99);
  - Пристап на јавноста до информации, учество во донесување на одлуки и пристап до правда за прашања поврзани со животна средина;
- Рамковна Конвенција на ОН за климатски промени (Њујорк), Закон за ратификација (Сл. Весник на РМ, бр. 6/97);
- Кјото Протокол кон Рамковната Конвенција на ОН за климатски промени, Закон за ратификација (Сл. Весник на РМ, бр. 49/04);
- Конвенција на Обединетите Нации за борба против опустинувањето во земјите што се соочуваат со сериозни суши и/или опустинување, особено во Африка, Закон за ратификација (Сл. Весник на РМ, бр. 13/02);
  - Меѓународна соработка во борбата против климатските промени;
  - Мониторинг на емисии и поддршка на адаптација и финансирање за земји во развој;
- Конвенција за оценка на влијанијата врз животната средина во прекугранично контекст (ЕСПО), Закон за ратификација (Сл. Весник на РМ, бр. 44/99);
- Конвенција за заштита и користење на прекугранични водотеци и меѓународни езера (Хелсинки), Закон за ратификација (Сл. Весник на РМ, бр. 117/15);
- Протокол за стратешка оценка на животната средина, Закон за ратификација (Сл. Весник на РМ, бр. 120/2013);
- Виенска Конвенција за заштита на озонската обвивка, Закон за ратификација (Сл. Весник на РМ, бр. 1/90);

- Стокхолмска Конвенција за заштита на човековото здравје и животната средина од отпорни органски соединенија, Закон за ратификација (Сл. Весник на РМ, бр. 19/94);
- Конвенција за заштита на водните живеалишта со меѓународно значење за заштита на водните птици (Рамсар), Уредба за ратификација (Сл. лист на СФРЈ 9/77)
- Конвенција за заштита на миграторни видови диви животни (Бон), Закон за ратификација (Сл. Весник на РМ, бр. 38/99);
- Конвенција за заштита на дивиот растителен и животински свет и природните живеалишта во Европа (Берн), Закон за ратификација, (Сл. Весник на РМ, бр. 49/97);
- Конвенција за заштита на светското културно и природно наследство, (Сл. Весник на СФРЈ" 56/74);
- Конвенција за вредностите на културното наследство за општеството (Фаро 2005) Закон за ратификација, (Сл. Весник на РМ, бр. 25/11);
- Конвенција за заштита на архитектурното наследство на Европа (Гранада 1985);
- Конвенција за заштита на археолошкото наследство на Европа (Валета 1992), Закон за ратификација, (Сл. Весник на РМ, бр. 56/05);

7.1. Цели на Стратегиската оцена на животната средина

Споребата на целите за животна средина со мерките и акциите во ЛЕАПот за Општина Јегуновце и нивната идна имплементација, ќе биде во насока на поставените цели за заштита на животната средина. Целите на стратегиската оцена на животната средина се претставени преку статусот на медиумите и областите на животната средина, односно на: населението и здравјето на населението, биолошката разновидност, водата, почвата, воздухот и климатските промени, пределот, културно наследство, материјалните добра и интеракцијата помеѓу нив.

Табела 10. Поврзаност меѓу целите на СОЖС и целите на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) за општина Јегуновце

СОЖС област	Општа цел на СОЖС	Посебни цели на СОЖС	Цели на ЛЕАП	Индикатори
Население и социо-економски развој	Унапредување на квалитетот на животот на населението на територијата на Општина Јегуновце	— подобрување на социо-економската состојба (вработување, спречување на миграцијата, намалување на депопулацијата, зголемување на приходите, демографски развој); — подобрување на состојбата со инфраструктурата (снабдување со вода, одведување на отпадни води, собирање и третман на комунален отпад); — подобрување на квалитетот на животот на луѓето;	— подобрување на квалитетот на животот; — заштита и зачувување на постоечката инфраструктура; — изградба на нова комунална инфраструктура; — користење на обновливи извори на енергија; — почист воздух; — подигање на јавната свест на населението за значењето на природата и билошката разновидност; — чистење на дивите депонии; — зазеленување и одржување на посточекото зеленило на терироријата на општината; — учество на јавноста во донесување на одлуки на локално ниво;	— стапка на (не)вработеност; — стапка на миграција; — трендови на загадување на медиумите и областите од животната средина; — % на изградена комунална инфраструктура; — број на исчистени диви депонии; — површина на засадено ново зеленило;
Здравје на населението	Заштита и унапредување на здравјето на населението на територијата на Општина Јегуновце	— заштита и унапредување на здравјето на луѓето; — подобрување и унапредување на состојбата со медиумите и облстите на животната средина; — намалување на ризиците поврзани со загадена вода за пиење или загадена вода земјоделска употреба;	— подобрување на здравјето на населението; — развој и примена на активности за подобрување на состојбата со медиумите и областите на животната средина (квалитет на водата, квалитетот на воздухот, почвата, подземни води, биолошката разновидност); — редовно собирање и отстранување на отпадот, забрана за фрлање и депонирање на отпад во близина на површинските водни текови;	— подобрена здравствена состојба на населението; — извештај од мониторинг на квалитетот на воздухот и другите медиуми; — извештаи за количини на собран и депониран отпад; — извештаи за здравјето на населението;
Квалитет на воздух и климатски промени	Заштита и унапредување на квалитетот на воздухот и намалување на емисиите на стакленички гасови	— заштита и унапредување на квалитетот на воздухот; — редовно собирање и прописно депонирање на комунален отпад;	— воведување на контрола на емисиите на загадувачки супстанции во воздухот со помош на мониторинг и процедури согласно законската регулатива; — чистење на диви депонии;	— мониторинг извештаи за квалитетот на воздухот; — број на исчистени диви депонии;

		— намалување на емисиите на стакленички гасови; — зголемено искористување на обновливи извори на енергија;	— спречување на појава на пожари; — воспоставување на ефикасен третман на отпадните комунални води; — воведување на енергетски-ефикасни мерки; — зголемено искористување на обновливи извори на енергија;	— број на спречени и изгаснати пожари; — површини на отстранета и новозасадена шумска вегетација; — број на постројки на обновливи извори на енергија;
Квалитет на вода	Заштита и унапредување на квалитетот на површинските и подземните води на територијата на Општина Јегуновце	— идентификување и минимизирање на негативните влијанија врз површинските и подземните води уште во фаза на планирање; — одржливо управување со водните ресурси преку вградување на критериуми за заштита на водата во плански и развојни документи; — заштита и унапредување на квалитетот на површинските водни тела; — намалување на загадување од индустрија, земјоделство, отпадни води и урбан развој; — спречување на испуштања, односно емисии на течен отпад и други опасни материи во водите; — забрана за депонирање на комунален отпад во близина на површински водни тела; — намалување на штетните испуштања и постепено елиминирање на емисиите на опасни материи и супстанции во водите;	— рационално користење на водите на територија на Општина Јегуновце; — реконструкција и доизградба на водоснабдителни системи во општината; — подобрување на квалитетот на површинските водни тела; — забрана за фрлање и депонирање на отпад во близина на водни тела; — реконструкција и доизградба на канализационен систем; — поврзување на планираната ПСОВ за Тетово и доизградба на колекторски систем; — да се обезбеди квалитет на третираната вода во согласност со законската регулатива за дозволените гранични вредности за квалитет на вода пред испуст во реципиент;	— број на мерки/активности за рационална употреба на водните ресурси; — трендови на создавање диви депонии околу речните текови; — поврзување на планираната ПСОВ за Тетово за прочистување на отпадни води; — извештаи од редовен мониторинг од страна на УМХР или друга овластена лабораторија; — тренд на подобрен квалитет на водата во површинските водни текови (физички, хемиски и микробиолошки карактеристики); — тренд на намалени емисии во почвата и подземните води (намалено испуштање на отпадни води;

Квалитет на почва	Заштита и унапредување на квалитетот на почвата	— спречување на загадување, ерозија, засолување, закиселување и други форми на деградација на почвата; — рационално и еколошки одговорно користење на земјиштето во разни цели (урбано, земјоделско, индустриско и рурално планирање); — намалување на деградацијата на почва поради инфраструктурни проекти; — бесправна трансформација на плодно земјоделско земјиште во градежно; — мапирање на историски загадени или деградирани почви и иницирање мерки за нивна обнова или ограничување на ризикот; — усогласување со ЕУ стратегијата за почви (Стратегија за заштита на почвите на ЕУ); — воспоставување на мониторинг на почвите, особено кај ранливи зони; — промоција на природни решенија како пошумување, обновување и агроеколошки практики; — намалување на урбанизација, односно градба на плодни земјоделски површини;	— чистење и намалување на создавање на ѓубриштата на територијата на Општина Јегуновце; — контролирана примена на агрохемикалиите во земјоделството (минерални ѓубрива, пестициди и друго); — одржливо управување со земјоделското земјиште и употреба на добри земјоделски практики; — утврдување на приоритетни ДУПови и УП за село, нивно вградување, во програмите за уредување на градежно земјиште и просторно планирање; — засилена контрола на инспекциските служби во однос на изградба на дивоградби и непочитување на урбанистичката планска документација; — примена на зелени урбани решенија;	— број на исчистени ѓубришта; — тренд на ерозија; — применети добри практики во земјоделието; — тренд на намалени емисии во почвата и подземните води (намалено испуштање на отпадни води; — број на извршени увиди од страна на инспекциски служи; — тренд на воведување на решенија базирани на природа;
Биодиверзитет и природно наследство	Заштита и унапредување на биодиверзитетот и природното наследство	— спречување на загуба на видови, живеалишта и генетска разновидност; — обезбедување интегритет, функционалност и одржливост на	— одржливо управување со биолошката разновидност и природното наследство (вклучувајќи ги и шумските ресурси); — воспоставување на база на податоци за состојбата со природата и биодиверзитетот во општината;	— тренд на бесправна сеча на шуми; — резултати од извршен мониторинг;

		националните паркови, природни резервати и други заштитени подрачја; — еколошка поврзаност меѓу природните живеалишта (еколошки коридори) при изградба на инфраструктурни објекти; — воспоставување и имплементирање на мерки за заштита на биодиверзитетот; — зачувување на геолошки формации, пејзажи, спелеолошки објекти и други природни богатства со културно и еколошко значење; — вклучување на критериуми за заштита на биодиверзитетот при изработка на урбани, рурални, енергетски, транспортни и туристички планови; — развој на отпорни екосистеми преку обновување и засилување на природните процеси; — континуиран мониторинг на биолошката разновидност;	— спроведување на мониторинг на биолошката разновидност на видови и живеалишта со помош на соодветна методологија; — забрана за незконски лов и риболов; — урбанистички развој на просторот со примена на принципите и стандардите за заштита на природата; — интегрирање на аспектите на природата и биодиверзитетот во процесот на изработка на планови и програми на ниво на општината; — подигање на јавната свест за зачувување на природните ресурси;	— број на одржани кампањи/едукации; — тренд на незаконски лов и риболов; — тренд на заштита на подрачја со спечифични карактеристики;
Пределски карактеристики	Заштита и унапредување на пределските карактеристики	— препознавање и заштита на уникатните природни и визуелни вредности на пределот; — да се осигура дека просторните и урбанистичките планови и инфраструктурни проекти не ги нарушуваат карактеристиките на пределот; — намалување на негативните влијанија како што се	— оптимално дефинирање на мрежи и објекти од комуналната и енергетската инфраструктура; — почитување на издадените услови за планирање на просторот за изградба на објектите, развој и користење на земјиштето; — интегрирање на аспектите на пределските карактеристики во процесот на изработка на планови и програми на ниво на општината;	— резултати од извршен мониторинг; — изградени објекти и пропратни содржини кои се вклопуваат во пределот;

		неконтролирана урбанизација, изградба на индустриски капацитети или уништување на природните карактеристики; — промовирање на одржливи практики кои ги зачувуваат традиционалните пејзажи од ниви, пасишта, лозја и шуми; — зачувување на континуитетот и функционалноста на пределите како дел од екосистемите; — соодветно депонирање на отпад;		
Културно наследство	Заштита и унапредување на културното наследство	— препознавање и вклучување на културно-историските локации и објекти во процесите на изработка на планови и програми; — проценка на можните физички, визуелни или социјални влијанија од инфраструктурни, урбани или индустриски проекти врз културното наследство; — поттикнување инвестиции и активности кои обезбедуваат заштита и современа употреба на културните добра (на пр. културен туризам); — подигнување на свеста и учество на граѓаните во процесите на заштита и промоција на културното наследство;	— спроведување на конзерваторски активности за заштита на културното наследство; — развивање на посебни програми за заштита и управување, како и промоција на културното наследство;	— број на евидентирани објекти за време на изведување на градежните активности кај некои од проектите; — број на спроведени конзерваторски активности;
Материјални добра	Заштита и унапредување на материјалните добра	— превенција од штети предизвикани од планирани активности (градежни зафати, индустрија, ерозија, поплави и сл.) врз постојните	— одржување на постоечките туристички локалитети во добра состојба; — воспоставување на ефикасен систем за управување	— воспоставена динамика и начин на мониторинг над работата;

		материјални добра; — проценка на ризиците од физичко уништување, оштетување или деградација на инфраструктурата, јавните згради, индустриските капацитети и други материјални ресурси; — одржување во добра состојба на постоечката инфраструктура (системи за водоснабдување и одведување на отпадни води); — вклучување на мерки за заштита на материјалните добра при подготовка на планови, програми и стратегии од различни сектори (транспорт, енергетика, урбанизам, туризам). — предвидување мерки за заштита на објектите од земјотреси, поплави, свлечишта, пожари и други природни ризици. — рационално користење на просторот, минералните суровини, инфраструктурата и енергетските капацитети во согласност со принципите на одржлив развој; — воспоставување на ефикасен систем за управување со отпад;	со отпад; — одржување во добра состојба на постоечката инфраструктура (сообраќајна, комунална, енергетска); — изградба на инфраструктура на локации кои не се евидентирани како природни вредности;	— тренд на отстранување на отпад; — број на превземени активности за одржување на постоечката инфраструктура:

8. ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЗНАЧАЈНИ ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

ЛЕАПот претставува документ со долгорочни позитивни влијанија врз животната средина. Преку негова имплементација, општините можат системски да го подобрат квалитетот на животот, да ја заштитат природата и да обезбедат одржлив развој со вклученост на сите засегнати страни.

Потенцијалните влијанија врз животната средина, здравјето на населението и социо-економските аспекти кои може да бидат предизвикани при реализација на мерките и акциите кои се предвидени во секоја од тематските области на Локалниот еколошки акционен план (ЛЕАП) за Општина Јегуновце, ќе бидат разгледани во ова поглавје.

Потенцијалните влијанија врз животната средина, здравјето на населението и социо-економските аспекти може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија.

Извештајот за СОЖС ги зема предвид влијанијата врз сите медиуми и области на животната средина, населението и здравјето на луѓето и социо-економските карактеристики, но од генерален, општ аспект.

Имплементацијата на предвидените мерки и акции, ќе допринесат за намалување на притисоците и заканите врз секоја од тематските области (Воздух, енергетска ефикасност и климатски промени; Вода и водни ресурси; Почва, користење на земјиште и урбан развој; Отпад и управување со отпад и Природа, природни реткости и екосистемски услуги), но од друга страна може да придонесат за нарушување на квалитетот и состојбата на медиумите и областите од животната средина и здравјето на населението.

ЛЕАПот е највисок стратешки документ за управување со животната средина и се очекува да ги вклучи сите идентификувани и предложени мерки по сите постоечки плански документи од различни области и теми поврзани со животната средина.

Имплементацијата на ЛЕАПот зависи од политичката волја, заложбата на надлежните органи и финансиските можностите за нивна реализација. Исто така, важен е институционалниот капацитет и спремност да одговори на предизвиците за реализација.

ЛЕАПот се предвидени мерки и активности кои во најголем дел се однесуваат на изработка на техничка документација, зајакнување на капацитетите и обуки на вработените, организирање и спроведување на кампањи, соработка со здруженија на граѓани и сл.

Со цел да ги разгледаме влијанијата (позитивни и негативни) врз здравјето на луѓето и животната средина, направивме преглед на мерки и акции кои предвидуваат изградба, односно реализација на инфраструктурни проекти и/или индустриски капацитети:

Табела 11. Мерки и акции кои може да имаат влијание врз животната средина

Тематска област	Мерки/акции
Воздух, енергетска ефикасност и климатски промени	– Реконструкција на фасади и кровови на јавни објекти – Замена на енергетските котли од мазут, нафта, јаглен или дрво на електрична енергија или обновливи извори на енергија (сончеви колектори) – Поставување на соларни колектори и фотоволтаици на јавни објекти
Вода и водни ресурси	– Реконструкција, доизградба и поврзување на сите населени места со водоснабдителен систем – Реконструкција и доизградба на канализационен систем на територијата на општината – Доизградба на колекторски систем и потребната инфраструктура за приклучување кон ПСОВ за Тетово – Спроведување на проекти за заштита од ерозија – Спроведување на акција за пошумување на ерозивни подрачја – Изградба и уредување на речни корита
Почва, користење на земјиште и урбан развој	– Поставување на зелени кровови и фасади – Креирање на градини на места на диви депонии и организација на просторот
Отпад и управување со отпад	– Затворање на дивите депонии и ревитализација на локациите – Воспоставување депонија за инертен отпад на територија на општината – Изработка и реализирање на пилот проекти за циркуларна економија на локално ниво – Изградба на компостара
Природа, природни реткости и екосистемски услуги	– За оваа тематска област мерките и акциите кои се предвидени се на ниво на изработка на анализи, студии, планови, и организирање на кампањи и едукација за одржливо управување со природните и шумските ресурси.

Табела 12. Преглед на влијанија предизвикани од имплементација на ЛЕАПот и мерки за намалување на влијанијата

<table>
<tr><th colspan="10">ЖИВОТНА СРЕДИНА</th></tr>
<tr><td>Опис на влијанијата</td><td colspan="9">Дефинираните мерки и акции во сите тематски групи на акциониот план на ЛЕАПот за општина Јегуновце предвидено е да се спроведат во рок од 6 години, а имаат за цел заштита на животната средина, подобрување на состојбата на медиумите и областите од животната средина и подобрување на здравјето и квалитетот на живот на населението на територијата на општина Јегуновце.
Општина Јегуновце е задолжена за спроведување на мерките и акциите за подобрување на состојбата во секоја од тематските групи (Воздух, енергетска ефикасност и климатски промени; Вода и водни ресурси; Почва, користење на земјиште и урбан развој; Отпад и управување со отпад и Природа, природни реткости и екосистемски услуги).
Значителни влијанија кои се очекува да бидат предизвикани се во фаза на реконструкција на фасади и кровови на јавни објекти, изградба на нова и реконструкција на постоечката комунална инфраструктура (водоводна мрежа и мрежа за одведување на отпадни води, чистење на дивите депонии/ѓубришта, ревитализација на загадени локации, изградба на депонија за инертен отпад и изградба на компостара).
Со оглед на тоа сите предвидени мерки и акции во тематските групи на ЛЕАПот, на долгорочен план ќе имаат позитивни влијанија, а при изработката се дефинирани мерки за намалување и ублажување на влијанијата, може да се каже дека генералните влијанија врз животната средина од спроведување на ЛЕАПот се оценуваат како неутрални.</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Оцена на влијанијата</td><td>население</td><td>човеково здравје</td><td>воздух</td><td>климатски промени</td><td>биодиверзитет и природно наследство</td><td>води</td><td>почва</td><td>културно наследство</td><td>материјални добра</td></tr>
<tr><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>+/+</td></tr>
<tr><td colspan="9">Влијанијата по својата природа можат да бидат директни, индиректни, како и кумулативни.
Влијанијата можат да бидат и позитивни и негативни од незначителни до значителни во фазата на изградба. За инфраструктурните проекти треба да се изработи елаборат за проценка на влијанијата врз животната средина во кој детално ќе бидат разгледани влијанијата кои ќе бидат предизвикани за време на реализиацијата на проектот.
Опсегот на влијанијата е локален (негативни, позитивни), додека позитивните влијанија ќе имаат ефект на регионално и национално ниво, ќе дадат значителен допринос кон основните определби во управувањето со водите, отпадот, подобрување на енергетската ефикасност и сл.</td></tr>
<tr><td>Мерки за намалување на влијанијата</td><td colspan="9">– Обезбедување учество на сите заинтересирани страни во процесот на донесување одлуки за реализирање на активностите дефинирани во ЛЕАПот;
– Изработка на елаборат/и за заштита на животна средина или студија за ОВЖС пред изградба/реконструкција на постоечката комунална инфраструктура, санација на ѓубришта, изградба на депонија за инертен отпад и изградба на компостара;
– Примена на мерките за намалување на влијанијата во фаза на изградба/реконструкција (намалување на емисиите од издувните</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td></td><td>гасови, попрскување на земјената површина каде треба да се изведат земјени и градежни работи, како и користење на распрскувачи на база на вода - за намалување на прашина, собирање на создадениот отпад, намалување на ниво на бучава и сл);
– Со оглед на тоа што Општина Јегуновце се наоѓа во прва и втора заштитна зона на изворот Рашче, потребно е да се земат предвид одредбите кои се дефинирани во Одлуката за утврдување на заштитните зони на изворот Рашче и определување на мерките за заштита;
– Со оглед на тоа што населените места: Беловиште, Вратница, Старо Село и Јажинце се наоѓаат во рамки на Националниот Парк „Шар Планина“ во зоната на одржливо користење, се препорачува да се следат мерките и препораките кои се дадени во Планот за управување со НП „Шар Планина“.</td></tr>
<tr><td colspan="2">ПРИРОДНИ ВРЕДНОСТИ И ПРИРОДНО НАСЛЕДСТВО</td></tr>
<tr><td>Опис на влијанијата</td><td>Дефинираните мерки и акции во тематската област - Природа, природни реткости и екосистемски услуги, се на ниво на изработка на анализи, студии, планови, и организирање на кампањи и едукација за одржливо управување со природните и шумските ресурси и се очекува да допринесат за заштита на природното наследство на територијата на Општина Јегуновце.
Со спроведување на мониторингот на видовите и живеалиштата, ќе се добијат податоци кои може да се искористат за изработка на дополнителни извештаи/студии за мапирање на биодиверзитетот и природното наследство на територијата на Општина Јегуновце.
Краткотрајни и неповратни негативни влијанија може да се јават при изградба на нова и реконструкција на постоечката комунална инфраструктура (водоводна мрежа и мрежа за одведување на отпадни води), изградба на депонија за инертен отпад и изградба на компостара и сл.
При реализација на инфраструктурните проекти, во фаза на изградба се можни влијанија од типот на вознемирување на животинскиот свет; фрагментација на живеалишта; нарушување на циклусот на размножување на животинскиот свет (птици) и сл.
Со оглед на тоа што населените места: Беловиште, Вратница, Старо Село и Јажинце се наоѓаат во рамки на Националниот Парк „Шар Планина“ во зоната на одржливо користење, треба да се следат мерките и препораките кои се дадени во Планот за управување со НП „Шар Планина“.</td></tr>
<tr><td>Оцена на влијанијата</td><td>
<table>
<tr><th>население</th><th>човеково здравје</th><th>воздух</th><th>климатски промени</th><th>биодиверзитет и природно наследство</th><th>води</th><th>почва</th><th>културно наследство</th><th>материјални добра</th></tr>
<tr><td>+</td><td>+</td><td>+</td><td>+</td><td>+/-</td><td>+</td><td>+</td><td>+</td><td>+</td></tr>
</table>
Влијанијата по својата природа можат да бидат директни, индиректни, како и кумулативни.
Влијанијата можат да бидат и позитивни и негативни од незначителни до значителни во фазата на изградба. За инфраструктурните проекти треба да се изработи елаборат за проценка на влијанијата врз животната средина во кој детално ќе бидат разгледани влијанијата кои ќе бидат предизвикани за време на реализиацијата на проектот.</td></tr>
</table>

Мерки за намалување на влијанијата	– Обезбедување учество на сите заинтересирани страни во процесот на донесување одлуки за реализирање на активностите дефинирани во ЛЕАПот; – Изработка на елаборат/и за заштита на животна средина или студија за ОВЖС пред изградба/реконструкција на постоечката комунална инфраструктура, санација на ѓубришта, изградба на депонија за инертен отпад и изградба на компостара; – Примена на мерките за намалување на влијанијата во фаза на изградба/реконструкција (намалување на емисиите од издувните гасови, попрскување на земјената површина каде треба да се изведат земјени и градежни работи, како и користење на распрскувачи на база на вода - за намалување на прашина, собирање на создадениот отпад, да се мимимизира подрачјето на кое ќе се вршат активностите, внимателно отстранување на горниот слој од почвата и повторна употреба доколку е можно; избегнување на периодите на репродукција на животните; проверка на локацијата од постоечки гнезда и сл); – Спроведување едукација за важноста и значењето на билошката разновидност и природните вредности; – Забрана или контролирано собирање на лековити билки и растенија; – Почитување на дозволените активности и дејности во рамките на зоната за одржлив развој, односно: забрането е одгледување на алохтони (вклучувајќи генетски модифицирани) или инвазивни видови растенија и животни; забрането е лов на дивеч; забрането е изградба на нови хидроелектрични централи; забрането е изградба на нова инфраструктура за производство на електрична енергија (цевководи, фотоволтаични централи, воздушни турбини) во пределот; забрането е изградба/отварање на ски лифтови и паркови за велосипеди; забрането е спроведување на нови детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини.
ШУМСКИ ЖИВЕАЛИШТА И ЕКОСИСТЕМИ	
Опис на влијанијата	Во ЛЕАПот е детектиран проблемот: Деградирање на шумите, неодржливо и незаконско управување и приоритетот: Одржливо управување со шумскиот фонд во општината, поради што се предвидени мерки и акции во најголем дел од едукативен карактер, кампања за заштита на шумскиот фонд, бесправна сеча и подметнување на пожари, анализа на состојбата со шумскиот фонд, но и дефинирање на локации за пошумување и спроведување на активности за пошумување. Исто така предвидени се и активности за формирање на доброволно против пожарно друштво. Негативни влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето од спроведување на овие активности не се очекуваат. Краткотрајни и неповратни негативни влијанија може да се јават при изградба на нова и реконструкција на постоечката комунална инфраструктура (водоводна мрежа и мрежа за одведување на отпадни води), изградба на депонија за инертен отпад и изградба на компостара и сл. При реализација на инфраструктурните проекти, во фаза на изградба се можни влијанија од типот на вознемирување на животинскиот свет; фрагментација на живеалишта; нарушување на циклусот на размножување на животинскиот свет (птици) и сл.

<table>
<tr><td></td><td colspan="9">Со оглед на тоа што населените места: Беловиште, Вратница, Старо Село и Јажинце се наоѓаат во рамки на Националниот Парк „Шар Планина“ во зоната на одржливо користење, треба да се следат мерките и препораките кои се дадени во Планот за управување со НП „Шар Планина“.</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Оцена на влијанијата</td><td>население</td><td>човеково здравје</td><td>воздух</td><td>климатски промени</td><td>биодиверзитет и природно наследство</td><td>води</td><td>почва</td><td>културно наследство</td><td>материјални добра</td></tr>
<tr><td>+</td><td>+</td><td>+</td><td>+/-</td><td>+/-</td><td>+</td><td>+</td><td>+</td><td>+</td></tr>
<tr><td colspan="9">Влијанијата по својата природа можат да бидат директни, индиректни, како и кумулативни.
Влијанијата можат да бидат и позитивни и негативни од незначителни до значителни во фазата на изградба. За инфраструктурните проекти треба да се изработи елаборат за проценка на влијанијата врз животната средина во кој детално ќе бидат разгледани влијанијата кои ќе бидат предизвикани за време на реализиацијата на проектот.</td></tr>
<tr><td>Мерки за намалување на влијанијата</td><td colspan="9">– Обезбедување учество на сите заинтересирани страни во процесот на донесување одлуки за реализирање на активностите дефинирани во ЛЕАПот;
– Спроведување едукација за важноста и значењето на билошката разновидност и природните вредности;
– Изработка на план за одржливо управување/стопанисување со шумите
– Контролирано сечење на дрвјата
– Намалување на бројот на пожари и штета врз шумските екосистеми како резултат на човечки фактор;
– Почитување на дозволените активности и дејности во рамките на зоната за одржлив развој, односно: забрането е одгледување на алохтони (вклучувајќи генетски модифицирани) или инвазивни видови растенија и животни; забрането е лов на дивеч; забрането е изградба на нови хидроелектрични централи; забрането е изградба на нова инфраструктура за производство на електрична енергија (цевководи, фотоволтаични централи, воздушни турбини) во пределот; забрането е изградба/отварање на ски лифтови и паркови за велосипеди; забрането е спроведување на нови детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини.</td></tr>
<tr><td colspan="10">КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО</td></tr>
<tr><td>Опис на влијанијата</td><td colspan="9">На територијата на Општина Јегуновце се евидентирани бројни археолошки наоди: некрополи, ранохристијански градби, средновековни цркви и други сведоци на културното наследство.
Со предвидените активности за заштита на културното наследство, како и со имплементацијата на активностите, кои произлегуваат од акцискиот план, се очекува да се генерираат директни и индиректни мерки кои ќе допринесат за заштита на културното наследство на територијата на Општина Јегуновце.
Конзерваторските активности на одредени објекти кои се идентификувано како културно наследство ќе бидат спроведени врз основа на план и во соработка со Управата за заштита на културното наследство.</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td rowspan="3">Оцена на влијанијата</td><td>население</td><td>човеково здравје</td><td>воздух и</td><td>климатски промени</td><td>биодиверзитет и природно наследство</td><td>води</td><td>почва</td><td>културно наследство</td><td>материјални добра</td></tr>
<tr><td>+</td><td>+</td><td>+</td><td>+</td><td>+</td><td>+</td><td>+</td><td>+/-</td><td>+/-</td></tr>
<tr><td colspan="9">Влијанијата по својата природа можат да бидат директни, индиректни, како и кумулативни.
Влијанијата можат да бидат и позитивни и негативни од незначителни до значителни во фазата на изградба. За инфраструктурните проекти треба да се изработи елаборат за проценка на влијанијата врз животната средина во кој детално ќе бидат разгледани влијанијата кои ќе бидат предизвикани за време на реализиацијата на проектот.</td></tr>
<tr><td>Мерки за намалување на влијанијата</td><td colspan="9">– Обезбедување учество на сите заинтересирани страни во процесот на донесување одлуки за реализирање на активностите дефинирани во ЛЕАПот;
– Изработка на елаборат/и за заштита на животна средина или студија за ОВЖС пред изградба/реконструкција на постоечката комунална инфраструктура, санација на ѓубришта, изградба на депонија за инертен отпад и изградба на компостара;
– Доколку при реализацијата на мерките и акции кои се дефинирани во ЛЕАПот се дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани фрагменти) од материјалната култура на Република Северна Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според Член 65 од Законот за заштита на културното наследство, односно изведувачот е должен:
– Да го пријави откритието според Член 129 став 2 од Законот и да ги предаде откриените предмети при нивното пријавување, а до предавањето да преземе мерки кои се нужни за да не пропаднат и да не се оштетат или да се отуѓат, како и да ги даде сите релевантни податоци во врска со местото и положбата на предметите во времето на откривањето и за околностите под кои тоа е направено.
– Да ги запре градежните активности и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување, како и од неовластен пристап
– Да ги зачува откриените предмети на местото и во состојбата во која се најдени.</td></tr>
<tr><td colspan="10">ВОЗДУХ И КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ</td></tr>
<tr><td>Опис на влијанијата</td><td colspan="9">Изградбата на комуналната инфраструктура опфаќа активности за расчистување на теренот на локацијата и подготовка за градење и земјено-градежни активности.
Главните емисии во воздухот се честички на прашина, генерирани при расчистување на теренот, ископи и транспорт на земја, складирање на земја и материјали итн. Во фазата на изградба ќе се јават и емисии во воздухот од градежната механизација и транспортните возила во форма на NO_2, HC, прашина ($PM_{2.5}$ и PM_{10}) и CO_2.
Мерките и акциите кои се дефинирани во рамки на приоритетот: Воведување на енергетска ефикасност и искористување на обновливи извори на енергија, како што се замена на енергетските котли од мазут, нафта, јаглен или дрво на електрична енергија или обновливи</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td></td><td colspan="9">извори на енергија (сончеви колектори) и поставување на соларни колектори и фотоволтаици на јавни објекти, ќе имаат позитивно влијание врз квалитетот на воздухот и ќе имаат значителен придонес кон борбата со климатските промени.</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Оцена на влијанијата</td><td>население</td><td>човеково здравје</td><td>воздух</td><td>климатски промени</td><td>биодиверзитет и природно наследство</td><td>води</td><td>почва</td><td>културно наследство</td><td>материјални добра</td></tr>
<tr><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>+/+</td><td>+/+</td></tr>
<tr><td colspan="9">Влијанијата по својата природа можат да бидат директни, индиректни, како и кумулативни.
Влијанијата можат да бидат и позитивни и негативни од незначителни до значителни во фазата на изградба. За инфраструктурните проекти треба да се изработи елаборат за проценка на влијанијата врз животната средина во кој детално ќе бидат разгледани влијанијата кои ќе бидат предизвикани за време на реализиацијата на проектот.
Опсегот на влијанијата е локален (негативни, позитивни), додека позитивните влијанија ќе имаат ефект на регионално и национално ниво, ќе дадат значителен допринос кон основните определби во управувањето со водите, отпадот, подобрување на енергетската ефикасност и сл.</td></tr>
<tr><td>Мерки за намалување на влијанијата</td><td colspan="9">– Обезбедување учество на сите заинтересирани страни во процесот на донесување одлуки за реализирање на активностите дефинирани во ЛЕАПот;
– Изработка на елаборат/и за заштита на животна средина или студија за ОВЖС пред изградба/реконструкција на постоечката комунална инфраструктура, санација на ѓубришта, изградба на депонија за инертен отпад и изградба на компостара;
– Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии;
– Употреба на стандардизирани (еко) горива за механизација;
– Минимизирање на емисиите на прашина во воздух преку редовно прскање со вода за време на градежните работи (особено во ветровити денови и сушни пероди);
– Користење на технички исправна и редовно сервисирана градежна механизација и опрема;
– Материјалот којшто се транспортира со камиони, а кој емитува прашина треба да биде покриен за да се спречи емисија на прашина;
– Исклучување на механизацијата, односно избегнување на т.н. ″празен од″ кога таа не се користи;
– Запирање со работа ако се регистрира интензивна фугитивна емисија на прашина, или намалување на обемот на градежни работи со цел да утврди причината за емисијата и да се превземат мерки за нејзино елиминирање;
– Почитување на дозволените активности и дејности во рамките на зоната за одржлив развој, односно: забрането е изградба на нови хидроелектрични централи; забрането е изградба на нова инфраструктура за производство на електрична енергија (цевководи,</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td></td><td colspan="9">фотоволтаични централи, воздушни турбини) во пределот; забрането е изградба/отварање на ски лифтови и паркови за велосипеди.</td></tr>
<tr><td colspan="10">БУЧАВА</td></tr>
<tr><td>Опис на влијанијата</td><td colspan="9">Имплементацијата на инфраструктурните проекти (водоводна и канализациска мрежа), изградба на депонија за инертен отпад, реконструкција и замена на фасади и кровови, ќе придонесе за зголемување на нивото на бучава како резултат земјено-градежните активности. Зголеменото ниво на бучава може негативно да влијае врз најблиските индивидуални објекти за домување (во моментот не се познати локациите) и врз работниците кои ќе бидат вклучени во реализација на проектите.
Главно, бучавата ќе биде предизвикана од земјено-градежните работи, односно од градежната механизација и од транспортните возила за пренос на материјали и суровини.</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Оцена на влијанијата</td><td>население</td><td>човеково здравје</td><td>воздух</td><td>климатски промени</td><td>биодиверзитет и природно наследство</td><td>води</td><td>почва</td><td>културно наследство</td><td>материјални добра</td></tr>
<tr><td>-/-</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>+/+</td></tr>
<tr><td colspan="9">Бидејќи не се знаат локациите на изведба на инфраструктурните проекти, не може да се утврди кое подрачје, односно кој степен на заштита од бучава и која е граничната вредност на нивото на бучава, не може да се одредат со сигурност влијанијата.
Влијанијата по својата природа можат да бидат директни, индиректни, како и кумулативни. Зголемената фреквенција на возила и градежна механизација ќе предизвика кумулативни влијанија од бучава.
Влијанијата се негативни и во фазата на изградба (значителни), а во оперативната фаза (незначителни). За инфраструктурните проекти, за изградба на водоводна и канализациска инфраструктура, но и чистење на ѓубришта и изградба на депонии за неопасен отпад, согласно националното законодавство треба да се изработи елаборат за проценка на влијанијата врз животната средина во кој детално ќе бидат разгледани влијанијата кои ќе бидат предизвикани за време на реализиацијата на проектот.
Во оперативната фаза не се очекува зголемување на нивото на бучавата.</td></tr>
<tr><td>Мерки за намалување на влијанијата</td><td colspan="9">– Обезбедување учество на сите заинтересирани страни во процесот на донесување одлуки за реализирање на активностите дефинирани во ЛЕАПот;
– Изработка на елаборат/и за заштита на животна средина или студија за ОВЖС пред изградба/реконструкција на постоечката комунална инфраструктура, санација на ѓубришта, изградба на депонија за инертен отпад и изградба на компостара;
– Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволеното ниво на бучава во животнтата средина;
– Градежните работи, како и транспортот на материјали и опрема, кои може да прдизвикаат зголемено ниво на бучава, се препорачува да не се изведуваат за време на попладневен одмор и во текот на ноќта. Работата на градилиштето, треба да биде во периодот од 7.00 -19.00;
– Користење на механизација која задоволува високи стандарди во однос на создавањето на бучава;</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td></td><td>– Одржување на возилата и градежната механизација во технички исправна состојба;
– Исклучување на моторите на возила и градежни машини кога тие не се во употреба;
– Користење на основна заштитна опрема (заштита на сетило за слух за работниците ангажирани на проектот),
– Во случај на долготрајно и зголемено надминување на нивоата на бучава и вознемирување на населението или поплаки од жителите, активностите треба да бидат стопирани;</td></tr>
<tr><td colspan="2">ВОДА</td></tr>
<tr><td>Опис на влијанијата</td><td>Во ЛЕАПот во тематската група „Вода и водни ресурси“ се детектирани проблеми: Нефункционалност на системот за водоснабдување на целата територија на општината; Непостоење на канализационен систем и пречистителна станица за отпадни води; Нерегулирани речни корита на реките и пороите, зачестена појави на поплави; и соодветно за нивно решавање се предвидени мерки и акции (Реконструкција, доизградба и поврзување на сите населени места со водоснабдителен систем; Реконструкција и доизградба на канализационен систем на територијата на општината; Доизградба на колекторски систем и потребна инфраструктура за приклучување кон ПСОВ за Тетово; Спроведување на проекти за заштита од ерозија; Изградба и уредување на речни корита и др.)
Долгорочна цел е зголемување на процентот на покриеност на населените места со квалитетна вода за пиење и одржливо/рационално користење на водните ресурси.
Краткотрајни и значителни негативни влијанија може да се јават при изградба на нова и реконструкција на постоечката комунална инфраструктура (водоводна мрежа и мрежа за одведување на отпадни води), изградба на депонија за инертен отпад и изградба на компостара и сл.
Несоодветно управување со отпадот создаден во фазата на изградба може да има влијанија врз квалитетот на подземните и површинските води.
Општина Јегуновце се наоѓа во прва и втора заштитна зона на изворот Рашче[8], дефинирана како зона на хигиенско-епидемиолошко следење, каде треба да се применат пропишаните услови за испуштање на отпадни води во водотеците од II класа на местото на испуштање во непосредниот дел од сливот на реката Вардар низводно од Гостивар.</td></tr>
<tr><td>Оцена на влијанијата</td><td>
<table>
<tr><td>население</td><td>човеково здравје</td><td>воздух</td><td>климатски промени</td><td>биодиверзитет и природно наследство</td><td>води</td><td>почва</td><td>културно наследство</td><td>материјални добра</td></tr>
<tr><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>+/+</td></tr>
<tr><td colspan="9">Влијанијата по својата природа можат да бидат директни, индиректни, како и кумулативни.</td></tr>
</table>
</td></tr>
</table>

[8] Во првата заштитна зона се наоѓаат населените места: Копанце, Раотинце, Сиричино, Туденце и Јегуновце. Во втората заштитна зона се наоѓаат населените места: Беловиште, Вратница, Жилче, Орашје, Подреѓе, Прељубиште, Ратае, Шемшево.

	Влијанијата можат да бидат и позитивни во фазата на експлоатација и негативни во фазата на изградба. За инфраструктурните проекти согласно националното законодавство треба да се изработи елаборат за проценка на влијанијата врз животната средина во кој детално ќе бидат разгледани влијанијата кои ќе бидат предизвикани за време на реализиацијата. Опсегот на влијанијата е локален (негативни, позитивни), додека позитивните влијанија ќе имаат ефект на регионално и национално ниво, ќе дадат значителен допринос кон основните определби во управувањето со водите, односно обезбедување на вода со висок квалитет за водоснабдување на населението.
Мерки за намалување на влијанијата	– Обезбедување учество на сите заинтересирани страни во процесот на донесување одлуки за реализирање на активностите дефинирани во ЛЕАПот; – Изработка на елаборат/и за заштита на животна средина или студија за ОВЖС пред изградба/реконструкција на постоечката комунална инфраструктура, санација на ѓубришта, изградба на депонија за инертен отпад и изградба на компостара; Примена на мерките кои се дефинирани за населените места кои се наоѓаат во прва и втора заштитна зона на изворот Рашче, од кои релевантни се: – во првата поширока заштитна зона населените места да се опфатени со канализациски систем и функционална пречистителна станица, со континуиран мониторинг на пречистените отпадни води од страна на акредитирана/овластена лабораторија, согласно Законот за води – што е предвидено во мерките и акциите во тематската група „вода и водни ресурси“; – забранета е изградба на септички јами, освен водонепропусни септички јами на локации каде не постои инсталирана канализациска мрежа; – директно испуштање на отпадните води во отворените водотеци се дозволува само откако ќе бидат прочистени, според критериумите за површински водотеци од II класа, согласно критериумите дадени во законските прописи и други плански акти; – во втората заштитна зона понорите кои се јавуваат линиски по ободот на Жеден на потегот од Раотинце до Јегуновце потребно е да бидат заградени со жичана ограда и означени и да не се дозволува нивно заполнување, со секаков вид на отпад од страна на локалното население. За истите да се грижи Јавно претпријатие „Водовод и канализација“ – Скопје. – за населените места кои влегуваат во втората заштитна зона да се предвиди и изгради колекторски систем; како и да се уреди собирањето и одлагањето на сите видови на отпад; – воспоставување на мониторинг мрежа во првата поширока заштитна зона за набљудување на квалитетот и квантитетот на подземните води во заштитните зони; – општините кои влегуваат во границите на првата и втората заштитна зона да изготват План за постапување при хаварии.
ПОЧВА	
Опис на влијанијата	Во ЛЕАПот во тематската група „Почва, користење на земјиште и урбан развој“ се детектирани проблеми: Загадување на почвата поради некотролирана примена на агрохемикалии; Узурпација на земјиште и неконтролирана изградба на објекти; за чие

<table>
<tr><td></td><td colspan="9">надминување се предиведни мерки и акции како што се: изработка на анализа на употреба на агрохемикалии; изработка на студија за промовирање и можности за органско производство; Обука и едукација на земјоделски производители за органско производство и добри земјоделски практики; изработка на планска документација, нејзино донесување на плановите од страна на Советот на општината и имплементација во пракса со цел намалена узурпација на земјиштето и сл. Исто така предвидени се и активности како што се поставување на зелени кровови и фасади и креирање на градини на места на диви депонии и организација на просторот.
За реализација на последните две активности не се очекуваат значителни земјено-градежни зафати, па според тоа не се очекуваат нити негативни влијанија.
Во оперативната фаза не се очекуваат негативни влијанија, туку позитивни од аспект на подобрување на квалитетот на воздухот, подобрување на пределските карактеристики, придонес кон борбата со климатски промени и сл.</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Оцена на влијанијата</td><td>население</td><td>човеково здравје</td><td>воздух</td><td>климатски промени</td><td>биодиверзитет и природно наследство</td><td>води</td><td>почва</td><td>културно наследство</td><td>материјални добра</td></tr>
<tr><td>+/+</td><td>+/+</td><td>+/+</td><td>+/+</td><td>-/+</td><td>+/+</td><td>-/+</td><td>+/+</td><td>+/+</td></tr>
<tr><td colspan="9">Влијанијата по својата природа можат да бидат директни, индиректни, како и кумулативни.
Влијанијата се позитивни во фазата на експлоатација и незначителни негативни во фазата на изградба.</td></tr>
<tr><td>Мерки за намалување на влијанијата</td><td colspan="9">– Обезбедување учество на сите заинтересирани страни во процесот на донесување одлуки за реализирање на активностите дефинирани во ЛЕАПот;
– Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности;
– Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените активности, покривање на околниот терен со вегетација и оградувања на нагибите;
– Поголема контрола при употребата на хемиските заштитни средства, материјалите и суровините кои ќе користат во прометот и работењето на планираните содржини во рамките на градежната парцела.
– Престанување со градежните активности во случај на неконтролирано излевање на гориво, масло и други хемикалии, да се посипе со песок и да се отстрани загадениот почвен слој;
– Соодветно управување со отпадот кој ќе настане во фаза на изградба;
– Соодветно чување и управување со суровини и помошни материјали, масла, масти и др. опасни матери;
– Со оглед на тоа што населените места: Беловиште, Вратница, Старо Село и Јажинце се наоѓаат во рамки на НП „Шар Планина“ во зоната на одржливо користење, треба да се следат мерките и препораките кои се дадени во Планот за управување со НП „Шар Планина“, како на пр. забранета изградба на нови хидроелектрични централи; забранета изградба на нова инфраструктура за производство на електрична енергија (цевководи, фотоволтаични централи, воздушни турбини) во пределот; забранета изградба на ски лифтови и паркови за велосипеди; забрана за нови детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини.</td></tr>
</table>

	Примена на мерките кои се дефинирани за населените места кои се наоѓаат во прва и втора заштитна зона на изворот Рашче, од кои релевантни се: – намалување на горниот заштитен слој на почвата, освен при изградба на градежни објекти за кои не е предвидена забрана во овие мерки; – забрането е истражување и експлоатација на секаков вид минерални суровини, вклучувајќи и песок и чакал; – забрането е депонирање на секаков вид на отпадни материи и смет (комунален, градежен, рударски, индустриски, металуршки и др.); – испуштање е на непрочистени комунални, индустриски отпадни води; – забранет е неконтролиран транспорт, складирање, користење и испуштање на течности кои по својот состав се опасни за подземните води (нафта и нејзини деривати, киселини, отровни и радиоактивни материи и други опасни материи); – забрането е интензивно сточарство и земјоделско производство, освен за индивидуални потреби на населението од постоечките населени места, без користење на минерални ѓубрива, пестициди и друго; – постоечките пропусни септички јами да се заменат со непропусни и редовно да се одржуваат; – во втората заштитна зона да се реши проблемот со депонијата Југохром и комбинатот Југохром, кој претставува историско загадување на почвата и подземните води;
УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД	
Опис на влијанијата	Во ЛЕАПот во тематската група „Отпад и управување со отпад“ се детектирани проблемите: Создавање на диви депонии, немање доволен број контејнери/канти за собирање и селектирање на отпад во населените места; Недоволна покриеност на територијата на општината со комунална услуга; Непостоење на организиран систем за сепарирање, рециклирање и реупотреба на отпад, за што соодветно се предвидени мерки и акции, како на пр. затворање на дивите депонии и ревитализација на локациите; воспоставување депонија за инертен отпад на територија на општината; изработка и реализирање на пилот проекти за циркуларна економија на локално ниво; изградба на компостара и сл. При реализирање на инфраструктурните проекти, односно изградба на нова и реконструкција на постоечката комунална инфраструктура (водоводна мрежа и мрежа за одведување на отпадни води), изградба на депонија за инертен отпад и изградба на компостара ќе се генерираат значителни количини на отпад, како што се на пример, градежен шут, односно ископана земја и камења; поради расчистување на вегетацијата се генерира растителен отпад; отпад од пакување, генериран од работниците - дрво, пластика, хартија и картон; отпад од пакување на бои, масти, масла, хемикалии (кој може да биде класифициран како отпад од пакување загаден со опасни супстанции); комунален отпад од вработените и сл. Видовите на отпад кои ќе се создаваат за време на подготвителната фаза, фазата на изградба и оперативната фаза според карактеристиките и шифрите согласно Листата на видови отпад ќе бидат наведени во елаборатите за заштита на животната средина.

<table>
<tr><td></td><td colspan="9">Во оперативната фаза не се очекува создавање на отпад, односно отпадот кој ќе се одлага на депонијата за интерен отпад и компостарата ќе биде контролиран.</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Оцена на влијанијата</td><td>население</td><td>човеково здравје</td><td>воздух</td><td>климатски промени</td><td>биодиверзитет и природно наследство</td><td>води</td><td>почва</td><td>културно наследство</td><td>материјални добра</td></tr>
<tr><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>+/+</td></tr>
<tr><td colspan="9">Неправилното управување со создадениот отпад може да има влијание врз квалитетот на воздухот (создавање и разнесување на прашина), влијание на почва или подземни води во случај на неочекувани истекувања на опасни течности. Овие влијанија се оценуваат како локални, со краткотраен карактер и истите се оценуваат со мал до среден интензитет.</td></tr>
<tr><td>Мерки за намалување на влијанијата</td><td colspan="9">– Обезбедување учество на сите заинтересирани страни во процесот на донесување одлуки за реализирање на активностите дефинирани во ЛЕАПот;
– Изработка на елаборат/и за заштита на животна средина или студија за ОВЖС пред изградба/реконструкција на постоечката комунална инфраструктура, санација на ѓубришта, изградба на депонија за инертен отпад и изградба на компостара;
– Видовите на отпад кои можат да се искористат треба да бидат селектирани и соодветно складирани за повторна употреба;
– Селектрање и воспоставување на места за времено складирање на различни видови на отпад (биоразградлив отпад, отпад од пакување, комунален отпад);
– Градежниот шут да се одложува на посебна депонија, која е определена од страна на општината;
– Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето;
– Забрането е депонирање на секаков вид на отпадни материи и смет (комунален, градежен, рударски, индустриски, металуршки);</td></tr>
<tr><td colspan="10">ЧОВЕКОВО ЗДРАВЈЕ</td></tr>
<tr><td>Опис на влијанијата</td><td colspan="9">Главна цел на Локалниот акционен план за животна средина е заштита и унапредување на животната средина преку решавање на актуелните еколошки проблеми на територијата на општина Јегуновце. За секоја од тематските групи: Воздух, енергетска ефикасност и климатски промени; Вода и водни ресурси; Почва, користење на земјиште и урбан развој; Управување со отпад; Природа и природни реткости; Природни катастрофи, идентификувани се проблеми, дефинирани приоритети за чие постигнување се наведени мерки и акции преку кои ќе се решат проблемите. Со решавање на проблемите, ќе се подобри квалитетот на животната средина, а со тоа и здравјето на населението на територијата на општина Јегуновце.

Пред реализацијата на инфраструктурни проекти, односно изградба на комунална инфраструктура согласно националното законодавство треба да се изработи елаборат за проценка на влијанијата врз животната средина во кој детално ќе бидат разгледани влијанијата кои ќе бидат предизвикани за време на реализиацијата на проектот.</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td></td><td colspan="9">Локацијата на реализација на инфраструктурните проекти се уште не се знае, па според тоа не може да се идентификуваат влијанија врз човековото здравје. Можни се влијанија врз здравјето на населението (доколку проектите се во непосредна близина на населените места) и врз здравјето на работниците ангажирани за реализација на проектите, особено во фаза на изградба, како што се емисии во воздух (прашина, издувни гасови од градежната механизација), зголемено ниво на бучава и вибрации, несоодветно управување со разни фракции отпад, несоодветно складирање и ракување со разни видови суровини и помошни материјали, несакани истекувања на масла и горива, како и друг вид на несреќи и хаварии.
Во оперативната фаза не се очекуваат негативни влијанија.</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Оцена на влијанијата</td><td>население</td><td>човеково здравје</td><td>воздух</td><td>климатски промени</td><td>биодиверзитет и природно наследство</td><td>води</td><td>почва</td><td>културно наследство</td><td>материјални добра</td></tr>
<tr><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>+/+</td><td>+/+</td></tr>
<tr><td colspan="9">Влијанијата по својата природа можат да бидат директни, индиректни, како и кумулативни.
Влијанијата можат да бидат позитивни и негативни од незначителни до значителни во фазата на изградба. За реализација на инфраструктурните проекти согласно националното законодавство треба да се изработи елаборат за проценка на влијанијата врз животната средина во кој детално ќе бидат разгледани влијанијата кои ќе бидат предизвикани за време на реализиацијата на проектот.
Опсегот на влијанијата е локален (негативни, позитивни), додека позитивните влијанија ќе имаат ефект на регионално и национално ниво, ќе дадат значителен допринос кон основните определби во исполнување на законската регулатива и квалитетот на животната средина.</td></tr>
<tr><td>Мерки за намалување на влијанијата</td><td colspan="9">– Обезбедување учество на сите заинтересирани страни во процесот на донесување одлуки за реализирање на активностите дефинирани во ЛЕАПот;
– Избор на локации за реализација на инфраструктурните проекти кои ќе имаат најмало влијание врз здравјето на луѓето;
– Изработка на елаборат/и за заштита на животна средина или студија за ОВЖС пред изградба/реконструкција на постоечката комунална инфраструктура, санација на ѓубришта, изградба на депонија за инертен отпад и изградба на компостара;
– Дефинирање на мерки за безбедност и здравјето на работниците (обуки за ракување со механизација, машини и опрема, обука за ракување со материјали и суровини, обуки согласно Законот за БЗР, а особено користење на ЛЗО, прва помош, соодветни апарати и алати);
– Користење на основна заштитна опрема наменета за заштита на работниците од бучава и вибрации, како и поставување на противпожарни апарати, хидранти и други уреди за гаснење пожари во случај на пожар или друга несреќа;
– Механизацијата и опремата која ќе се користи при изведување на проектот треба да поседува соодветни сертификати за исправност;
– Градежните работи да се изведуваат во дневни работни часови (да се избегнуваат периоди за одмарање на луѓето);</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td></td><td colspan="9">– Пред почеток на работите жителите на овие населени места треба да бидат навремено и соодветно информирани;</td></tr>
<tr><td colspan="10">СОЦИО-ЕКОНОМСКИ АСПЕКТИ</td></tr>
<tr><td>Опис на влијанијата</td><td colspan="9">Имплементацијата на мерките и акциите, односно приоритетите дефинирани во ЛЕАПот ќе имаат позитивно влијание врз животната средина и здравјето на жителите на Општина Јегуновце, бидејќи со нивно реализирање ќе се обезбеди здрава вода за пиење во аите населени места, зафаќање, одведување и третман на отпадни води од населените места, чистење на ѓубриштата, уредување на локациите; квалитетна комунална услуга за превземање на комунален отпад, безбедно одлагање на инертен отпад, намалување на биоразградливиот отпад на депониите и сл. што ќе го подобри квалитетот на животот на населението.
Реализацијата на проектите ќе мобилизира нови работни сили. Се очекува да се зголеми бројот на домаќинства кои ќе се занимаваат со органско производство на земјоделски производи, односно ќе бележат зголемување на локалните приходи.
Изградбата на комуналната инфраструктура, односно предвидениот начин на третман на комуналните отпадните води може да доведе до зголемување на комуналната такса, што ќе ги засегне социјално ранливите категории на население во општината.
Сеуште не се познати локациите каде би се реализирале инфраструктурните проекти, односно дали ќе се одвиваат на државно земјиште или на приватно. Доколу се реализира на парцели кои се во приватна сопственост, ќе биде потребно да се изврши експропријација на земјиштето.</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Оцена на влијанијата</td><td>население</td><td>човеково здравје</td><td>воздух</td><td>климатски промени</td><td>биодиверзитет и природно наследство</td><td>води</td><td>почва</td><td>културно наследство</td><td>материјални добра</td></tr>
<tr><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>+/+</td><td>+/+</td></tr>
<tr><td colspan="9">Влијанијата по својата природа можат да бидат директни, индиректни, како и кумулативни.
Влијанијата можат да бидат позитивни и негативни од незначителни до значителни во фазата на реализација на инфраструктурните проекти. За инфраструктурните проекти за изградба на комунална инфраструктура согласно националното законодавство треба да се изработи елаборат за проценка на влијанијата врз животната средина во кој детално ќе бидат разгледани влијанијата кои ќе бидат предизвикани за време на реализиацијата.
Опсегот на влијанијата е локален (негативни, позитивни), додека позитивните влијанија ќе имаат ефект на регионално и национално ниво, ќе дадат значителен допринос кон основните определби во заштита и унапредување на животната средина.</td></tr>
<tr><td>Мерки за намалување на влијанијата</td><td colspan="9">– Навремено информирање на локалното население и обезбедување учество на сите заинтересирани страни во процесот на донесување одлуки за реализирање на мерките и акциите дефинирани во ЛЕАПот;
– Доколку има потреба од постапка за експропријација на земјиштето, доколку одредени парцели се во приватна сопстевност, да се изврши праведна компензација;
– Воспоставување на механизам за сугестии, забелешки и поплаки од страна на локалното население;
– Едукација за важност и значењето на рационалното користење на природните ресурси и рационално користење на водните ресурси;</td></tr>
</table>

<table>
<tr><th colspan="11">МАТЕРИЈАЛНИ ДОБРА</th></tr>
<tr><td>Опис на влијанијата</td><td colspan="10">Главна цел на Локалниот акционен план за животна средина е заштита и унапредување на животната средина преку решавање на актуелните еколошки проблеми на територијата на општина Јегуновце.
Долгорочни цели се зголемување на процентот на покриеност на населените места со квалитетна вода за пиење и одржливо/рационално користење на водните ресурси; покриеност на населените места со канализациона мрежа за одведување на отпадни води; обезбедување на квалитетна комунална услуга, односно редовно превземање и прописно одлагање на отпадот од домаќинствата; прописно одлагање на инертен градежен шут и сл.
Во фаза на изградба се можни негативни влијанија врз квалитетот на амбиенталниот воздух, состојбата со биодиверзитетот, зголемени нивоа на бучава, генерирање на големи количини на градежен шут и сл.</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Оцена на влијанијата</td><td>население</td><td>човеково здравје</td><td>воздух</td><td>климатски промени</td><td>биодиверзитет и природно наследство</td><td>води</td><td>почва</td><td>културно наследство</td><td>материјални добра</td></tr>
<tr><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td><td>-/+</td></tr>
<tr><td colspan="9">Влијанијата по својата природа можат да бидат директни и индиректни.
Влијанијата исто така можат да бидат и позитивни и негативни од незначителни до значителни. За инфраструктурните проекти за изградба на комунална инфраструктура согласно националното законодавство треба да се изработи елаборат за проценка на влијанијата врз животната средина во кој детално ќе бидат разгледани влијанијата кои ќе бидат предизвикани за време на реализиацијата на проектот.
Опсегот на влијанијата е локален (негативни, позитивни), додека позитивните влијанија ќе имаат ефект на регионално и национално ниво, ќе дадат значителен допринос кон основните определби во заштита и унапредување на животната средина.</td></tr>
<tr><td>Мерки за намалување на влијанијата</td><td colspan="10">– Обезбедување учество на сите заинтересирани страни во процесот на донесување одлуки за реализирање на активностите дефинирани во ЛЕАПот;
– Изработка на елаборат/и за заштита на животна средина или студија за ОВЖС пред изградба/реконструкција на постоечката комунална инфраструктура, санација на ѓубришта, изградба на депонија за инертен отпад и изградба на компостара;
– Примена на мерките за намалување на влијанијата во фаза на изградба/реконструкција (намалување на емисиите од издувните гасови, попрскување на земјената површина каде треба да се изведат земјени и градежни работи, како и користење на распрскувачи на база на вода - за намалување на прашина, собирање на создадениот отпад, намалување на ниво на бучава и сл);</td></tr>
</table>

9. АНАЛИЗА НА АЛТЕРНАТИВИ

Во рамки на постапката за Стратешка оцена на животната средина (СОЖС), анализата на алтернативи претставува клучен дел кој има за цел да ги испита различните можности за реализација на планот или програмата, вклучувајќи ја и опцијата „да не се спроведе“ (нулта алтернатива). Оваа анализа овозможува донесување на поинформирани, одржливи и еколошки оправдани одлуки.

Анализата на алтернативи е процес на споредување на повеќе можни сценарија (локации, технологии, активности, релации или обем на примена) според нивното потенцијално влијание врз животната средина и човековото здравје.

Главни цели на анализата:

- ☑ Да се идентификуваат најсоодветните решенија од еколошки, социјален и економски аспект.
- ☑ Да се избегнат или минимизираат негативните влијанија уште во фаза на планирање.
- ☑ Да се овозможи информирано одлучување на институциите и јавноста.
- ☑ Да се обезбеди усогласеност со принципите на одржлив развој.

Критериумите за споредба на алтернативи се повеќе, некои се генерални, а некои приспособени за планскиот документ, како на пример:

- Влијание врз биодиверзитет и екосистеми
- Влијание врз површински и подземни води
- Загадување на воздух и почва
- Потенцијален ризик за здравјето на населението
- Влијание врз културно наследство и пејзаж
- Енергетска ефикасност и рационално управување со природни ресурси
- Финансиска оправданост и социјална прифатливост
- Усогласеност со законска регулатива
- Долгорочни ефекти
- Јавна свест и учество на јавноста
- Капацитет на локалната администрација

Целта на оваа анализа е да се проценат различни пристапи за спроведување на ЛЕАПот, земајќи ги предвид еколошките, економските и социјалните влијанија, како и административната изводливост.

Табела 13. Табела за споредба на алтернативи за донесување и спроведување на ЛЕАПот

Критериуми	Алтернатива 1: Без спроведување „Status Quo (No Implementation)“; “Do nothing”; “Business as usual”	Алтернатива 2: Делумно спроведување “Do minimum” “Partial Implementation”	Алтернатива 3: Целосно спроведување со поддршка “Full Implementation with Technical and Financial Support”
Влијание врз животната средина (воздух, вода, почва, биодиверзитет, пределска разновидност и др)	Нема подобрување; можно влошување	Ограничени позитивни ефекти	Значајно подобрување на квалитетот на воздух, вода и почва
Човеково здравје	Нема подобрување; можно влошување	Ограничени подобрувања	Значајно подобрување на квалитетот на здравјето и квалитетот на животот на луѓето
Финансиска оправданост	Не изискува никакви трошоци	Умерени трошоци	Повисоки трошоци, но со можност за развој на нови проеки, добивање на донации и аплицирање на ЕУ-фондови
Јавна свест и учество на јавноста	Ниска јавна свест и нема јавно учество	Делумно вклучување	Активна вклученост на јавноста и НВО
Капацитет на локалната администрација	Не е доволен или не се користи	Делумно вклучување	Зајакнати капацитети, знаење и целосно вклучување во спроведување на мерките и акциите предвидени во ЛЕАПот
Усогласеност со законска регулатива	Нема усогласување (ЛЕАПот е законска обврска, а Општина Јегуновце нема усвоен ЛЕАП)	Делумна усогласеност	Целосна усогласеност со Законот за животна средина, Стратегија за одржлив развој и ЕУ директиви од областа на животната средиа
Долгорочни ефекти	Понатамошно загрозување на медиумите, еко-системите, здравјето на луѓето	Ограничен напредок	Здрава животна средина, Одржлив развој, Подобра бизнис клима за инвестиции и туризам

Алтернатива 1: Без спроведување
„Status Quo (No Implementation)"; "Do nothing"; "Business as usual"

Оваа алтернатива покрај неусвојување на ЛЕАПот подразбира и непреземање на никакви активности предвидени во ЛЕАПот. Состојбата останува иста како досега, без подобрување на животната средина, што може да доведе до понатамошна деградација и ризици по здравјето на населението.

Оваа алтернатива значи недостаток на интервенции, што пак води до продолжено загадување, деградација на ресурси и ниска јавна еколошка свест.

Со други зборови значи дека сите проблеми кои се идентификувани во секоја од тематските групи, ќе останат нерешени, на исто ниво или ќе бидат влошени, односно:

1. Проблемите кои се идентификувани во тематската област: Воздух, енергетска ефикасност и климатски промени (Загадување на воздух од мобилни и стационарни извори и Недоволно искористување на обновливи извори на енергија) ќе допринесат состојбата да биде иста и непроменета или влошена: загаден воздух, влошување на здравјето на луѓето, зголемена потрошувачка на енергија од необновливи извори и повисоки трошоци за населението и сл.
2. Проблемите кои се идентификувани во тематската област: Вода и водни ресурси (Нефункционалност на системот за водоснабдување на целата територија на општината; Непостоење на канализационен систем и пречистителна станица за отпадни води и Нерегулирани речни корита на реките и порои) ќе допринесат состојбата да биде иста и непроменета или влошена: недоволни количини на вода за пиење, неконтролиран квалитет на водата за пиење, немање фекална и атмосферска канализациска мрежа и несоодветен третман на отпадните води, зачестена појава на поплави и сл.
3. Проблемите кои се идентификувани во тематската област: Почва, користење на земјиште и урбан развој (Загадување на почвата поради некотролирана примена на агрохемикали и Узурпација на земјиште и неконтролирана изградба на објекти) ќе допринесат состојбата да биде иста и непроменета или влошена: загадена почва поради фрлање отпад на различни јавни места и плодни земјишта; загадена почва поради наводнување на земјиштето со загадена вода; недоволна обработка на плодно земјиште; пренамена на плодно земјиште во градежно и сл.
4. Проблемите кои се идентификувани во тематската област: Отпад и управување со отпад (Создавање на диви депонии; Немање доволен број контејнери/канти за собирање и селектирање на отпад во населените места; Недоволна покриеност на територијата на општината со комунална услуга; Непостоење на организиран систем за сепарирање, рециклирање и реупотреба на отпад) ќе допринесат состојбата да биде иста и непроменета или влошена: постоење на диви депонии кои се извор на загадување на воздухот и водите; палење на отпад на отворено; нецелосна покриеност на сите населени места со комунална услуга; непостоење на систем за селектирање и повторна употреба на корисните состојки од отпадот и сл.
5. Проблемите кои се идентификувани во тематската област: Природа, природни реткости и екосистемски услуги (Недоволна застапеност на аспектите на заштита на природата и биодиверзитетот во останатите сектори и Деградирање на шумите,

неодржливо и незаконско управување) ќе допринесат состојбата да биде иста и непроменета или влошена: недоволен капацитет на инспекциски служби; шумски пожари; непостоење на шумска полиција и шумари; непостоење на планска документација за заштита на шуми и сл.

Алтернатива 2: Делумно спроведување
"Do minimum"; "Partial Implementation"

Оваа алтернатива подразбира реализација само на дел од мерките предвидени во ЛЕАПот, обично оние што се најитни или најефтини. Вклучува избор на приоритетни мерки (на пример: управување со отпад и подигање на јавната свест), но без целосна институционална и финансиска поддршка и имплементација. Ова води до ограничено подобрување, но нема долгорочен ефект.

Иако оваа алтернатива се однесува на делумно спроведување на некои од мерките и акциите кои се дефинирани во ЛЕАПот, сепак е подобра од алтернтивата – без спроведување.

Доколу Општина Јегуновце се одлучи да ја прифати оваа алтернатива, треба да има предвид дека треба да направи избор на мерки и активности кои се најважни, најбитни за подобрување на состојбата со животната средина (ограничено подобрување) но и да дефинира временска рамка во која истите ќе се реализираат и ќе се следат.

Алтернатива 3: Целосно спроведување со поддршка
"Full Implementation with Technical and Financial Support"

Најоптимална опција која вклучува систематско и целосно спроведување на ЛЕАП, со ангажирање на сите засегнати страни, користење на надворешна поддршка (финансиска, експертска) и јасни резултати во унапредување на животната средина и квалитетот на живот на населението на територијата на Општина Јегуновце. Оваа алтернатива обезбедува систематска имплементација, преку локални институции, партнерства со НВО, и аплицирање за меѓународни фондови.

Со други зборови значи дека сите проблеми кои се идентификувани во секоја од тематските групи, ќе бидат решени целосно или делумно (ЛЕАПот е со важност од 6 години и се стреми кон целосна имплементација на сите активности), односно:

- Преку имплементација на мерките и акциите кои се дефинирани за решавање на проблемите во тематската област: Воздух, енергетска ефикасност и климатски промени, ќе се постигне:
  - Поставување на локална мрежа за мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух на ниво на општината;
  - Воведување на контрола на емисиите на загадувачки супстанции во воздухот, преку склучување на договори за меѓуопштинска соработка за инспекциски служби и зајакнување на капацитетите на општината;

- Следење на состојбата со загадување особено во грејна сезона и одржливо управување со енергетските ресурси, преку мерење на загаденоста на водзухот на неколку мерни места и изработка на програма за енергетска ефикасност;
- Воведување на енергетски-ефикасни мерки, преку реконструкција на фасади и кровови на јавни објекти и замена на енергетските котли од мазут, нафта, јаглен или дрво на електрична енергија или обновливи извори;
- Зголемено искористување на обновливи извори на енергија: поставување на соларни колектори и фотоволтаици на јавни објекти; субвенции за соларни колектори;

➢ Преку имплементација на мерките и акциите кои се дефинирани за решавање на проблемите во тематската област: Вода и водни ресурси, ќе се постигне:

- Реконструкција и доизградба на нови системи за водоснабдување во општината;
- Испитување на исправност на водата за пиење од здравствен аспект;
- Подигање на јавната свест за рационална употреба на водата за пиење;
- Реконструкција и доизградба на канализационен систем (фекална и атмосферска канализација);
- Доизградба на колекторски систем и потребната инфраструктура за приклучување кон ПСОВ за Тетово или изведба на мини пречистителни станици само за населените места од Општина Јегуновце;
- Организирање на кампања за локалното население за важноста за третман на отпадни води;
- Подобрено управување со ерозивни подрачја преку изработка на план за управување со ерозивни подрачја и проекти за заштита од ерозија; спроведување на акција за пошумување на ерозивни подрачја;
- Подобрено регулирање на речни корита преку изработка на оперативен план за заштита од поплави; уредување на речни корита согласно техничка документација; контрола на експлоатацијата на чакал и песок;

➢ Преку имплементација на мерките и акциите кои се дефинирани за решавање на проблемите во тематската област: Почва, користење на земјиште и урбан развој, ќе се постигне:

- Заштита на почвата и земјоделското земјиште, преку контролирана примена на агрохемикалиите во земјоделството; изработка на анализа на употреба на агрохемикалии и сл.;
- Производство на здравствено безбедна храна, изработка на студија за промовирање и можности за органско производство на ниво на општината и обука и едукација на земјоделски производители за органско производство и сл.;
- Одржливо управување со земјоделското земјиште и употреба на добри земјоделски практики, нови работни сили и остварување на приходи на семејствата кои ќе се занимаваат со органско земјоделие;

- Изработка на планска документација (ДУП, УП за села, УП надвор од населено место) на цела територија на општината и нивно донесување од страна на Советот на општината;
- Засилена контрола на инспекциски служби во однос на изградба на дивоградби и непочитување на урбанистичката планска документација;
- Примена на зелени урбани решенија, како на пр. поставување на зелени кровови и фасади; градини на места на диви депонии и организација на просторот и сл.;

➢ Преку имплементација на мерките и акциите кои се дефинирани за решавање на проблемите во тематската област: Отпад и управување со отпад, ќе се постигне:

- Намалување на бројот на диви депонии, односно затворање на дивите депонии и преуредување на локациите во паркови или други намени за рекреација;
- Воспоставување на мониторинг и инспекција од страна на комуналните инспектори и обезбедување на технички средства (опрема и возило) за мониторинг;
- Подобрување на техничка опременост на комуналното претпријатие (возила за собирање на отпад, машини за метење итн);
- Формирање депонија за инертен отпад на територија на општината;
- Изработка и реализирање на пилот проекти за циркуларна економија на локално ниво во соработка со преработувачите или постапувачите со отпадот;
- Анализа на можностите за изградба на локална компостара, изработка на техничка документација и изградба на компостара;

➢ Преку имплементација на мерките и акциите кои се дефинирани за решавање на проблемите во тематската област: Природа, природни реткости и екосистемски услуги, ќе се постигне:

- Изработка на студија за состојба на природата и биодиверзитетот во општината;
- Идентификување на потенцијални области за заштитени подрачја;
- Валоризација и ревалоризација на заштитени подрачја;
- Воспоставување на мониторинг на состојбата со природата и биодиверзитетот, контрола на собирање на диви растенија и животни; спречување на шумски пожари;
- Одржливо управување со шумските ресурси, преку едукација на населението за значењето на шумите и потребата од нивна заштита;
- Дефинирање на локалитети за пошумување и пошумување на ерозивни подрачја со користење на автохтони видови;
- Превземање на мерки за спречување на бесправната сеча;
- Јавна кампања за подигање на свеста за заштита на шумите од пожари;
- Формирање на доброволно против-пожарно друштво и зајакнување на капацитите преку обука и соодветна опрема

Најповолна е Алтернатива 3, бидејќи овозможува:

- > Одржлив развој на општината;
- > Заштита на природните ресурси;
- > Подобрување на квалитетот на живот на жителите на општината;
- > Долгорочна економска стабилност и усогласување со националните и ЕУ-стандардите за животна средина.

10. ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ ВРЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЛЕАП

СОЖС постапката задолжително дефинира план за имплементација на спроведување на мерките и акциите кои се предвидени во Локалниот еколошки акционен план (ЛЕАП).

Целта на планот за мониторинг е да предвиди и обезбеди систематско следење и евалуација на спроведувањето на мерките предвидени во ЛЕАПот, за да се:

- Потврди ефикасноста на активностите, мерките и акциите дефинирани во секоја од тематските групи;
- Навремено да се идентификуваат отстапувања кои може да предизвикаат влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето;
- Навремено да се преземат корективни мерки;
- Осигури транспарентност и отчетност пред јавноста.

Локалниот еколошки акционен план (ЛЕАП) за Општина Јегуновце содржи план за мониторинг на мерките кои се дефинирани за реализација на приоритетите, со очекувани резултати, индикатори и одговорна институција.

Планот за мониторинг над спроведување на Локалниот еколошки акционен план (ЛЕАП) е прилагоден за потребите на СОЖС и ги содржи клучните елементи, односно:

- Цели за следење: Влијание на ЛЕАП врз квалитетот на воздух, вода, почва, отпад, биодиверзитет и пределски карактерситики и јавна свест
- Индикатори: на пр. Количина на селектиран отпад, број јавни акции и кампањи, загаденост на воздух, квалитет на води; заштитени подрачја и сл
- Начин на следење: Теренски мониторинг, лабораториски анализи, анкети, извештаи
- Одговорна институција: Локална самоуправа, Советот на општината, Јавни претпријатија, локални инспектори, училишта, здруженија на граѓани,
- Фреквенција на следење: на секои три месеци, на секои шест месеци, или еднаш годишно – според индикаторите и според зконската регулатива (извештај за реализација на ЛЕАП се прави секоја година)
- Механизам за известување: Доставување на извештаи до Советот на општината, јавни презентации и трибини, објави на веб страна
- Инструменти за евалуација: Матрици за напредок, споредбени табели, препораки за подобрување (извештај за реализација на ЛЕАП се прави секоја година)

Табела 14. План за мониторинг на спроведување на мерките

СОЖС елемент	Мерка од ЛЕАП	Индикатори	Фреквенција на мониторинг	Одговорна институција	Извори на верификација на податоци
Квалитет на воздух и климатски промени	Воспоставување на локална мрежа за мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух на ниво на општината	Поставена мониторинг станица на локација во општината	Во согласност со законската регулатива	Општина Јегуновце	Општина Јегуновце Дневни, месечни извештаи од мониторинг станицата Фотографии
	Контрола на емисиите на загадувачки супстанции во воздухот	Извршени инспекциски надзори над инсталации Издадени решенија за елаборати и Б-ИЕД	Во согласност со законската регулатива	Локални инспектори за животна средина	Општина Јегуновце Веб страни Записници од извршен инспекциски надзор
	Воведување на систем за следење на состојбата со загадување особено во грејна сезона и одржливо управување со енергетските ресурси	Извршени мерења на загаденоста на водзухот на неколку мерни места	Во согласност со законската регулатива По потреба, во периоди на екстремна загадување (пр. во грејна сезона)	Локални инспектори за животна средина Акредитирани лаборатории	Општина Јегуновце Веб страни Извештаи од извршено мерење
	Изработка на програма за енергетска ефикасност	Избрани консултанти Изработена програма	Во согласност со договорените рокови и услови	Општина Јегуновце (одделение за животна средина)	Општина Јегуновце Веб страна
	Спроведување на енергетски-ефикасни мерки	Број на реконструирани фасади и кровови на јавни објекти Број на заменети енергетски котли од мазут, нафта, јаглен или дрво на електрична	Во текот на изградба/реконструкција и замена	Општина Јегуновце Јавни објекти и претпријатија	Општина Јегуновце Веб страна Фотографии

		енергија или обновливи извори на енергија			
	Зголемено искористување на обновливи извори на енергија	Број на инсталирани сончеви панели Број на инсталирани фотоволтаици Број на субвенции	Во текот на инсталација на колекторите и фотоволтаиците и за време на одржување	Општина Јегуновце Јавни објекти Домаќинства	Општина Јегуновце Веб страни Фотографии
Квалитет на води	Реконструкција и доизградба на системи за водоснабдување во општината	Број/km на реконструирани системи Број/km на ново изградени водоснабдителни системи	Во текот на изградба/реконструкција и за време на одржување	Општина Јегуновце Јавно комунално претпријатие	Јавно комунално претпријатие Веб страни Фотографии
	Реконструкција и доизградба на канализационен систем (фекална и атмосферска канализација)	Број/km на реконструирана мрежа Број/km на ново изградена атмосферска и фекална мрежа	Во текот на изградба/реконструкција и за време на одржување	Општина Јегуновце Јавно комунално претпријатие	Јавно комунално претпријатие Веб страни Фотографии
	Доизградба на колекторски систем и потребната инфраструктура за приклучување кон идната ПСОВ за Тетово	Број/km на колекторски систем и инфраструктура	Во текот на изградба/реконструкција и за време на одржување	Општина Јегуновце Јавно комунално претпријатие	Јавно комунално претпријатие Веб страни Фотографии
	Изработка на план за управување со ерозивни подрачја	Изработен План	Во согласност со договорените услови и рокови	Општина Јегуновце Јавно комунално претпријатие	Општина Јегуновце Јавно комунално претпријатие
	Спроведување на акција за пошумување на ерозивни подрачја	Број/Површина/ha на засадени дрвја	Во согласност со договорените услови и рокови	Општина Јегуновце ПЕ Македонски шуми	ЈП Македонски шуми Општина Јегуновце

	Изработка на оперативен план за заштита од поплави	Изработен План	Во согласност со договорените услови и рокови	Општина Јегуновце Јавно комунално претпријатие	Општина Јегуновце Јавно комунално претпријатие
	Изградба и уредување на речни корита	Број/површина/метри должни на уредени речни корита	Во текот на реализација на уредувањето	Општина Јегуновце Јавно комунално претпријатие	Општина Јегуновце Јавно комунално претпријатие
	Контрола на експлоатацијата на чакал и спроведување на соодветни мерки за сторителите	Записници, фотографии од извршен надзор	Еднаш месечно, а по индиции и повеќе пати	Општина Јегуновце Локални инспектори за животна средина	Општина Јегуновце
Квалитет на почва	Изработка на студија за промовирање и можности за органско производство	Постапка за ангажирање на експерти Изработена студија	Во согласност со договорените услови и рокови	Општина Јегуновце	Општина Јегуновце Веб страни
	Едукација и организирање на заинтересираните земјоделски производители за органско производство	Број на одржани обуки/работилници Број на земјоделци присутни на обуките	Во согласност со договорените услови	Општина Јегуновце	Општина Јегуновце Веб страни Фотографии
	Примена на зелени урбани решенија	Број на зелени кровови и фасади Број на урбани градини	Во текот на уредувањето и за време на одржувањето	Општина Јегуновце Јавно комунално претпријатие ПЕ Македонски шуми	Општина Јегуновце Веб страни Фотографии
Отпад	Затворање на дивите депонии и уредување на локациите	Број на исчистени диви депонии Број/површина на уредени локации	Во текот на уредувањето и за време на одржувањето	Општина Јегуновце Јавно комунално претпријатие	Општина Јегуновце Јавно комунално претпријатие Веб страни Фотографии
	Зајакнување на капацитетот на локалното комунално	Број на возила за собирање на отпад, машини за метење	Во согласност со договорените услови	Јавно комунално претпријатие	Јавно комунално претпријатие

	претпријатие за собирање на отпадот во сите руралните делови на општината	Број на одржани обуки за вработените			Фотографии
	Формирање депонија за инертен отпад на територија на општината	Избрана компанија Изработена техничка документација Избрана локација Изградена депонија	Во согласност со договорените услови За време на реализацијата и одржувањето	Општина Јегуновце Јавно комунално претпријатие	Општина Јегуновце Јавно комунално претпријатие Веб страни Фотографии
	Изградба на локална компостара	Изработена техничка документација Избрана локација Изработен проект Набавка и изградба на компостара	За време на реализацијата и одржувањето	Општина Јегуновце Јавно комунално претпријатие	Општина Јегуновце Јавно комунално претпријатие Веб страни Фотографии
Биодиверзитет и природно наследство	Изработка на студија за состојбата со природата и биодиверзитетот во општината	Изработена студија	Во согласност со договорените услови и рокови	Општина Јегуновце	Општина Јегуновце Веб страни
	Воспоставување на мониторинг на состојбата со природата и биодиверзитетот	Утврдени параметри за следење на состојбата на природата и биодиверзитетот Воспостевен мониторинг на собирање на диви растенија и животни	Во согласност со законската регулатива	Општина Јегуновце	Општина Јегуновце Веб страни
	Изработка на проект за анализа и проценка на состојбата со шумите	Изработен проект	Во согласност со договорените услови и рокови	Општина Јегуновце ПЕ Македонски шуми	Општина Јегуновце ПЕ Македонски шуми

	Пошумување на ерозивни подрачја со користење на автохтони видови	Дефинирани локации Набавка на автохтони водови Површина/ha засадени со нови садници	За време на пошумувањето Два пати годишно	Општина Јегуновце ПЕ Македонски шуми	Општина Јегуновце ПЕ Македонски шуми
	Формирање на доброволно против-пожарно друштво	Донесена одлука за формирање на доброволно против-пожарно друштво Број на одржани обуки за едукација на членовите Број и вид на набавена опрема	Во согласност со договорените услови и рокови	Општина Јегуновце Совет на Општина Јегуновце	Општина Јегуновце Веб страни
Здравје на луѓе	Испитување на исправност на водата за пиење од здравствен аспект	Број на земени мостри Резултати од акредитирана лабораторија и Институт за јавно здравје	Еднаш месечно, а при индиции за загадување и почесто	Општина Јегуновце Јавно комунално претпријатие Акредитирани лаборатории	Институт за јавно здравје
	Следење на состојбата со загадување особено во грејна сезона	Извршени мерења на загаденоста на водзухот на неколку мерни места	Во согласност со законската регулатива По потреба, во периоди на екстремна загадување (пр. во грејна сезона)	Локални инспектори за животна средина Акредитирани лаборатории	Извештаи од извршено мерење
	Зајакнување на капацитетот на локалното комунално претпријатие за собирање на отпадот во сите делови на општината	Број на канти/контејнери поделени на семејства Воспоставена динамика на собирање на отпад	Во согласност со законската регулатива Во согласност со договорените услови и рокови	Општина Јегуновце Јавно комунално претпријатие	Општина Јегуновце Јавно комунално претпријатие

11. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

11.1. Заклучоци

- ✓ Општина Јегуновце во рамките на проектот: „Промовирање на одржливо управување со земјиштето, преку зајакнување на правната и институционалната рамка, градење на капацитети и обновување на најранливите планински предели“, финансиран од Глобален еколошки фонд (ГЕФ) преку агенција за спроведување: Програма на Обединетите нации за животна средина (УНЕП) изработи Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) за Општина Јегуновце, за период 2024-2030.
- ✓ Локалниот акционен план за животна средина (ЛЕАП) е плански документ за заштита и унапредување на животната средина на ниво на општина, каде се идентификуваат и приоретизираат еколошките проблеми во општината и се дефинираат соодветни мерки и акции кои што треба да се спроведат за да овозможат нивно решавање со што би се постигнала интегрирана заштита на животната средина и одржлив развој на општините.
- ✓ Согласно член 3, точка 14, Национален акционен план за животната средина и на локалните акциони планови за животната средина од Уредбата за стратегии, планови и програми, вклучувајќи ги нивните промени, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето, Локалниот еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Јегуновце за период 2024-2030, е документ за кој задолжително се врши стратегиска оцена на животната средина.
- ✓ Изработката на СОЖС извештајот за Локалниот акционен план за животна средина за Општина Јегуновце е подготвен согласно обврската на доносителот на планскиот документ, согласно Законот за животна средина и донесената Одлука и формулар за спроведување на СОЖС;
- ✓ Во акциониот план се дефинирани мерки и акции кои насочени кон решавање на проблеми во 5 тематски области (Воздух, енергетска ефикасност и климатски промени; Вода и водни ресурси; Почва, користење на земјиште и урбан развој; Управување со отпад; Природа и природни реткости и екосистемски услуги);
- ✓ Имајќи го предвид видот на планскиот документ и неговите цели, генерална оценка на извештајот е дека имплементацијата на планскиот документ се очекува да донесе значајни долгорочни позитивни влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето;

11.2. Препораки

- ✓ Доследна имплементација на процедурите за СОЖС и ОВЖС, како и соодветна проценка на влијанијата на ниво на конкретна планска/проектна документација или проект при изведба на предвидените мерки и акции;
- ✓ Да се обезбеди активно учество и вклучување на засегнатата јавност во процесите на креирање на мислење и донесување на одлуки;
- ✓ Доследна примена на мерките за намалување на влијанијата врз животната средина и задравјето на луѓето, кои се предвидени во елаборатот за заштита на животната средина;
- ✓ Со оглед на тоа што населените места: Беловиште, Вратница, Старо Село и Јажинце се наоѓаат во рамки на Националниот Парк „Шар Планина“ во зоната на одржливо користење, треба да се следат мерките и препораките кои се дадени во Планот за управување со НП „Шар Планина“. Почитување на дозволените активности и дејности во рамките на зоната за одржлив развој, односно: забрането е одгледување на алохтони (вклучувајќи генетски модифицирани) или инвазивни видови растенија и животни; забрането е лов на дивеч; забрането е изградба на нови хидроелектрични централи; забрането е изградба на нова инфраструктура за производство на електрична енергија (цевководи, фотоволтаични централи, воздушни турбини) во пределот; забрането е изградба/отварање на ски лифтови и паркови за велосипеди; забрането е спроведување на нови детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини.
- ✓ Општина Јегуновце се наоѓа во прва и втора заштитна зона на изворот Рашче, дефинирана како зона на хигиенско-епидемиолошко следење, каде треба да се применат пропишаните услови за испуштање на отпадни води во водотеците од II класа на местото на испуштање во непосредниот дел од сливот на реката Вардар низводно од Гостивар.
- ✓ Во првата заштитна зона се наоѓаат населените места: Копанце, Раотинце, Сиричино, Туденце и Јегуновце. Во втората заштитна зона се наоѓаат населените места: Беловиште, Вратница, Жилче, Орашје, Подреѓе, Прељубиште, Ратае, Шемшево.
- ✓ Во прва потесната заштитна зона (зона на строг санитарен надзор) се забрануваат сите дејствија и активности, со цел заштита на изворот „Рашче“ од загадување, освен дејствија кои се преземаат за одржување и подобрување на функционалноста на зафатите Рашче 1 и Рашче 2. Во првата потесна заштитна зона не треба да се врши ниту една активност освен оние кои се поврзани со зафаќање, преработка и пренос на водата во водоснабдителниот систем.

12. НЕТЕХНИЧКО РЕЗИМЕ

12.1. Вовед

Општина Јегуновце во рамките на проектот: „Промовирање на одржливо управување со земјиштето, преку зајакнување на правната и институционалната рамка, градење на капацитети и обновување на најранливите планински предели“, финансиран од Глобален еколошки фонд (ГЕФ) преку агенција за спроведување: Програма на Обединетите нации за животна средина (УНЕП) изработи Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) за Општина Јегуновце, за период 2024-2030.

Општина Јегуновце донесе одлука за неспроведување на стратегиска оцена на животната средина, ги објави на својата веб страна Одлука за неспроведување на стратегиска оцена за Општина Јегуновце - Општина Јегуновце и Формулар ЛЕАП - Општина Јегуновце и ги достави до Министерство за животна средина и просторно планирање. (ПРИЛОГ 1 и ПРИЛОГ 2).

Врз основа на член 65, став 13 од Законот за животна средина, Министерство за животна средина и просторно планирање донесе Решение за спроведување на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина за планскиот документ Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) 2024-203о год. кој го донесува Општина Јегуновце. Решението е објавено на веб страната на Општина Јегуновце Решение за Спроведување на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина - Општина Јегуновце и се наоѓа во листата на Прилози, ПРИЛОГ 3.

12.2. Вовед во стратегиската оцена на животната средина (СОЖС)

Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС) за Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) е задолжителна постапка во согласност со Законот за животна средина. Нејзината цел е да обезбеди дека предложените активности, мерки и приоритети во ЛЕАПот нема да предизвикаат негативни влијанија врз животната средина, или дека тие влијанија ќе бидат сведени на минимум.

СОЖС постапката се спроведува во неколку чекори:

- Проверка: овој чекор има за цел да идентификува и утврди дали ЛЕАПот ќе има значителни влијанија врз животната средина и дали е потребно спроведување на СОЖС.
- Определување на обемот: овој чекор има за цел да го определи обемот на информации и нивото на детали кои ќе бидат содржани во Извештајот за СОЖС.
- Изработката на Извештајот за СОЖС е главниот механизам во кој ќе бидат идентификувани значителните влијанија (негативни и позитивни) врз животната средина од имплементација на планскиот документ, како и активностите за спречување, намалување и неутрализирање на значителните негативни влијанија.
- Процес на консултации со јавност: опфаќа консултација со засегнатите страни и конкретната јавност во текот на определувањето на обемот на СОЖС, нацрт Извештајот за СОЖС и ставање на јавен увид.
- Прифаќање/одобрување: овој чекор дава информации за одобрениот плански документ, односно колку од коментарите добиени во текот на консултациите биле

земени предвид и методите за мониторинг на значителните влијанија од имплементацијата на планскиот документ.

- Мониторинг: овој чекор опфаќа следење на имплементацијата на активностите, можните влијанија врз животната средина и социјалните аспекти во рана фаза за да им се овозможи на одговорните органи да преземат мерки за подобрување во текот на имплементацијата на планските документи.

Целите на Стратегиската оцена на животната средина (СОЖС) се насочени кон интегрирање на заштитата на животната средина во процесот на планирање и донесување, односно одлучување за политики, планови и програми, особено оние кои може да имаат значително влијание врз животната средина.

Главни цели на СОЖС се:

- Превенција на негативни влијанија врз животната средина
- Интеграција на животната средина во процесот на планирање
- Поддршка на одржлив развој
- Подобрување на транспарентноста и вклучувањето на јавноста
- Поддршка во процесот на правилно одлучување
- Идентификација и проценка на алтернативи
- Промовирање на квалитетна животна средина
- Обезбедување правна усогласеност

Специфичните цели на стратегиската оцена на животната средина се дефинирани согласно националната и меѓународна легислатива и се прикажани преку статусот на биолошката разновидност, населението, здравјето на луѓето, материјалните добра, културното наследство и пределот.

Специфични цели на СОЖС, а во контекст на ЛЕАП ги издвојуваме:

- Идентификација и анализа на потенцијалните влијанија врз животната средина
- Интегрирање на еколошките критериуми во фазата на планирање
- Обезбедување на усогласеност со релевантната национална и европска еколошка регулатива
- Препознавање на алтернативи за минимизирање на негативните влијанија
- Зголемување на транспарентноста и јавната вклученост
- Обезбедување основа за мониторинг и контрола на имплементацијата

Придобивките од спроведување на стратегиската оцена на животната средина се:

- Подобра заштита на животната средина
- Интегрирање на еколошките аспекти во стратешкото планирање
- Намалување на ризиците и штетите
- Јавна транспарентност и доверба

- Подобрување на квалитетот на живот
- Систематски пристап и долгорочна визија

Постапката за спроведување стратегиска оцена на животната средина е дефинирана во поглавје X од Законот за животната средина, при што стратегиска оцена се спроведува на плански документи кои се подготвуваат во областа на земјоделството, шумарството, рибарство, енергетика, индустрија, рударство, транспорт, регионалниот развој, телекомуникациите, управувањето со отпадот, управувањето со водите, туризмот, просторно и урбанистичко планирање и користење на земјиштето, за националниот акционен план за животната средина и локалните акциони планови за животната средина, како и врз сите стратегиски, плански и програмски документи со кои се планира изведување на проекти за кои се врши оцена на влијанието врз животната средина.

Подзаконски акти кои ја регулираат постапката за СОЖС се:

- Уредба за стратегиите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето (Сл. Весник на РМ, бр. 153/07 и 45/11);
- Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето (Сл. Весник на РМ, бр. 144/07);
- Уредба за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина (Сл. Весник на РМ, бр. 153/07);
- Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина (Сл. Весник на РМ, бр. 147/08 и 45/11);
- Правилник за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена (Сл. Весник на РМ, бр.122/11).

При подготовка на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина, земена е предвид и Директивата 2001/42/ЕС за оцена на влијанијата на одредени планови и програми врз животната средина, која е транспонирана во националното законодавство.

Извештајот е изработен во согласност со Уредбата за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина (Сл. Весник на РМ, бр. 153/07) и ги содржи следните информации:

- резиме/краток преглед на содржината, главните цели на планскиот документ и врската со другите релевантни планови и програми/плански документи;
- релевантни аспекти на моменталната состојба на животната средина и што најверојатно би се случило доколку не дојде до имплементација на планскиот документ/најверојатната еволуција без имплементација на планот или програмата;
- карактеристики на животната средина во областите кои би биле значително засегнати;

- други проблеми кои се релевантни за планскиот документ, вклучувајќи ги посебно оние кои се појавиле во некоја од областите кои се од посебно значење за животната средина, а особено од аспект на заштита на дивите птици и хабитатите;
- целите на заштитата на животната средина, одредени на национално или меѓународно ниво, кои се релевантни за планскиот документ и начинот на кој овие цели и сите аспекти на животната средина се земени во предвид за време на нивните подготовки;
- веројатните значајни влијанија врз животната средина во целина, вклучително и врз биодиверзитетот, населението, човечкото здравје, фауната, флората, почвата, водата, воздухот, климатските фактори, материјалните придобивки, културното наследство кое вклучува архитектонско и археолошко наследство, пејзажот и меѓусебната поврзаност на овие фактори. Овие влијанија вклучуваат секундарни, кумулативни, синергистички, краткорочни, со средно и долгорочни, трајни и привремени позитивни и негативни ефекти;
- мерките предвидени за заштита, намалување и неутрализирање во најголема можна мерка на сите значајни негативни влијанија врз животната средина од имплементацијата на планскиот документ;
- резиме/краток преглед на причините за изборот на алтернативите, и опис за тоа како е направена проценката, вклучувајќи ги сите потешкотии (како што се техничките недостатоци или недостигот на know-how) до кои се дошло при собирањето на потребните информации;
- опис на предвидените мерки кои се однесуваат на мониторингот во согласност со законските обврски;
- не-техничко резиме на информациите дадени во согласност со барањата наведени во сите горенаведени точки

Целта на Извештајот на Стратешката оцена на животната средина (СОЖС) е да се обезбеди систематска анализа на потенцијалните влијанија врз животната средина од реализацијата на Локалниот еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Јегуновце (2024–2030). Преку оваа анализа се овозможува интегрирање на еколошките аспекти уште во раните фази на планирање, со што се:

- препознаваат ризиците и негативните влијанија;
- предлагаат алтернативи или мерки за ублажување;
- зголемува информираноста и учеството на јавноста;
- обезбедува усогласеност со националната и европската регулатива.

На овој начин, СОЖС придонесува за одржлив развој, транспарентност и подобро управување со животната средина.

Методологијата која се користеше при подготовка на Извештајот за СОЖС се базира на спроведување на истражувања, проценки и аналитички пристап кој се состоеше од неколку чекори:

- Преглед и анализа на ЛЕАПот за Општина Јегуновце;
- Идентификација на релевантни компоненти на животната средина;

- Проценка на можните влијанија
- Алтернативи и мерки за ублажување
- Усогласеност со планови и регулативи
- Вклучување на јавноста и институциите
- Изработка на извештајот за СОЖС
- Нацрт Извештајот ги содржи следните точки: опис на ЛЕАПот, проценки на влијанија, мерки, алтернативи, заклучоци и препораки и план за мониторинг.
- Изготвување на извештај од консултации со јавноста, со записник од одржаната јавна расправа, листа на заинтересирани страни кои дале коментари, како и листа на одговори и негово споделување на веб страницата на органот кој го изготвува планскиот документ;
- Финализирање на Извештајот за СОЖС со вклучување на коментарите од засегнатата јавност.

12.3. Резиме/краток преглед на содржината на ЛЕАПот

Локалниот акционен план за животна средина за Општина Јегуновце е изработен согласно процесот и постапката наведена во Националната Методологија за подготовка на ЛЕАПи, а усвоена од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање.

Локалниот акционен план за животна средина (ЛЕАП) е плански документ за заштита и унапредување на животната средина на ниво на општина, каде се идентификуваат и приоретизираат еколошките проблеми во општината и се дефинираат соодветни мерки и акции кои што треба да се спроведат за да овозможат нивно решавање со што би се постигнала интегрирана заштита на животната средина и одржлив развој на општините.

Првото поглавје на ЛЕАПот го обработува процесот на изработка, каде се објаснети целите, правната основа и законските обврски, методологија за изработка на ЛЕАП, организациска структура и информирање и вклучување на јавноста.

Следното поглавје дава преглед на природно-географските и социо-економските карактеристики на општина Јегуновце, односно географска положба; рељеф, геолошки и педолошки карактеристики; хидрографски карактеристики; биодиверзитет и природно наследство; климатски карактеристики; демографски карактеристики; економски и стопански карактеристики; водоводна инфраструктура; сообраќајна инфраструктура; социјала, образование, спорт и култура; археолошки локалитети и урбанистичко планирање.

Проценатa на состојбата на животната средина во Општина Јегуновце е направена според DPSIR методологијата и е направена за секоја од тематските групи: Воздух, енергетска ефикасност и климатски промени; Вода и водни ресурси; Почва, користење на земјиште и урбан развој; Управување со отпад; Природа и природни реткости; Природни катастрофи. За секоја од тематските области даден е преглед на изворите на загадување, квалитетот на медиумот, идентификација на проблемите и мониторинг на медиумот.

Во следното поглавје преку алатката SWOT анализа (јаки и слаби страни, можности и закани) која е направена за секоја од тематските групи: Воздух, енергетска ефикасност и климатски промени; Вода и водни ресурси; Почва, користење на земјиште и урбан развој; Управување со отпад; Природа и природни реткости; Природни катастрофи и утврдени се стратешките приоритети и мерките за заштита на животната средина.

Во петтото поглавје од ЛЕАПот за Општина Јегуновце е акциониот план за заштита на животната средина за секоја од тематските групи: Воздух, енергетска ефикасност и климатски промени; Вода и водни ресурси; Почва, користење на земјиште и урбан развој; Управување со отпад; Природа и природни реткости; Природни катастрофи.

Последното поглавје содржи мониторинг план за мерките и акциите предложени во рамки на секоја тематска група: Воздух, енергетска ефикасност и климатски промени; Вода и водни ресурси; Почва, користење на земјиште и урбан развој; Управување со отпад; Природа и природни реткости; Природни катастрофи.

Главна цел на Локалниот акционен план за животна средина е заштита и унапредување на животната средина преку решавање на актуелните еколошки проблеми на територијата на општина Јегуновце.

За постигнување на оваа цел, потребно е да се реализираат следните чекори:

- Процена на моменталната состојба преку идентификација и приоретизација на проблемите во животната средина,
- Дефинирање на мерки за заштита на животната средина преку изработка и реализирање на проекти за решавање на актуелните еколошки проблеми во општината (листа на планирани проекти кои општината планира да ги спроведе),
- Зголемување на јавната свест за состојбата на животната средина во која што живеат и придобивките од заштита и унапредување на животната средина,
- Вклучување на интересите на засегнатото локално население во донесувањето на општинските акциони планови за заштита на животната средина, зошто учеството на јавноста се гледа како право на поединецот и обврска на надлежниот орган.

Локалните акциони планови за животната средина, врз основа на оценатa за степенот на загаденоста на животната средина во општината, содржат краткорочни, среднорочни и долгорочни мерки и активности, од интерес и во надлежност на општината, за заштита на животната средина и здравјето на луѓето, а особено за:

- Заштита на воздухот од загадување и за подобрување на квалитетот на воздухот;
- Снабдување со квалитетна вода за пиење во доволни количини;
- Заштита на водите од загадување, пречистување на отпадните води, прогресивно намалување на штетните испуштања и постепено елиминирање на емисиите на опасни супстанции во водите и за ублажување на последиците од штетното дејство на водите и од недостигот на вода;
- Интегрирано управување со отпад;
- Заштита од бучава и вибрации настанати како резултат на стопанските и на другите дејности и активности;
- Одржлив урбан развој и просторно планирање;

- Подобрување и развој на локалниот јавен транспорт и сообраќајот на подрачјето;
- Зголемување на енергетската ефикасност и искористување на обновливи извори на енергија;
- Развој на еколошко-културниот туризам и неговото влијание врз животната средина;
- Заштита на биодиверзитетот;
- Одржливо управување и користење на природните богатства;
- Подигање на јавната свест и развој на образованието за заштита и унапредување на животната средина;
- Управување со последиците од економскиот развој врз животната средина и
- Зајакнување на капацитетите на надлежните субјекти за спроведување на одделните елементи на планот.

Во рамки на процесот за изготвување на ЛЕАП за општина Јегуновце, беше спроведено испитување на јавното мислење, односно беше спроведена анкета (во печатена форма и по електронски пат) за локалното население од различни возрасни групи. Според анкетата, најгорливи еколошки проблеми се:

- Ниско ниво на свест кај јавноста (населението) и институциите за зачувување на животната средина и природата;
- Ниска еколошка свест за фрлање на отпад;
- Непримену вање на законската регулатива поради недоволен број на инспектори и стручни лица;
- Создавање на диви депонии, немање доволен број контејнери/канти за собирање и селектирање на отпад во населените места;
- Немање капацитет за следење на современи системи за справување со загадувањето;
- Немање соодветно место за депонирање на отпадот (лоша состојба со општинската депонија);
- Спалување на отпад на отворени локации;
- Недостаток на финансиски средства од страна на општината за спречување и контрола на загадувањето;
- Недоволен мониторинг на состојбата со животната средина;
- Мала ангажираност на Јавното комунално претпријатие;
- Мал процент на користење на обновливи извори (соларна енергија, биомаса, енергија на ветер, биогас) во однос на останатите извори на енергија (фосилни горива);

Акциониот план на ЛЕАП за Општина Јегуновце е развиен во согласност со Националната Методологија за подготовка на ЛЕАП, така што за секоја тематска област се идентификувани по неколку проблеми, соодветно развиени се приоритети и мерки и акции за нивно реализирање. Во табела бр. 1, е направен преглед на мерките и активностите насочени кон решавање на идентификуваните проблеми во секоја од тематските области.

12.4. Релевантни аспекти за моменталната состојба во животната средина

Во ова поглавје е даден приказ на релевантните аспекти на моменталната состојба на животната средина на локално ниво, на територијата на Општина Јегуновце, од аспект на демографска состојба, економски развој, туризам, здравје на население, квалитет на воздухот и климатски карактеристики, квалитет на водите, квалитет на почвата, шуми и шумско земјиште, биолошка разновидност и природно наследство, културното наследство и состојба со материјалните добра (водоснабдување, управување со отпадни води, управување со отпад и патна мрежа).

12.5. Карактеристики на животната средина во подрачјата кои би биле значително засегнати

Во ова поглавје во Извештајот е даден приказ на состојбите, трендовите и заканите врз населението, здравјето на населението, воздухот и климатските промени, води, почви, биолошката разновидност и природно наследство, културно наследство, материјалните добра, како и состојба без имплементација и со имплементација на ЛЕАПот за Општина Јегуновце.

12.6. Области кои се од посебно значење за животната средина, од аспект на заштита на дивите птици и хабитатите

Општина Јегуновце е лоцирана во дел од Националниот парк Шар Планина кој изобилува со природни реткости од аспект на флората и фауната.

Националниот Парк „Шар Планина“ или делови од неговата територија, врз база на меѓународни критериуми и стандарди, се идентификува како:

- Емералд подрачје
- Натура подрачје
- Значајно подрачје за птици (ЗПП)
- Значајно растително подрачје (ЗРП) „Шар Планина”
- Значајно подрачје за пеперутки (ЗПП) „Шар Планина“
- Европски зелен појас

12.7. Цели за заштита на животната средина утврдени на национално и меѓународно ниво

Целите за заштита на животната средина се дефинираат на национално и меѓународно ниво за да се обезбеди одржливо управување со природните ресурси, заштита на биодиверзитетот и намалување на загадувањето.

Поглајве 10 од ЗЖС ја објаснува постапката за оцена за влијанието на определени стратегии, планови и програми врз животната средина, која е од особено значење за правната заштита на националните паркови.

СОЖС се подготвува во согласност со националната законска рамка и одредбите од други релевантни меѓународни правни инструменти, вклучувајќи ги Директивата за СОЖС 2001/42/ЕЗ, Архуската Конвенција, ЕСПО Конвенцијата и УНЕЦЕ Протоколот од Киев за ЕСПО Конвенцијата.

Специфични цели за заштита на животната средина:

- Заштита и унапредување на квалитетот на површинските и подземните води;
- Заштита и унапредување на биолошката разновидност, природното и културното наследство;
- Заштита и унапредување на квалитетот на почвите;
- Заштита и унапредување на квалитетот на воздухот преку намалување на емисии на стаклени гасови;
- Интегрално управување со комуналниот отпад и негова селекција, транспорт и рециклирање за зачувување на почвата, а со тоа и минимизирање на отпадот;
- Заштита и унапредување на пределот и животната средина;
- Заштита од бучава и вибрциаии;
- Заштита и унапредување на материјалните добра;
- Минимизирање на појавите од несреќи и хаварии;

Целите за заштита на животната средина се инкорпорирани во многу други законски и подаконски акти.

12.8. Идентификација на значајни влијанија врз животната средина

Потенцијалните влијанија врз животната средина, здравјето на населението и социоекономските аспекти кои може да бидат предизвикани со реализација на Локалниот еколошки акционен план за Општина Јегуновце се разгледани во поглавјето бр. 8.

Потенцијалните влијанија врз животната средина, здравјето на населението и социо-економските аспекти може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија.

Извештајот за СОЖС ги зема предвид влијанијата врз сите медиуми и области на животната средина, населението и здравјето на луѓето и социо-економските карактеристики, но од еден поопшт аспект.

Имплементацијата на предвидените активности, ќе допринесат за намалување на притисоците и заканите врз билошката разновидност и природното наследство на територијата на општина Јегуновце, но од друга страна може да придонесат за нарушување на квалитетот и состојбата на медиумите и областите од животната средина и здравјето на населението.

12.9. Анализа на алтернативи

Анализата на алтернативи е процес на споредување на повеќе можни сценарија (локации, технологии, активности, релации или обем на примена) според нивното потенцијално влијание врз животната средина и човековото здравје.

Разгледани се 3 Алтернативи:

- Алтернатива 1: Без спроведување: „Status Quo (No Implementation)“; “Do nothing”; “Business as usual”

Оваа алтернатива покрај неусвојување на ЛЕАПот подразбира и непреземање на никакви активности предвидени во ЛЕАПот. Состојбата останува иста како досега, без подобрување на животната средина, што може да доведе до понатамошна деградација и ризици по здравјето на населението.

- Алтернатива 2: Делумно спроведување: "Do minimum"; "Partial Implementation"

Оваа алтернатива подразбира реализација само на дел од мерките предвидени во ЛЕАПот, обично оние што се најитни или најефтини. Вклучува избор на приоритетни мерки (на пример: управување со отпад и подигање на јавната свест), но без целосна институционална и финансиска поддршка и имплементација. Ова води до ограничено подобрување, но нема долгорочен ефект.

- Алтернатива 3: Целосно спроведување со поддршка: "Full Implementation with Technical and Financial Support"

Најоптимална опција која вклучува систематско и целосно спроведување на ЛЕАП, со ангажирање на сите засегнати страни, користење на надворешна поддршка (финансиска, експертска) и јасни резултати во унапредување на животната средина и квалитетот на живот на населението на територијата на Општина Јегуновце. Оваа алтернатива обезбедува систематска имплементација, преку локални институции, партнерства со НВО, и аплицирање за меѓународни фондови.

Најповолна е Алтернатива 3, бидејќи овозможува:

- Одржлив развој на општината;
- Заштита на природните ресурси;
- Подобрување на квалитетот на живот на жителите на општината;
- Долгорочна економска стабилност и усогласување со националните и ЕУ-стандардите за животна средина.

12.10. План за мониторинг врз имплементација на мерките во ЛЕАПот

СОЖС постапката задолжително дефинира план за имплементација на спроведување на мерките и акциите кои се предвидени во Локалниот еколошки акционен план (ЛЕАП).

Целта на планот за мониторинг е да предвиди и обезбеди систематско следење и евалуација на спроведувањето на мерките предвидени во ЛЕАПот, за да се:

- Потврди ефикасноста на активностите, мерките и акциите дефинирани во секоја од тематските групи;
- Навремено да се идентификуваат отстапувања кои може да предизвикаат влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето;
- Навремено да се преземат корективни мерки;
- Осигури транспарентност и отчетност пред јавноста.

Локалниот еколошки акционен план (ЛЕАП) за Општина Јегуновце содржи план за мониторинг на мерките кои се дефинирани за реализација на приоритетите, со очекувани резултати, индикатори и одговорна институција.

Планот за мониторинг над спроведување на Локалниот еколошки акционен план (ЛЕАП) е прилагоден за потребите на СОЖС и ги содржи клучните елементи, односно:

- Цели за следење: Влијание на ЛЕАП врз квалитетот на воздух, вода, почва, отпад, биодиверзитет и пределски карактерситики и јавна свест
- Индикатори: на пр. Количина на селектиран отпад, број јавни акции и кампањи, загаденост на воздух, квалитет на води; заштитени подрачја и сл
- Начин на следење: Теренски мониторинг, лабораториски анализи, анкети, извештаи
- Одговорна институција: Локална самоуправа, Советот на општината, Јавни претпријатија, локални инспектори, училишта, здруженија на граѓани,
- Фреквенција на следење: на секои три месеци, на секои шест месеци, или еднаш годишно – според индикаторите и според законската регулатива (извештај за реализација на ЛЕАП се прави секоја година)
- Механизам за известување: Доставување на извештаи до Советот на општината, јавни презентации и трибини, објави на веб страна
- Инструменти за евалуација: Матрици за напредок, споредбени табели, препораки за подобрување (извештај за реализација на ЛЕАП се прави секоја година)

13. ПРИЛОЗИ

13.1. Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

13.2. Формулар

13.3. Решение за спроведување на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SE VERIUT
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ - KOMUNA E JEGUNOVCIT

Бр.- Nr. 08-596/1
12.03.2026 год. vit.
ЈЕГУНОВЦЕ - JEGUNOVC

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина („Сл.весник на РМ“ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15 и 39/16), Општина Јегуновце, на ден 27.02.2026 година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена за Општина Јегуновце

1. За планскиот документ Локален еколошки акционен план (ЛЕАП), кој го донесува Општина Јегуновце, донесе одлука дека не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Јегуновце.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ Локален еколошки акционен план (ЛЕАП), нема да има влијание врз животната средина од следните причини:

- Општина Јегуновце нема предвидено поголеми инвестициски проекти кои би имале значително влијание врз животната средина,

- Сите предвидени мерки, односно акции во планот водат до значително подигнување на нивото за здрава и чиста животна средина.

- Планот е на локално ниво, што значи дека е со ограничен обем
(вклучува ограничени интервенции кои немаат значително влијание врз пошироките еколошки системи),

4. Против ова одлука јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Димитар Костадиноски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * REPUBLIKA E MAQEDONISË SE VERIUT * ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ * KOMUNA E JEGUNOVCIT * ЈЕГУНОВЦЕ - JEGUNOVC

Изработил

Марина Ѓорѓиевска


ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ - КОЈУЊА Р ЈЕГУНОВЦИ
Бр.- Nr. 11-595/1
12.03 20 25 год.- vit.
ЈЕГУНОВЦЕ - JEGUNOVCE

Податоци за органот кој го изработува планскиот документ	
Назив на планскиот докумет	ЛОКАЛЕН ЕКОЛОШКИ АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ (ЛЕАП) 2024-2030 г.
Орган надлежен за изработка на планскиот документ	Општина Јегуновце
Орган надлежен за донесување на планскиот документ	Совет на Општина Јегуновце

Податоци за изработувачот на планскиот документ	
Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ	Марина Ѓорѓиевска
Назив на работното место	Инспектор за животна средина
Контакт податоци за лицето	071/342-656

Основни податоци за планскиот документ
Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)
Врз основа на член 60 од Законот за животна средина, Советот на општината, врз основа на оцена на своите специфични состојби и потреби, а во согласност со Националниот план за животна средина, донесува локален еколошки акционен план за животна средина, согласно методологијата за подготовка на ЛЕАП, предложена од Министерството за животна средина и просторно планирање.
Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?
ДА ☒ НЕ ☐
Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?
Се работи за ЛЕАП, кој за прв пат се изработи во Општина Јегуновце.
Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65, став 2, од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.
Заштитата на животната средина е мулти-секторска област и истата е наведена како посебна точка од член 65, став 2, од Законот за животна средина. Во планскиот документ се опфатени области како што се: воздух и климатски промени, заштита на води, управување со отпад, почва, биодиверзитет и природно наследство, шумарство, просторно и урбанистичко планирање.

Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)			
ДА ☒ НЕ ☐	Член: 3	Точка: 14 Национален акционен план за животната средина и на локалните акциони планови за животната средина	Алинеја: /
Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.			
НЕ			
Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.			
НЕ			
Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.			
Главната цел на изработка на ЛЕАП е да се одреди состојбата на животната средина во сите тематски области (урбан развој, емисиите во воздухот и воздухот, управување со отпад, управување со води, бучава, почва и земја, природа / природно и културно наследство). Главна цел на Локалниот акционен план за животна средина е заштита и унапредување на животната средина преку решавање на актуелните еколошки проблеми на територијата на општина Јегуновце.			
Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)			
Заштита на животната средина			
Периодот за донесување на планскиот документ.			
Локалниот еколошки акционен план се донесува за период од шест (6) години (2024-2030г)			
Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?			
По истекот на предвидениот плански период, после 6 години			
Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)			
Планскиот документ се однесува за цела територија на општина Јегуновце			



Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.

ДА ☒

НЕ ☐

- Заштита на воздухот од загадување и за подобрување на квалитетот на воздухот;
- Снабдување со квалитетна вода за пиење во доволни количини;
- Заштита на водите од загадување, пречистување на отпадните води, прогресивно намалување на штетните испуштања и постепено елиминирање на емисиите на опасни супстанции во водите и за ублажување на последиците од штетното дејство на водите и од недостигот на вода;
- Интегрирано управување со отпад;

- Заштита од бучава и вибрации настанати како резултат на стопанските и на другите дејности и активности;
- Одржлив урбан развој и просторно планирање;
- Подобрување и развој на локалниот јавен транспорт и сообраќајот на подрачјето;
- Зголемување на енергетската ефикасност и искористување на обновливи извори на енергија;
- Развој на еколошко-културниот туризам и неговото влијание врз животната средина;
- Заштита на биодиверзитетот;
- Одржливо управување и користење на природните богатства;
- Подигање на јавната свест и развој на образованието за заштита и унапредување на животната средина;
- Управување со последиците од економскиот развој врз животната средина и
- Зајакнување на капацитетите нанадлежните субјекти за спроведување на одделните елементи на планот.

Дали е приложена копија од целите?

ДА ☐
НЕ ☒

Резиме на влијанијата врз животната средина (Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)

Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.

Спроведување на Локалниот еколошки акционен план на територијата на Општина Јегуновце ќе резултира со:

- Информирање на јавноста за постојаните проблеми од областа на животната средина во општината,
- Подигање на јавна свест за заштита на животната средина во сите сегменти,
- Создавање услови и локални капацитети за идни инвестиции за решавање на проблемите од областа на животната средина,
- Воспоставена структура за соработка помеѓу секторите во Општина Јегуновце,
- Развиена соработка помеѓу општината и јавните претпријатија, бизнис заедницата и граѓанските организации

Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата	Локалниот еколошки акционен план на Општина Јегуновце има за цел да ги дефинира стратешките цели за заштита на животната средина и да ги одреди најважните програми и проекти кои ќе овозможат ефикасна заштита на животната средина и природата паралелно со обезбедување на економски развој, престанок на миграцијата и поефикасно искористување на претпристапните фондови на ЕУ.

Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето	Имплементацијата на мерките ќе предизвика позитивно влијание врз животната средина и животот и здравјето на луѓето.
Прекугранична природа на влијанијата	Нема
Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);	Нема
Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).	Површината на Општина Јегуновце изнесува 174 км^2 на која гравитираат 17 населени места, од кои 6 населби спаѓаат во групата на планински населби и 11 рамничарски населби со вкупен број на жители од 8895, поделени во 2658 домаќинства.
Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:	
Реализацијата на планскиот документ ќе има позитивен ефект во контекст на заштита на животната средина и економските и социјалните влијанија.	
Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:	
Областа со реализација на ЛЕАП документот ќе добие зголемена вредност од аспект на одржливо користење на природните ресурси и рамномерен развој. Територијата на општина Јегуновце е рурална средина и се соочува со ниски буџетски средства. На својата територија нема значителни индустриски капацитети. Земјоделието и сточарството како гранка до пред скоро време беше развиено на високо ниво, но со секоја изминатa година се намалува како резултат на ниските откупни цени за домашните производи, и сето тоа дополнително ја отежнува состојбата за развој на општината. Овие предизвици резултираат со нагло иселување на младите од општината, се со цел потрага за подобри услови за живот вклучително и чиста животна средина, како основни човекови права и потреби за секојдневен нормален живот. Со донесувањето и реализацијата на ЛЕАПот кој се однесува на целата област на Општина Јегуновце, се очекува да во голема мера се придонесе кон еколошки добра животна средина, но во исто време ќе се создаде основа за нов развој и вработување во руралните капацитети. Во иднина, развојот на руралните области ќе се потпира се повеќе и на другите облати од економијата како на пример туризмот и одржливите извори на енергија.	
Посебни природни карактеристики или културно наследство:	Важна карактеристика на овој регион е што Општина Јегуновце е лоцирана во дел од Националниот парк Шар Планина кој изобилува со природни реткости од аспект на флората и фауната. На Шара се среќаваат 1.500 видови на флора. Фауната во овој регион е автохтона до релативно ендемична. Познат вид од овој регион е кучето од расата Шарпланинец кој е карактеристичен по неговата големина. На подрачјето на Шар Планина исто така постојат 147 видови на пеперутки (највисока разновидност во Европа).

Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности:	Донесувањето на ЛЕАПот може да има позитивно влијание врз квалитетот на животната средина, квалитетот на површинските и подземните води, амбиентниот воздух, квалитетот на почвата и управувањето со отпад.
Интензивна употреба на земјиштето:	Земјоделството и шумарството и понатаму ќе бидат главна дејност во руралните средини. Новитет е дека со примена на агро-еколошки мерки ќе се обезбеди еколошки добра животна средина, но во исто време ќе се создаде основа за нов развој и вработување во руралните капацитети. Во иднина, развојот на руралните области ќе се потпира се повеќе и на другите облати од економијата како на пример туризмот и енергијата.
Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја:	Овој документ ќе има позитивно влијание врз областите и пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.

Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:

Локалниот еколошки акционен план на Општина Јегуновце има за цел да ги дефинира стратешките цели во областа на заштитата на животната средина и да ги одреди најважните програми и проекти кои ќе овозможат ефикасна заштита на животната средина, брз социјален и економски развој, престанок на миграцијата и поефикасно искористување на претпристапните фондови на ЕУ.

Економскиот и социјалниот развој на Општина Јегуновце во иднина треба да се заснова на одржливо користење на природните ресурси и рамномерен развој на урбаните и руралните области. Можности за економски развој се развојот на алтернативен туризам како најбрзо растечка гранка во туристичката индустрија, земјоделството и преработувачката индустрија.

Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):

Општина Јегуновце во овој момент сеуште ги нема утврдено локациите на кои што би се реализирале предвидените проекти. Пред почеток на донесување на одлуките ќе се води сметка тоа да бидат локации кои одговараат на проектот во контекст на зачувување на животната средина. Исто така во предвид мора да се земе и тоа што дел од Општина Јегуновце е лоцирана во 1/2 од заштитната зона на изворот Рашче.

Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој: (Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).

Во ЛЕАПот мерките за заштита и унапредување на природата ќе придонесат за намалување на притисоците и загубите на геодиверзитетот и биолошката разновидност преку интегрирање на геодиверзитетот и биолошката разновидност, подобрени практики за управување во земјоделството и шумарството и примена на мерки за заштита на медиумите од животната средина што ќе резултира со зачувување на природата, одржување на екосистемските услуги и намалување на влијанието врз животната средина.
Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност. (Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)?
Примена на мерките од Локалниот еколошки акционен план ќе придонесат за директно или индиректно намалување на притисоците и заканите врз животната средина, подобрување на начинот на управување со отпадот, културното наследство како и здравјето на населението.
Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена. Локалниот еколошки акционен план (ЛЕАП) за Општина Јегуновце е поврзан со: – Просторен план на РМ – Национален акционен план за животна средина – Национален план за управување со отпад – Втор Национален Еколошки Акционен План – Национална стратегија за одржлив развој Целите на сите наведени плански документи се усогласени со Локалниот еколошки акционен план.
Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.
За реализација на системот за заштита на животната средина потребно е да се почитува: – Селектирано и организирано депонирање на отпадот, – Уредување и озеленување на дворните површини, – Изградба на современа инфраструктура, – Загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина како пред оштетувањето, – Доследно спроведување на предвидените мерки во ЛЕАП документот.
Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува

стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).
При спроведување на предвидените мерки од локалниот еколошки акционен план на општина Јегуновце за дел од активностите ќе биде потребна подготовка на план или проект за кои ќе се изработуваат извештаи за стратегиска оцена за животна средина, студии за оцена на влијанието на проектот врз животната средина или елаборат за заштита на животната средина на ниво на проектна документација, барање за А или Б дозволи за интегрирано спречување и контрола на загадувањето, со посебен осврт на анализите кои се однесуваат на населението (социо-економски аспект), здравје на населението, воздух и клима, почва, вода, биодиверзитет, природно и културно наследство, материјални добра, почва, отпад, бучава и сл. Сите можни влијанија ќе се анализираат во подготвителна, конструктивна и оперативна фаза и ќе се предвидат мерки за нивно намалување или избегнување.

ИЗЈАВА	Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се вистинити, точни и комплетни.
Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот	ГРАДОНАЧАЛНИК Димитар Костадиноски
Датум Место Јегуновце	М.П.



СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Арх.бр./Nr. Arkivi. 15-1266/3
Дата/Data: 22-04-2025

Правен основ

Врз основа на член 65 став 13 од Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и "Сл.весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22), Министерство за животна средина и просторно планирње донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

За планскиот документ Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) 2024-2030 год. кој го донесува, - Општина Јегуновце, потребно е да се спроведе Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина.

Образложение

Општина Јегуновце до Министерството за животна средина и просторно планирање достави, Одлука за неспорведување на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина под бр. 09-595/1 од 12.03.2025 год.

Baza ligjore

Në përputhje me nenin 65, paragrafi 13 të Ligjit për Mjedisin (gazeta zyrtare e RM-së nr. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 dhe 99/18 dhe gazeta zyrtare e RMV-së nr. 89/22 dhe 171/22), Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimin Hapësinor nxori:

A K T V E N D I M I N

Për zbatimin e Vlerësimit Strategjik të Ndikimit ndaj Mjedisit Jetësor

Për dokumentin planifikues "Plani Lokal i Veprimit për Mjedisin" (PLVM) 2024-2030 i cili miratohet nga Komuna e Jegunovcit, është e nevojshme të kryhet një Vlerësim Strategjik i Ndikimit në Mjedis.

Arsyetim

Komuna e Jegunovcit dërgoi në Ministrinë e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor, Vendimin për mosrealizimin e Vlerësimit Strategjik të Ndikimit në Mjedis me nr. 09-595/1 nga data 12.03.2025 dhe formularin me

Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

и формулар под бр. 11-595/1 од 12.03.2025 год., за изработка на плански документ Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) 2024-2030 год. кој го донесува, - Општина Јегуновце.

По разгледување на Одлуката и формуларот се констатира дека, со планскиот документ се опфатени области како што се: заштита на води, управување со отпад, почва, биодиверзитет и природно наследство и шумарство.

Исто така во предвид мора да се земе дека посоченият опфат се наоѓа во границите од заштитената зона на изворот Рашче.

Важна карактеристика на овој регион е што Општина Јегуновце е лоцирана во дел од Националниот парк Шар Планина.

Во контекст на понапред кажаното, согласно член 65 став (2) од Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и "Сл.весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22) и согласно член 1 и член 3 став (11) и (17) од Уредба за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната

nr. 11-595/1 nga data 12.03.2025, për përgatitjen e dokumentit planifikues Plani Lokal i Veprimit për Mjedisin (PLVM) 2024-2030 i cili miratohet nga Komuna e Jegunovcit.

Pas shqyrtimit të Vendimit dhe formularit konstatohen këto: Në dokumentin planifikues janë përfshirë fusha si: Menaxhimi i mbetjeve, toka, trashëgimia natyrore dhe pylltaria. Po ashtu, duhet të merret parasysh se kjo zonë përfshihet brenda kufijve të zonës së mbrojtur të burimit Rashçe.

Një karakteristikë e rëndësishme e këtij rajoni është se Komuna e Jegunovcit është e vendosur në një pjesë të Parkut Kombëtar Shar Planina.

Në kuadër të kësaj, sipas nenit 65 paragrafi (2) të Ligjit për Mjedisin ("Gazeta Zyrtare e RM" nr. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 dhe 99/18 dhe "Gazeta Zyrtare e RMV" nr. 89/22 dhe 171/22) dhe sipas nenit 1 dhe nenit 3 paragrafët (11) dhe (17) të Dekretit për strategjitë, planet dhe programet, përfshirë ndryshimet në këto strategji, plane dhe programe, për të cilat është e detyrueshme të realizohet një procedurë për vlerësimin e ndikimit të tyre në mjedis dhe në jetën dhe shëndetin e njerëzve ("Gazeta Zyrtare e

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

средина и врз животот и здравјето на луѓето ("Сл.весник на РМ" бр. 153/07 и 45/11), за изработка на плански документ Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) 2024-2030 год. кој го донесува, - Општина Јегуновце,

Министерството за животна средина и просторно планирање, Ве задолжува да спроведете Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина и здравјето на лугето.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на Решението.

RM" nr. 153/07 dhe 45/11), për përgatitjen e dokumentit planifikues Plani Lokal i Veprimit për Mjedisin (PLVM) 2024-2030 i cili miratohet nga Komuna e Jegunovcit.

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor, ju ngarkon të realizoni Vlerësimin Strategjik të Ndikimit në Mjedis dhe Shëndetin e Njerëzve.

MËSIM LIGJOR: Kundër këtij Aktvendimi mund të iniciohet një kontest administrativ para gjykatës përkatëse brenda 15 ditëve nga pranimi i Aktvendimit.

МИНИСТЕР/MINISTËR
Izet Mexhiti

Изработил/Përpiloi: Бајрам Цамиќ, советник/ këshilltar
Контролирал/Kontrolloi: Дајана Марковска Ристеска,
Помошник раководител на сектор/ndihmës udhëheqës i sektorit
Одобрил/Miratoi: Nebi Rexhepi, раководител на сектор/udhëheqes sektori

Одобрил/Miratoi: Resmi Ejupi-Државен секретар/Sekretar shtetëror
Кабинет на министер / Kabineti i ministrit
Согласен / Me pëlqim të: Посебен советник на Кабинет на министер/ Këshilltar i posaçëm i Kabinetit të Ministrit
Husamed Agushovski
Посебен советник на Кабинет на министер/ Këshilltar i posaçëm i Kabinetit të Ministrit
Nedim Rama

Доставено и до:

- Архива
- Органот

* Решението се објавува на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање www.moepp.gov.mk

Dërguar edhe :
- Arkivës
- Organit

* Vendimi publikohet në faqen zyrtare të Ministrisë së Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor www.moepp.gov.mk

Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk